Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

WWW.MVR.GOV.MK

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2024

*Министерство за внатрешни работи*

*Биро за јавна безбедност*

*Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа*

*Бр.23.4-555/1*

*10.04.2025 година*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2024 ГОДИНА

www.mvr.gov.mk

РЕЗИМЕ ..... 10
1.РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО ..... 11
1.1. ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА ..... 12
1.2.ОДДЕЛ ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 16
1.3.ОДДЕЛ ЗА ИНФОРМАТИКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ..... 22
1.4.ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ ..... 24
1.5 ОДДЕЛ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ..... 28
1.6 ОДДЕЛ ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ ..... 30
1.7. ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ ..... 32
1.8. ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА ..... 35
1.9 ОДДЕЛ ЗА ПРЕКРШОЦИ ..... 37
1.10 ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ ..... 37
1.11 ЦЕНТАР ЗА ОБУКА ..... 39
2. СОСТОЈБИ СО КРИМИНАЛ, ЈАВЕН РЕД И МИР, СООБРАЌАЈ И ГРАНИЧНА БЕЗБЕДНОСТ ..... 40
2.1 СОСТОЈБИ И ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ ..... 41
2.2 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА ..... 43
2.3 ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ..... 44
2.4 КОРУПЦИЈА И ПЕРЕЊЕ ПАРИ ..... 45
2.4.1 КОРУПЦИЈА ..... 45
2.4.2 ПЕРЕЊЕ ПАРИ ..... 48
2.5 КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..... 49
2.5.1 КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ ..... 49
2.5.2 ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..... 50
2.6 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ ..... 52
2.6.1 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА ..... 52
2.6.2 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ ..... 55
2.7 КРИУМЧАРЕЊЕ АКЦИЗНИ И ДРУГИ ВИДОВИ СТОКИ ..... 56
2.8 КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛИТЕТ ..... 58
2.8.1 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО ..... 58
2.8.1.1 УБИСТВА ..... 58
2.8.1.2 ОБИДИ ЗА УБИСТВА ..... 58
2.8.1.3 САМОУБИСТВА ..... 59
2.8.1.4 НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ-ЗАДЕСИ, НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ ПРИ РАБОТА ..... 59
2.8.1.5 ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ ..... 59
2.8.1.6 НАСИЛСТВО ..... 60
2.8.2 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТ ..... 61
2.8.2.1 ТЕШКИ КРАЖБИ ..... 61
2.8.2.2 РАЗБОЈНИШТВА ..... 62
2.8.2.3 ИЗМАМИ ..... 63
2.8.2.4 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ..... 64
2.8.3 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И МОРАЛ ..... 64

2.8.4 СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ..... 65
2.8.5 ПОЖАРИ ..... 66
2.8.6 КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА ..... 66
2.9 ЕКОНОМСКИ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ ..... 68
2.9.2 КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ ..... 70
2.10 ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ ..... 72
2.10.1 ГРАНИЧНИ ОПЕРАЦИИ И СОРАБОТКА ..... 72
2.10.2 ГРАНИЧНИ ПРОВЕРКИ И ГРАНИЧЕН НАДЗОР ..... 74
2.10.3 КОНТРОЛА НА ДВИЖЕЊЕ, ПРЕСТОЈ НА СТРАНЦИ И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ..... 75
2.10.3.1 ПРОТОК НА ПАТНИЦИ ..... 75
2.10.3.2 НЕДОЗВОЛЕН ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ..... 76
2.10.3.3 ПРЕСТОЈ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ПО РАЗНИ ОСНОВИ, ПРЕЗЕМЕНИ ПРЕКРШОЧНИ И КРИВИЧНИ МЕРКИ ..... 77
2.11 ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ..... 79
2.11.1 БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ..... 80
2.12 ЈАВЕН РЕД И МИР ..... 81
2.12.2 ПРОТЕСТНИ СОБИРИ ..... 82
2.12.1 ПРЕКРШОЦИ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР ..... 82
2.12.3 НАСИЛНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИ ВО УЧИЛИШТА ..... 83
2.12.4 НАСИЛСТВО НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ..... 83
2.12.5 НАПАДИ ВРЗ ОВЛАСТЕНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ..... 84
2.12.6 ТОЧЕЊЕ АЛКОХОЛ И ПРИСУСТВО НА ДЕЦА ВО УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ И НОЌНИ БАРОВИ ..... 85
2.13 БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ ..... 86
2.13.1 СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ ..... 86
2.13.2 НАСТРАДАНИ ЛИЦА ..... 88
2.13.3 ПРЕВЕНТИВНО РЕПРЕСИВНИ МЕРКИ ..... 89
3. ОСТАНАТИ ПОЛИЦИСКИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ..... 91
3.1 ЕДИНИЦА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, СТАНДАРДИ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ ..... 92
3.2 НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН И СЕРИОЗЕН КРИМИНАЛ ..... 93
3.3 ОДДЕЛ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ..... 94
3.4 ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ И АНАЛИЗА ..... 95
3.5 ОДДЕЛ ЗА ФОРЕНЗИЧКИ ИСПИТУВАЊА ..... 97
3.6СЕКТОР ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА СОСТОЈБИ ..... 99
3.7 ОДДЕЛ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ПОЛИЦИСКИ ОПЕРАЦИИ ..... 100
3.8 ОДДЕЛ ЗА ЗАШТИТА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ ..... 101
3.9 ОДДЕЛ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНИ ЕДИНИЦИ ..... 101
3.10 ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА ..... 102
3.11 СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА ..... 103

| број | Табеларни прикази |
| --- | --- |
| 1. | *Активности на Одделение за протоколарни настани и активности* |
| 2. | *Имплементација на проекти во рамки на Сектор за ИПА и програми на заедницата* |
| 3. | *Преземени активности во рамки на проекти* |
| 4. | *Број на новорегистрирани и пререгистрирани парчиња оружје и издадени решенија за одземање на оружје* |
| 5. | *Донесени решенија по разни основи* |
| 6. | *Преземени мерки за утврдени неправилности против вработени во Министерството* |
| 7. | *Реализирани активности на Одделот за општи и заеднички работи* |
| 8. | *Вкупен криминалитет* |
| 9. | *Вкупен криминалитет по СВР* |
| 10. | *Број на кривични дела против државата по вид* |
| 11. | *Сузбиени ОКГ по област на криминал во 2024 година* |
| 12. | *Состојби во областа на корупцијата по СВР за 2024/2023 година* |
| 13. | *Откриени случаи, кривични дела, сторители на криумчарење мигранти* |
| 14. | *Спроведени акциски контроли во угостителски објекти 2022-2024 година* |
| 15. | *Број на кривични дела трговија со дете по член 418-г од КЗ на Северна Македонија* |
| 16. | *Откривачка функција во областа на недозволена трговија со дрога по СВР за 2024/2023 година* |
| 17. | *Запленета дрога и психотропни супстанции според вид и количина за 2024/2023 година* |
| 18. | *Кривични дела, сторители и заплени недозволена трговија со оружје* |
| 19. | *Регистрирани кривични дела недозволена трговија со оружје по СВР* |
| 20. | *Регистрирани убиства по Сектори за внатрешни работи – 2024/2023 година* |
| 21. | *Регистрирани кривични дела „предизвикување општа опасност“ по Сектори за внатрешни работи – 2024/2023 година* |
| 22. | *Регистрирани кривични дела „насилство“ по Сектори за внатрешни работи – 2024/2023 година* |
| 23. | *Кривични дела тешки кражби во период 2024/2023 година* |
| 24. | *Кривични дела измама во период 2024/2023 година* |
| 25. | *Кривични дела од семејно насилство по СВР во период 2024/2023 година* |
| 26. | *Кривични дела и сторители од економски криминалитет во период 2024/2023 година* |
| 27. | *Учество во меѓународни програми и проекти* |
| 28. | *Проток на патници по граници во период 2024/2023 година* |
| 29. | *Топ пет гранични премини со проток на патници во период 2024/2023 година* |
| 30. | *Најчести причини за недозволен влез на странски државјани* |
| 31. | *Најчести причини за недозволен излез на странски државјани* |
| 32. | *Издадени дозволи за привремен престој на странски државјани* |
| 33. | *Престој на странски државјани во Северна Македонија до три месеци по разни основи* |
| 34. | *Спречени обиди за илегални преминувања во 2024/2023 година* |
| 35. | *Спречени обиди за илегални преминувања според земја на потекло 2024/2023 година* |

36. *Прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка и број на сторители*
37. *Топ пет прекршоци за кои се поднесени барања по ЈРМ*
38. *Примени пријави за извршени напади врз ОСЛ*
39. *Активности – стручни мислења во доменот на сообраќајот*
40. *Сообраќајни незгоди со потешки последици по СВР*
41. *Настрадани лица по СВР*
42. *Локации со најголем број сообраќајни незгоди со смртни последици*
43. *Регистрирани прекршоци од областа на сообраќајот по СВР*
44. *Учество во проекти на Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет*
45. *Активности и учество на настани на ОЗОЛО*
46. *Активности на Единицата за службени кучиња*

| број | Графикони |
|---|---|
| 1. | *Активности на Секторот за односи со јавност* |
| 2. | *Активности на Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет* |
| 3. | *Позначајни активности за унапредување на усогласеноста на Северна Македонија со стандардите на Европската Унија* |
| 4. | *Потпишани и реализирани активности на Секторот за меѓународна соработка* |
| 5. | *Број на издадени лични документи, уверенија за државјанства, регистрирани возила* |
| 6. | *Преземени активности во делот на набавка на оружје* |
| 7. | *Преземени активности во делот на нормативно-правни работи* |
| 8. | *Преземени активности по примени претставки, поднесоци и службени материјали* |
| 9. | *Донесени решенија/регистри за распределба на вкупниот одобрен Буџет за 2024 година* |
| 10. | *Преземени активности на Одделот за прекршоци* |
| 11. | *Вкупен број на кривични дела по вид на криминалитет* |
| 12. | *Кривични дела извршени од деца* |
| 13. | *Кривични дела, сторители, мат. штета од областа на корупцијата во 2024 година* |
| 14. | *Најдоминантни кривични дела со елементи на корупција 2022-2024 година* |
| 15. | *Кривични дела „перење пари“ и сторители 2018-2024 година* |
| 16. | *Откриени случаи на криумчарење мигранти, кривични дела и сторители 2023/2024 година и криумчарени мигранти по земја на потекло во 2024 година* |
| 17. | *Број на странски државјанки по земја на потекло во 2024 година* |
| 18. | *Кривични дела и сторители од недозволена трговија со дрога 2024/2023 година* |
| 19. | *Кривични дела од областа на криумчарење акцизна стока* |
| 20. | *Самоубиства по Сектори за внатрешни работи* |
| 21. | *Тешки кражби во период од 2020-2024 година и Најзастапени објекти за вршење тешки кражби во 2024 година* |
| 22. | *Разбојништва по Сектори за внатрешни работи во период од 2023/2024 година и Најзастапени објекти за вршење разбојништва во 2024 година* |
| 23. | *Кривични дела од културно наследство* |
| 24. | *Кривични дела против половата слобода и морал во период 2024/2023 година* |

25. *Жртви на кривични дела од семејно насилство според категорија*

26. *Кривични дела од омраза за период 2024/2023*

27. *Регистрирани кривични дела од омраза според вид*

28. *Покарактеристични кривични дела од економски криминал*

29. *Состојби во областа на компјутерскиот криминал за период 2024/2023 година*

30. *Покарактеристични кривични дела од компјутерски криминал*

31. *Учество во заеднички оперативни активности*

32. *Најзастапени кривични дела извршени од странски државјани*

33. *Прекршочни пријави против странски државјани по вид на закон и земја на потекло*

34. *Обиди за илегални преминувања спречени при влез/излез на граница со Грција/Србија*

35. *Баратели на азил по земја на потекло*

36. *Преземени мерки во врска со нарушување за време на прославата на Денот на албанското знаме*

37. *Топ пет прекршоци за кои се поднесени барања по ЈРМ*

38. *Нарушувања на спортски натпревари според вид*

39. *Активноста на НКЦСОСК и примени барања од институциите 2023/2024 година*

40. *Размена на информации и соработка со ЕВРОПОЛ*

41. *Размена на оперативни информации со СЕЛЕК*

Почитувани,



Отсекогаш сум сметал дека сумирањето на резултатите од институционалното работење и нивното презентирање пред граѓаните и пошироката јавност претставува едно од основните начела на транспарентноста и отчетноста во работата на секоја државна институција, а во овој случај – Министерството за внатрешни работи.

Овој принцип, кој денес е широко прифатен како клучен општествен стандард, има значење од најмалку три аспекти: прво, овозможува јасен увид во тоа колку и како се работело во одреден временски период; второ, ни помага да ги идентификуваме нашите предности и слабости, што понатаму покажува каде треба да продолжиме со исто темпо, а каде да се коригираат можни грешки и трето – но не помалку важно – дава простор за споредбена анализа и долгорочно планирање на стратегии и концепти, и на општо и на сегментно ниво, во однос на организациското и структурното функционирање на институцијата и нејзиниот професионален кадар.

Без намера да прејудицираме или да наметнуваме заклучоци – тие ги оставаме на јавноста – од перспектива на Министерството за внатрешни работи, сметам дека со право, врз основа на постигнатите резултати, можеме да кажеме дека во 2024 година полицијата направи значителен квалитативен напредок во ефикасноста на своето работење, а особено во сферата на превентивното делување, споредено со состојбата од пред неколку години.

Имено, колку за илустрација, на почетокот, начекавме хаос, ситуацијата беше на работ на колапс, но со натчовечко залагање на сите вклучени, успеавме да воведеме ред во издавањето на лични документи. Никогаш повеќе македонскиот граѓанин нема да биде понижен со бескрајни редици и изгубени часови. Воведуваме одржливи решенија преку дигитализација и автоматизација на процесите. Дигиталната апликација за добивање дозвола за оружје е веќе реалност. Спроведовме темелна истрага за злоупотребите во овој дел во минатото и резултатите се јасни – десетици вработени кои ја злоупотребиле својата позиција веќе не се дел од системот и против нив се поднесени кривични пријави.

Набавивме и ставивме во функција нова машина за лични карти и возачки дозволи. Исто така, го промовиравме целосно автоматизираното издавање на електронско државјанство и тука нема да застанеме. Секоја услуга ќе биде подостапна, поефикасна и потранспарентна.

Што се однесува до проектот “Безбеден град“ сакам да истакнам дека тој не е само техничко решение, туку визија. Затоа, ја менуваме регулативата, креираме системско решение кое ќе ги адресира двете клучни компоненти – подобрување на криминалистичките

истраги и сообраќајната безбедност. Очекуваме „Безбеден град" не само да ја подобри безбедноста, туку и да ја промени културата на сообраќајот и да го намали бројот на жртви, а во наредните години да прерасне и во "Безбедна држава".

Законот стигна до секого, а ќе стигне и до оние кои мислат дека можат да се сокријат. Борбата со корупцијата продолжува со несмалено темпо.

Вложуваме во луѓето и во инфраструктурата. Реновираме клучни објекти како Центарот за обука во Идризово, веќе сме во почетна фаза на изградба на неколку нови полициски станици, постепено го модернизираме возниот парк со нови возила и во тој контекст планираме следната година да обновиме поголем дел од возниот парк. Работиме на набавка на нови и редизајнирани униформи, примена на современи технолошки решенија во полициското работење, воведување на дронови и современи системи за заштита на границите исто така се дел од нашиот план.

Дополнително, со поинтензивното вклучување на полицијата во меѓуинституционалната соработка – особено на локално ниво, нашето приближување и партнерство со локалните заедници и граѓаните ја позиционира полицијата како клучен актер во превентивното делување во сите области на безбедноста. Всушност, континуираното и квалитетно работење на Министерството, поткрепено со јасно видлив нагорен тренд во резултатите, претставува силна потврда дека полицијата и во наредните години може одговорно и професионално да продолжи во истата, посакувана насока – како ефикасен и кредибилен гарант на безбедноста и сигурноста на граѓаните, на правниот поредок, јавниот ред и мир и на општеството во целина.

На крајот, сакам да порачам дека македонската полиција повторно ќе стане гордост за секој граѓанин и дека повторно ќе претставува чест да се биде полицаец. Ќе продолжиме да работиме посветено, одговорно и со јасна визија за иднината.

***Министер за внатрешни работи***
***Панче Тошковски***

# РЕЗИМЕ

Предметниот извештај содржи статистички и квантитативни податоци за извршените работи во 2024 година, при што во истиот е даден акцент на полициските работи и обезбеден е приказ на ефикасноста и позначајните резултати кои се остварени од страна на Министерството за внатрешни работи.

Годишниот извештај на Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија за 2024 година структурално е поделен на три целини:

**Првата целина** содржи извештаи за работата на организациските единици кои се формирани за потребите на Министерството за внатрешни работи, за што прикажани се активностите и работни задачи кои се позначајни по обем и квалитет, со акцент на развојните и проектните активности, како и активностите кои се од важност за реализација на стратешките документи и годишните планови и програми.

**Втората целина** содржи аналитички наоди и информации за криминалот, јавниот ред и мир, сообраќајот и граничната безбедност, во чии рамки презентирани се официјални статистички податоци за кривични дела и прекршоци и обезбеден е аналитички приказ на состојбите, трендовите и движењето на криминалитетот по области, вклучувајќи ги и податоците за ефикасноста на полицијата.

Во **третата целина** поединечно е даден извештај за работата на организациските единици кои се формирани на стратешко и централно ниво во Бирото за јавна безбедност, во чии рамки презентирани се и позначајните активности на Бирото.

# 1.РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО



## 1.1.ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА



Министерството за внатрешни работи продолжува да биде отворена и транспарентна институција пред граѓаните, преку навремено информирање и активна соработка со медиумите, граѓанските организации и граѓаните, водејќи се и почитувајќи ги начелата на професионалност, транспарентност и отчетност, а притоа имајќи ги во предвид правичноста и законските ограничувања, во насока на континуирано градење на довербата и воспоставување на партнерски однос помеѓу граѓаните и полицијата.

Секторот за односи со јавност и протокол, успешно ги применуваше и реализираше активностите во делот на секојдневното информирање на јавноста преку разните комуникациски форми, помеѓу кои најчесто практикувани начини се брифинзи и секојдневна телефонска комуникација со новинарите, соопштенија за медиумите, одржување и редовно ажурирање на Веб страницата и Фејсбук страницата на МВР, преку организација на прес-конференции и други настани, медиумски кампањи и проекти за превенција. Потоа вршеше координирање на локалните канцеларии за односи со јавност, со цел навремено, точно и детално информирање и овозможување пристап до информациите на сите новинари или други баратели на податоци од доменот на полициското работење. Реализирани се следните активности:

| ИНФОРМАЦИИ | ОДГОВОРИ | ИЗВАДОЦИ | ЈАВНИ ОБЈАВИ | ВИДЕА |
|---|---|---|---|---|
| Обработени информации кои во форма на соопштенија се јавно објавени на веб страницата и дистрибуирани до сите медиумски сервиси. | Одговорени писмени барања добиени од новинари, медиуми и граѓани. | Објавени извадоци на дел од дневните настани. | На веб страната на МВР прикачени се јавни објави за доставување од сите Одделенија за прекршоци при Министерството. | Објавени се активностите на раководниот кадар на Министерството полициски акции и едукативни видеа за граѓаните. |
| 3.932 | 3.258 | 366 | 4.500 | 284 |

Поднесени се 219 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.
Позитивно е одговорено на 189 барања, делумно се одговорени шест барања, 11 барања согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се препратени до други институции надлежни за одговор, а три барања се повлечени поради нејасна содржина, додека одбиени се четири барања. Вложени се осум жалби против првостепени одлуки (решенија) на министерството од кои две се усвоени, две се третираат како претставки, а четири се одбиени како неосновани.

| ЕЛЕКТРОНСКИ ПОРАКИ | МЕДИУМСКИ КАМПАЊИ ПРОЕКТИ | СООПШТЕНИЈА ИЗЈАВИ |
|---|---|---|
| од граѓани и институции на официјалните контакт електронски адреси, кои во најбрз можен рок се одговорени или препратени до надлежни служби од Министерството. | Објавени соопштенија и објави на интернет страната и на социјалните медиуми на Министерството во со превентивна улога | Кои се испратени во координација со локалните канцеларии за односи со јавност, за реализирани настапи од доменот на полициските активности |
| 6.000 | 432 | 2.200/600 |

**Графички приказ бр.1– Активности на Секторот за односи со јавност**

Одделението за протоколарни настани и активности планираше, подготвуваше, организираше бројни настани, средби и конференции и беше протоколарна поддршка на раководниот менаџмент и сите организациски единици во Министерството. Во текот на 2024 година се издвојуваат следните активности:

| | | |
|---|---|---|
| 81 средби со акредитирани амбасадори во Северна Македонија, Полициски аташеа, претставници на меѓународни организации, странски делегации; | 147 работни посети на Сектори, Одделенија и Единици за внатрешни работи, Полициски станици од општа надлежност, Регионални центри за гранични работи и Полициски станици за граничен надзор и контрола; | учество на 44 годишни конференции, форуми, експертски групи, панел дискусии и настани; |
| 27 средби со претставници на министерства, синдикати, ОЈО, невладини организации, Факултети, НОБ, Комисии, општини, ТАВ, АНБ, РСБСП, ЗНМ; | 11 средби со странски министри за внатрешни работи | четири доделени донации, предадена опрема; |
| Осум присуства на промотивни активности; | седум потпишани Меморандуми за соработка и договори; | одржана Заедничка вежба на ЕБР при БЈБ со БСС „Волци” при АРСМ; |
| пет организирани Јубилејни настани на МВР; | 43 реализирани интервјуа, изјави за медиуми и новогодишна платформа; | одржани две кампањи „До Вас за Вас“ на Бирото за јавна безбедност. |

**Табеларен приказ бр.1– Активности на Одделение за протоколарни настани и активности**

Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет реализираше активности во насока на следење и евалуација на стратегии и проекти на ниво на МВР, при што од страна на носителите на активностите започнато е со внесување на податоци во Електронската евиденција на стратегии и проекти, а исто така во однос на процесот за изработка и следење на стратегии во Министерството се мониторира реализацијата на Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2024–2026 година и во овој дел изработени и проследени се квартални извештаи и годишна информација за степенот на реализација во претходната година.

Во рамки на процесот на стратешко планирање беше изработен и објавен Стратешкиот план на МВР 2024-2026 година, а следењето на имплементацијата и нивото на реализација на активностите беше согласно Годишниот план за работа на МВР за 2024 година. Покрај ова, беше изработен и Нацрт-Стратешки план на МВР за периодот 2025-2027 година, Иницијативи на МВР за потребите на Годишната програма за работа на Владата на Северна Македонија за 2025 година и предложени проекти на Министерството содржани во Програмата за работа на Владата 2024-2028 година.




**Графички приказ бр.2- Активности на Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет**

Во делот за управување со квалитет согласно барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015 од страна на  вработени од Секторот реализирани  се две основни обуки за 26 вработени од девет организациски единици за потребите на Министерството. Исто така, во насока на подобрување на системот за менаџмент со квалитет  (СМК)  спроведена е Ресертификација на организациски единици за потребите на МВР, Сертификација и Имплементација  на системот за управување со квалитет во Одделот за дисциплински и судски постапки, а донесени се две процедури и прирачник за квалитет.

Во текот на годината во организациските единици опфатени во опсегот на системот беше спроведена надзорната  проверка  АУДИТ - фаза 2, од страна на сертификациското тело АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје, при што во извештајот наведено е дека имплементираниот систем за управување со квалитет функционира и се развива ефективно во насока исполнување на барањата поставени од организациските единици, клиентите и важечките нормативни и законски барања, не се констатирани неусогласености, а дадени се препораки за унапредување на системот.

Секторот за безбедност на информации од аспект на надлежностите насочени кон заштитата на класифицираните информации, имплементација на активностите кои произлегуваат од членство во НАТО и зајакнување на информациската безбедност, континуирано преземаше мерки и активности со цел постапување по законските обврски од

делот на административна, физичка, персонална и информатичка безбедност на класифицирани информации. Преземени се активности за прием, евидентирање и распоредување на странските класифицирани информации кои се отстапени на користење, даден е придонес во координација на активностите со Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ), организациските единици на МВР и други служби вклучени во системот за заштита на класифицирани информации, иницираше постапки за сертифицирање на вработените и издаваше безбедносни сертификати.

Потоа, беа координирани и активностите за оперативно тактичките полициски служби, при што се спроведуваше инструкторско-надзорна контролна функција за соодветно постапување и спроведување на истраги по пријави за нарушување на безбедноста на класифицираните информации. Назначени се офицер за безбедност на класифицирани информации од Министерството и офицер за заштита на лични податоци за Министерството, а активно е работено на зајакнување на меѓународната билатерална соработка во доменот на безбедност и заштита на класифицирани информации преку работна група за Преговори за склучување на безбедносни аранжмани со Израел, Латвија, Молдавија.

Редовно беа ажурирани податоците во евиденциите за издадени национални, НАТО и ЕУ безбедносни сертификати, странските класифицирани информации во министерството и за лицата корисници на истите, како и за електронската база за безбедносни сертификати и безбедносни дозволи.

Во рамки на информациската безбедност беа преземани мерки за давање поддршка во размената на ЕУ класифицирани информации преку SIENA системот на ЕВРОПОЛ, а реализирани се активности за управување со крипто-клучевите за безбедност на депониран електронски сертификат на МВР за воспоставување на дигитални услуги преку системот на Министерство за дигитална трансформација (Е-услуги).

Секторот активно учествуваше во планирањето, организирањето и координирањето на организациските единици на МВР при реализирањето на осум НАТО вежби, една НАТО конференција, како и континуирано преземање активности во согласност со SOFA-договорот и HNS-концептот за непречено реализирање на влез, транзит, престој на силите на НАТО низ територијата на нашата земја. Во поглед на меѓуинституционалната соработка учествувано е на повеќе состаноци/работилници со Министерството за одбрана, Центарот за управување со кризи, Институтот за безбедносно управување на САД, Амбасадата на САД во Скопје и Комитетот за отпорност на НАТО. Голем придонес е остварен преку учеството во повеќе работни групи и комитети за координација на активностите поврзани со НАТО, справување со кризни состојби, заедничка надворешна и безбедносна политика, размена и взаемна заштита на класифицираните информации, упатување на персонал во меѓународни мисии и операции, реализирање на активности од планот за имплементација на Резолуција 1235 на ООН „Жени, мир, безбедност", како и при изработка на значајни системски документи.

Во насока на запознавање на нормативниот аспект за класифицирани информации од страна на секторот беа спроведени обуки, на кои присуствуваа 723 вработени во Министерството за внатрешни работи, обуки за безбедност на електронски пренос на класифицирани информации за вработени од АНБ, обуки за крипто-заштита на 16 учесници од МО, ГШ, МНР и МВР, како и обука за заштита на лични податоци за 550 вработени од Одделот за граѓански работи.

## 1.2. ОДДЕЛ ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за преговори и евроинтеграции успешно ги координираше и учествуваше во низа активности за унапредување на усогласеноста на Северна Македонија со стандардите на Европската Унија во областа на **Поглавјето 24 - Правда, слобода и безбедност и истиот одигра клучна улога во организирањето и ко-претседавањето на 18-тиот Поткомитет за правда, слобода и безбедност,** кој се одржа во март 2024 година во Скопје, како хибриден состанок кој ги обедини претставниците на Европската комисија, кои дел присуствуваа физички, а дел преку онлајн платформа, во врска со што беа подготвени и обезбедени материјали и номинации, како и извештаи за спроведување на препораките од оценската мисија за организиран криминал.

Секторот ги координираше и активностите кои произлегуваат од **Реформската агенда 2024-2027, односно Планот за раст за земјите од Западен Балкан за периодот од 2024-2027,** кој е во рамки на петтиот приоритет во областа „Владеењето на правото“ и кој од Владата беше усвоен на 12 ноември 2024 година  и за прв пат беше објавен од Европската комисија заедно со пакетот за проширување, кој е со цел за намалување на економските диспаритети на земјите од регионот во споредба со земјите членки на ЕУ, со главната цел за некои од придобивките од членство во Унијата да се стават на располагање на граѓаните на земјите од Западен Балкан во пред пристапниот период. Овој процес претставува имплементација на сеопфатни и длабоки неповратни реформи и усогласување на економските системи, како и на законодавството на земјите од Западен Балкан, со законодавството и стандардите на ЕУ, при што процесот на економска интеграција нуди потенцијал за забрзан развој и значајни придобивки за двете страни.





- ✓ ПОГЛАВЈЕ 24-ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ (18-ти Поткомитет за правда, слобода и безбедност)-05 и 06.03.2024 година
- ✓ ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО (Реформска агенда-План за раст за земјите од Западен Балкан 2024-2027 година) усвоен на 12.11.2024 година
- ✓ СТРАТЕГИЈА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ 2024-2028 година
- ✓ АДМИНИСТРАТИВЕН АРАНЖАН ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во рамки на Европската мрежа за миграции-28.10.2024 година

**Графички приказ бр.3 - Позначајни активности за унапредување на усогласеноста на Северна Македонија со стандардите на Европската Унија**

Секторот ги координираше и активностите за подготовка на **новата Стратегија за зајакнување на капацитетите за финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2024–2028 година,** која е проследена со Акциски план, а истиот учествуваше и во подготовката и преводот на придонесите за Годишниот извештај на Европската комисија за

2024 година кои беа доставени до Министерството за европски прашања. Меѓународната соработка дополнително се зајакна со учеството на Состанокот на високи претставници за правда и внатрешни работи на Западен Балкан, одржан на 16 април 2024 година во Брисел, Белгија, под претседателството на Белгија со Европскиот совет, каде присуствуваа и претставници од овој Оддел, а Секторот активно се вклучи и во клучни регионални настани и подготви материјали за учество на Министерски форум за правда и внатрешни работи ЕУ-Западен Балкан, кој се одржа во октомври 2024 година во Будва, Црна Гора. Секторот работеше и на одобрувањето на **Административниот аранжман за соработка меѓу Европската комисија и Северна Македонија во рамки на Европската мрежа за миграции** кој беше потпишан на 28 октомври 2024 година во Будва, Црна Гора, при одржување на Министерскиот форум за правда и внатрешни работи ЕУ-Западен Балкан, за што иницијативата за пристапување произлезе од скрининг состанокот за Поглавје - 24. Со зачленување во мрежата во улога на набљудувач, Министерството за внатрешни работи се обврза да споделува информации за состојбата со миграцијата и азилот во државата, во транспарентна соработка со останатите учесници, при што добива пристап до ажурирани, објективни, веродостојни и споредливи информации генерирани во рамки на мрежата за ситуацијата со азилот и миграцијата во земјите членки на ЕУ, кои се предмет на протоколи за доверливост и споделување информации според Правилата за заштита на податоците на Унијата.

Секторот за меѓународна соработка остварува целосна, ефикасна и ефективна соработка со останатите Министерства за внатрешни работи со цел унапредување, координирање и спроведување на билатералните активности, како и со регионалните и меѓународните организации и иницијативи во кои членува нашето Министерство. Согласно утврдените надлежности, Секторот ја организира, координира и унапредува билатералната и мултилатералната соработка на МВР со други соодветни Министерства, меѓународни институции и организации за прашања од областа на безбедноста со подготовка и склучување на меѓународно-правни акти и имплементација на истите. Во оваа насока Секторот активно учествуваше во подготовката на материјали и позиции на Министерството за внатрешни работи при учество на високи негови претставници на билатерални и мултилатерални средби, форуми, состаноци и конференции, обезбедуваше логистичка и стручна поддршка за реализација на студиски патувања, семинари, работилници и друг вид на настани за други припадници на Министерството за внатрешни работи. Претставници од Секторот учествуваа на состаноци на управни органи и тела на меѓународни организации во кои членува Министерството за внатрешни работи застапувајќи ги неговите интереси, поднесувајќи иницијативи и предлози за подобрување на функционалноста и поддршката на истите.

Преку надлежностите на овој Сектор во 2024 година **потпишани и реализирани се 12 договори за донација, од кои 10 се службите на Сојузна Република Германија и по еден со САД и Обединето кралство на Велика Британија и Северна Ирска, а потпишани се пет билатерални договори и тоа два со Обединети Арапски Емирати и по еден договор со Обединето кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Косово и Сојузна Република Германија.** Во соработка со Организацијата на обединети нации- ООН реализирани се пет билатерални средби на Министерот со претставници на ООН, УНХЦР, УНДП, УНИЦЕФ и пет учества со високо раководство на конференции или друг вид настани на ООН -ЗМВР. Во текот на годината **потпишана е Годишна програма за соработка со УНХЦР** за 2024 година, како и

Работен план за истото, а со Совет на Европа реализирана е билатерална средба на Министерот. Во рамки на активностите со ОБСЕ потпишан и реализиран е еден Договор за донација, реализирани се четири билатерални средби и три учества на конференции, панел дискусии или друг вид настани.

ПОТПИШАНИ:

- ✓ 12 ДОГОВОРИ ЗА ДОНАЦИЈА :
  - ✓ 10 СО СЛУЖБИТЕ НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА
  - ✓ И ПО ЕДЕН СО САД И СО ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА
- ✓ ПЕТ БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ :
  - ✓ ДВА СО ОБЕДИНЕТИ АРАПСКИ ЕМИРАТИ
  - ✓ И ПО ЕДЕН ДОГОВОР СО ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА, РЕПУБЛИКА КОСОВО И СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА
- ✓ ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО УНХЦР ЗА 2024 ГОДИНА

**Графички приказ бр.4 - Потпишани и реализирани активности на Секторот за меѓународна соработка**

Во соработка со ИОМ реализирана е билатерална средба, две учества со високо раководство на настани и симулациска вежба за размена на информации во реално време. Во рамки на активностите кои се поддржани и организирани од СЕЕСАК, остварена е билатерална средба на Министерот со раководителката на Агенцијата за контрола на мало и лесно оружје на Југоисточна Европа, земено е учество на Регионален координативен состанок за имплементација на Патоказот за МЛО, остварена е билатерална средба помеѓу државниот секретар и делегација на Кралство Камбоџа и потпишани и реализирани се два Договори за донација со ОБСЕ. Во рамки на процесот на соработка за Југоисточна Европа, министерот учествуваше на Министерски состанок кој се одржа во Скопје, на кој беше усвоена Декларација/заедничка изјава за соработка и координација за борба против организиран криминал и соработка со ЕУ во областа на безбедноста, а во рамки на Берлински процес, Министерот учествуваше на две конференции на министри, при што со високо раководство реализирано е и учество на Министерска конференција на Западен Балкан.




Покрај ова, Секторот ги координираше и учествата на министерот на Министерска конференција во рамки на Салцбуршки форум, Будимпештански процес, на чии маргини беше усвоена Министерска декларација и Повик за акција на Будимпештански процес, како и учеството на Неформален состанок на министри за внатрешни работи и безбедност на Брдо Процесот. Во текот на годината реализирани се две учества на Директорот на БЈБ на Генерално собрание на Асоцијацијата на шефови на полициски служби на Југоисточна Европа (СЕПКА), како и повеќе настани со учество на високото раководство на МВР, како што се конференциите организирани од ИНТЕРПА, Четвртото изданието на Сараевски миграциски дијалог, учество на Генерално Собрание на Меѓународна организација за криминалистичка полиција (ИНТЕРПОЛ), состанок на Советот за соработка на земјите членки на Центарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа (СЕЛЕК), состаноци на УГ на ИЦМПД



и сл., а во текот на 2024 година склучен е и Меморандум за разбирање со Фондацијата АМБЕР Алерт Европа.

Секторот за ИПА и програми на заедницата, зема активно учество во подгрупата „Внатрешни работи“ за Секторска координација на ЕУ фондови и програмирање за ИПА III програмата. Во доменот на техничка имплементација остварена е соработка со Делегација на ЕУ во подготовка на тендерска документација во рамките на националната ИПА 2024 година и изработка на Твининг лајт фише за проектот „Зајакнување на институционалните и административните капацитети на Министерството за внатрешни работи за спроведување воздушни операции“, а во делот на надлежностите за мониторинг преземени се активности за следење на имплементацијата на следните проекти:




| | ПРОЕКТИ |
|---|---|
| | „ЕУ поддршка за владеењето на правото“-ИПА 2020; |
| | „Понатамошна поддршка за зајакнување на капацитетот за одговор за управување со миграциските текови во Северна Македонија“-ИПА 2021; |
| | „Зајакнување на институционалните капацитети во справувањето со криминалитетот против културно наследство и еколошки криминалитет“-ИПА 2021; |
| | „Воспоставување на електронски систем за водење на евиденција на институциите за спроведување на законот“-ИПА 2021; |
| | „Воспоставување и надградба на процесот на идентификација и регистрација на мешаните миграции во Северна Македонија заради поврзување со информациските системи на ЕУ“-ИПА 2022; |
| | „Регионална поддршка на управувањето со сензитивна миграција во делот на Западен Балкан-фаза 3“; |
| | „Регионална поддршка за зајакнување на капацитетите за гранична безбедност во Западен Балкан“; |
| | „Зајакнување на борбата против нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје“; |
| | „Партнерство против криминалот и тероризмот (CEPOL WV PaCT)“; |
| | „Зајакнување на заштитата на јавниот простор и критичната инфраструктура“ |
| | „ЕУ поддршка за зајакнување на борбата против криумчарење мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан”. |

**Табеларен приказ бр.2 – Имплементација на проекти во рамки на Сектор за ИПА и програми на заедницата**

Во делот на активностите за мониторинг извршено е ревидирање на Регистарот за ризици за ИПА I и ИПА II програмата, вклучувајќи и активности за намалување на идентификуваните ризици кои можат да го попречат неговото ефикасно функционирање, извршена е изработка на Табели за следење на ревизорски наоди, квартални извештаи за преземени корективни мерки за ИПА I и ИПА II програмата и Акциски план за планирани корективни активности за надминување на наодите на внатрешната ревизија во насока на верификација на ефективното функционирање на системите за управување и контрола во ИПА структурите и земено е учество на Заедничкиот мониторинг комитет за ИПА 3 програмата и Секторскиот мониторинг комитет за правда и внатрешни работи, а во рамки на Прекугранична програма Република Северна Македонија-Грција земено е учество во процесот на аплицирање за стратешкиот проект Гранична станица Преспанско Езеро: Воспоставување на граничен премин меѓу Грција и Северна Македонија на областа Преспанско Езеро“ (BorPres 2).

Во рамки на Одделението за програми на заедницата и координација на странска помош во текот на 2024 година беа реализирани и координирани активности за имплементацијата на следните проекти:




- „Поддршка на националните власти на Северна Македонија во намалување на ризикот од пролиферација на оружје и злоупотреба на мало и лесно оружје (МЛО)“ – OSCE;
- „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан“ – CIDS;
- Програмата за реформа на секторот за разузнавање и безбедност во Северна Македонија- DCAF;
- „Сузбивање на сексуално и родово-базирано насилство во дигиталната сфера“- UNDP;
- „Зајакнување на капацитетите на системот за форензика и истрага на местото на настанот за подобрување на кривично-правната контрола на мало и лесно оружје“- UNDP;
- „Зајакнување на капацитетите за реадмисија на земјите од ЗБ- IOM;
- „Зајакнување на капацитетите на земјите од ЗБ за ИГУ“- IOM;
- „Заеднички активности на земјите од регионот на Западен Балкан против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе (WBJAST) – IOM;
- „UNODC/WCO/INTERPOL – Програма за комуникација со аеродромите (AIRCOP) и Програмата за контрола на контејнерите на UNODC/WCO/CCP во соработка со Регионалната програма на UNODC;
- „Ставање крај на неказнивоста на трговците со луѓе и поддршка на правдата за жртвите на трговија со луѓе во Југоисточна Европа“- UNODC;
- „Градење хибриден образовен систем во Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија – OSCE;
- „Зајакнување на капацитетите на кривично-правниот систем за борба против родово базираното насилство во Југоисточна Европа“;

- ✓ „Зајакнување на капацитетите на МВР на Северна Македонија за исполнување на меѓународните најдобри практики и стандарди за човекови права во малолетничката правда, полициското работење во заедницата и истрагата на местото на злосторството"- СИДА;
- ✓ „Подобрување на капацитетите на кривично-правната материја за борба против родово базирано насилство во ЈИЕ";
- ✓ „Шведска поддршка на полициските реформи во полицијата„ со посебен осврт на „Зајакнување на капацитетите на полицијата на Северна Македонија со цел исполнување на меѓународните најдобри пракси и стандардите за човековите права во делот на малолетничка правда и полициското работење во заедницата"
- ✓ „Зајакнување на регионалната соработка во делот на управување со миграцијата помеѓу Западен Балкан и соседните земји-членки на ЕУ во согласност со правото на ЕУ и меѓународните стандарди„ (MIRCO).




Покрај ова, во рамки на „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2023-2026" преземени се активности по тековните проекти: „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија"; „Проект против економски криминал во Северна Македонија" и „Заштита на слободата на изразување и на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС-СМ)".

Во рамки на Хоризонт Европа програмата, тековно се преземени активности и по проектот „CEASEFIRE" - Напредни разновидни технологии за вештачка интелигенција и меѓусебно поврзани меѓусекторски целосно оперативни национални контакт точки за борба против недозволената трговија со огнено оружје" и проектот „ГАНДАЛФ" "Револуционерна рамка за соработка за/со примена на најновите методи за детекција на компјутерски криминал и повеќересорски истраги за агенциите за спроведување на законот, судските екосистеми и граѓаните".

## 1.3. ОДДЕЛ ЗА ИНФОРМАТИКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ

Секторот за информатика и телекомуникации реализираше повеќе активности од различни области на работа, со цел навремено и успешно да се одговори на барањата на службите од Министерството, на потребите на институциите на државата, како и развој и имплементирање на проекти кои значат приближување до стандардите на Европската унија. Во овие рамки, преземени се активности за развој и имплементирање на следните проекти каде учествува Министерството:

**ПРОЕКТИ:**

- ✓ Проект „Е-услуги“, преработена е е-услугата за издавање на електронско Уверение за државјанство, а во употреба е пуштена и нова електронска услуга за поднесување на барање за издавање на одобрение за набавка на оружје на физичко лице;




- ✓ Евиденција на матичен број и државјанство-направено е проширување на софтверското решение со функционалност за печатење на уверенијата за државјанство;
- ✓ Евиденција на странци и баратели на азил;
- ✓ Систем за нови лични документи-апликативно решение за преземање на биометриските податоци од базата на лични документи, со цел користење на податоците во тековните апликации на Министерството;
- ✓ Евиденција на поднесени барања за државјанство – промени во решението;




- ✓ СДМВ - Печатење на сообраќајни дозволи/Потврди за пробно возење;
- ✓ Проект „Посетители“, со кој е изработена нова апликација за евидентирање на надворешни лица кои влегуваат во кругот на Министерството;
- ✓ Зајакнување на безбедносната состојба при примање на интернет e-mail во МВР - Exchange Online Protection;
- ✓ Business Continuity and Disaster Recovery (BCDR) и модернизација на примарната ИТ инфраструктура – ИПА 2014;




- ✓ Зајакнување на безбедносната состојба при издавање на интерни дигитални сертификати во МВР – Нов интерен CA (Certificate Authority);
- ✓ Надградба на систем за евидентирање и водење на прекршочни предмети и прекршочни постапки;
- ✓ Проект „Safe City“-изработен е посебен веб сервис со кој ќе се обезбедат податоци за возило и за неговиот сопственик врз основа на регистарска табличка;
- ✓ Зголемување на нивото на безбедносна околина на системите во МВР;
- ✓ Подобрување на виртуелната платформа-техничка експертиза за подобрување на постоечката инфраструктура, како и за надградба со нови функционалности;

- ✓ Веб апликација за локални, национални и меѓународни потраги која опфаќа три модули на потраги за оружје, моторни возила и лица;
- ✓ Софтверско решение за потребите на Одделот за воздухопловни единици со кој се овозможува целосно систематизирање на податоците за летачкиот персонал и за леталата на Одделот;
- ✓ Проект „Сообраќајни статистики“-изработена нова веб апликација за прибирање на статистички податоци од областа на сообраќајот и генерирање на соодветни прегледи и извештаи;
- ✓ Проект „Избирачки списоци“-изработка на програми за добивање на списоци на лица кои согласно закон МВР ги доставува до ДИК квартално и за време на изборни активности;

Со учество во outsourcing проекти на други носители на Министерството, преземени се активности во проектите за WRMS (Систем за регистрирање и управување со оружје), Отворен Балкан (Систем за аплицирање на лица за добивање на право на престој и услови за барање на работа во Северна Македонија), IRDAM (МЕИДА) – Интегриран полициски систем за управување со документи и активности поврзани со инциденти со оружје и ABIS - Автоматизиран биометриски систем за идентификација.

Покрај ова, земено е учество во проекти и активности на други институции, каде преземени се активности во следните проекти:

| ПРОЕКТИ |
| --- |
| ✓ Дигитализација во државните институции, каде носител е Владата на Северна Македонија и МИОА; |
| ✓ Интероперабилност – развој и имплементација на веб сервиси, каде носител е МИОА; |
| ✓ Регистар на население – ИПА проект на МИОА; |
| ✓ НИПП – Национална инфраструктура на просторни податоци, каде носител е Агенција за катастар на недвижности; |
| ✓ Скрининг на Европска Унија, каде носител е Сектор за европски интеграции. |

**Табеларен приказ бр.3 Преземени активности во рамки на проекти**

Во рамки на Одделението за развој на информациони системи преземени и реализирани се активности во интерни проекти и тековни активности за редизајн на информативниот веб портал за вработените во МВР, интегрално пребарување по Лотус евиденции за билтени на дневни настани, поддршка на процесот за полагање на приправничкиот испит преку ЛМС системот и одржување на постојни софтверски решенија и останати активности.

Одделението за поддршка на корисници и експлоатација на податоци одговараше по барањата на службите и тековно преземаше активности за тестирање на нови апликации, кориснички обуки и поддршка, масовни обработки, определување, одземање и ажурирање на пристап до одредени евиденции и преку операторите на систем салата постапуваше по пријави на дефекти и други интервенции, а преку активностите на надлежен отсек во ова одделение во текот на 2024 година персонализирани се вкупно 1.572.349 лични документи. Преку надлежноста на Одделението за системска и техничка поддршка дадена е поддршка на проектите и развојот и функционирањето на постојните системи.

Секторот за телекомуникации, покрај редовните работни задачи за одржување на сите технички телекомуникациски системи во МВР, позначајно се фокусираше и преземаше активности во рамки на проектот „Оптичка мрежа на МВР“ за што во 2024 година извршена е инсталација на оптички кабел од третата фаза на трасата кон Центарот за опоравување од катастрофи (ЦОК) Прилеп, која е реализирана на подрачје од градско кон Прилеп во должина од 32 км.

## 1.4.ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ

Одделот за граѓански работи, во текот на 2024 година, успешно ги спроведе активностите и задачите утврдени со Програмата за целите и задачите на сите организациски единици од негова надлежност.

Издадени се 642.659 лични карти во подрачните единици, донесени се 351 решенија за забрана за преминување преку државна граница согласно член 7-а од Законот за лична карта, 6.777 граѓани пријавиле живеалиште, а 4.149 граѓани одјавиле живеалиште, додека 674 граѓани пријавиле привремено престојувалиште. Престој надвор од државата подолго од три месеци пријавиле 24.584 граѓани, издадени се 666.687 патни исправи во подрачните единици, потоа во дипломатско-конзуларните претставништва на Северна Македонија издадени се 37.097 патни исправи, по барање на надлежните судови издадени се 14 патни исправи со одреден рок на важење, примени се вкупно 2.073 известувања од суд за изречени забрани за издавање на патна исправа по кои се донесени 522 решенија за одбивање барање за издавање на патни исправи или за одземање на патни исправи, а издадени се и 17.288 одобренија за патување во странство на деца до навршени 14 години.

Определени се вкупно 25.592 нови матични броеви, донесени се 284 решенија со кои се поништува погрешно определен матичен број, донесени се вкупно 2.795 решенија за промена на лично име или презиме.

Во однос на **државјанствата**, издадени се 48.069 уверенија за државјанство, поднесени се 6.367 барања за прием во државјанство за вкупно 6.521 лица, поднесени се 717 барања за отпуст од државјанство за вкупно 909 лица, донесени се позитивни решенија за прием во државјанство за 1.150 лица, донесени позитивни решенија за утврдување на државјанство за 19 лица, донесени позитивни решенија за отпуст од државјанство за 969 лица, донесени негативни решенија за прием во државјанство за 218 лица, а за пет лица донесено е негативно решение за отпуст од државјанство.




**Графички приказ бр.5- Број на издадени лични документи, уверенија за државјанства, регистрирани возила**

Во делот на **сообраќајот,** регистрирани се 643.714 возила, од кои на 345.398 возила продолжена е важноста на регистрација, за првпат регистрирани се вкупно 59.282 возила од кои 5.510 нови возила, а 29.347 половно-увезени возила, одјавени се 51.769 возила, извршена е промена на сопственост на 60.651 возило, извршена е промена на регистарски таблици за 30.726 возила и издадени се 214.655 сообраќајни дозволи.




Издадени се 49 извозни регистарски таблици, 824 таблици со ознака B9, C9 за лица со времен престој во Северна Македонија, 71 за дипломатско-конзуларни претставништва во Северна Македонија, 717 за возила на лица со дипломатски статус, 33 за возила на лица со конзуларен статус и 83 регистарски таблици за возила во сопственост на лица кои се вработени во дипломатско-конзуларните претставништва, мисии на странски држави и меѓународни организации во Северна Македонија. Исто така, издадени се 106 регистарски таблици за лесни приколки, потоа 178 регистарски таблици за такси возила, 8.360 упати за извршување на А-тест на моторни и приклучни возила и 264 упатници за втиснување на број на шасија и/или број на мотор на возило.

Во електронската евиденција ажурирани се 1.500 марки и типови на возила, издадени се вкупно 259.188 возачки дозволи, од кои 23.538 возачки дозволи на лица кои за првпат положиле возачки испит во Северна Македонија, издадени се 859 возачки книшки, од судовите примени се 25.095 решенија со изречена заштитна мерка „забрана за управување со моторно возило“, 13 решенија со санкција „престанок на важење на возачката дозвола” и 191 со санкција „забрана за стекнување со возачка дозвола”.




Секторот издаде вкупно 276 инструкторски возачки дозволи, потоа 10 лиценци за возач инструктор во автошкола, осум лиценци за работа на авто-школи, седум лиценци за испитувач по наставна програма (теоретски дел) и три лиценци за предавач по наставна програма, сообраќајни правила и прописи во автошколи. Во текот на годината, не се издадени лиценци за испитувач по наставна програма (практичен дел) и за лиценци за контролор во Испитен центар.

Секторот за оружје, експлозивни и опасни материи, агенции за обезбедување и детективска дејност, вршеше надзор над правни лица кои вршат промет со оружје и муниција, експлозивни материи, запаливи течности и гасови, изготвуваше одобренија за превоз на оружје, муниција и експлозивни материи.

| Преку ЕХИМ системот издадени се: | |
|---|---|
| 120<br>15 | ✓ Одобренија за превоз на оружје и муниција при увоз;<br>✓ Одобренија за извоз; |
| 90<br>12 | ✓ Одобренија за трансфер на оружје и муниција при увоз;<br>✓ Одобренија за трансфер при извоз; |
| 60 | ✓ Одобренија за набавка на експлозивни материи при увоз; |
| 40<br>1 | ✓ Одобренија за превоз на експлозивни материи при транзит;<br>✓ Одобрение за превоз на експлозивни материи при извоз. |

**Табеларен приказ бр.3- Број на издадени одобренија за превоз на оружје, муниција и експлозивни материи**

Извршен е надзор над 26 правни лица кои вршат дејност промет со оружје и муниција, потоа надзор над 12 правни лица кои вршат дејност промет со експлозивни материи, запаливи течности и гасови, како и 21 контролен преглед во правни лица. Исто така, издадени се претходни согласности за локација за складирање на запаливи течности и гасови од Секторот од кои 40 позитивни и пет негативни согласности за локација. Во делот на набавка на оружје, преземени се следните активности:




**Графички приказ бр.6- Преземени активности во делот на набавка на оружје**

Најголем дел од одобренијата – 1.714 се однесуваат за набавка на полуавтоматско долго огнено оружје (Ц3 категорија) и 1.425 барања за полуавтоматско или репетирачко кусо огнено оружје (Б1 категорија). Во 2024 година издадени се 424 одобренија за набавување на муниција за оружје.

| | |
|---|---|
| 1.912 | ✓ Парчиња оружје се новорегистрирани; |
| 2.127 | ✓ Парчиња оружје се пререгистрирани, односно извршена е замена на старите со нови дозволи за оружје согласно Законот за оружје; |
| 340 | ✓ Решенија кои се донесени за одземање на оружје и дозвола за оружје; |
| 116 | ✓ Решенија за одземање на оружје се во кривична постапка; |
| 81 | ✓ Решенија за одземање на оружје се во прекршочна постапка; |
| 136 | ✓ Решенија за одземање на оружје се во управна постапка; |
| 7 | ✓ Парчиња оружје се одземени поради употреба при семејно насилство. |

**Табеларен приказ бр.4- Број на новорегистрирани и пререгистрирани парчиња оружје и издадени решенија за одземање на оружје**

Секторот водеше постапки за издавање, одземање на дозволи за приватно обезбедување, постапки за усогласување на правните лица кои согласно Закон вршат приватно обезбедување и водеше постапки за издавање на лиценци и легитимации за вршење детективска дејност. Во 2024 година, донесени се по едно решение за одземање на дозвола за приватно обезбедување и за одземање на дозвола за техничко обезбедување, потоа две решенија со наложени мерки, а во тек е постапка за издавање на лиценца и легитимација за вршење на детективска дејност.

Секторот за азил и во 2024 година продолжи активно да соработува со повеќе институции и организации, а оствари интензивна соработка со повеќе меѓународни организации, меѓу кои за одбележување е соработката со EUA Агенцијата за азил на Европската Унија која до скоро се нарекуваше EASO, Канцеларијата на Високиот Комесаријат за бегалци УНХЦР- Скопје, MARRI Регионалниот центар, IOM, ICMPD, УНИЦЕФ и Црвениот крст на Северна Македонија.

## 1.5 ОДДЕЛ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Преку надлежностите на Одделението за нормативно – правни работи, Одделот за правни работи и управување со човечки ресурси активно учествуваше во креирање нормативно правна регулатива и вршеше подготовка на законски, подзаконски и останати правни акти кои се во надлежност на Министерството за внатрешни работи. Во рамки на конкретни процеси на усогласување со други прописи, како и уредување на проблеми од практична природа, во 2024 година донесени се измени и дополнувања на Законот за матичен број и Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, а во постапка на донесување се и седум подготвени предлог – закони кои се однесуваат на Законот за патни исправи, Законот за меѓународна и привремена заштита, Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за прекршоците против јавниот ред и мир. Покрај ова, во текот на годината се преземаа активности и по однос на Законот за странци, Законот за оружјето и Законот за експлозивни материи за цивилна употреба, за што истите ќе бидат продолжени и во 2025 година.

ДОНЕСЕНИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА :

- ✓ ЗАКОН ЗА МАТИЧЕН БРОЈ
- ✓ ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

ПОДГОТВЕНИ ПРЕДЛОГ-ЗАКОНИ :

- ✓ ЗАКОН ЗА ПАТНИ ИСПРАВИ
- ✓ ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА
- ✓ ЗАКОН ЗА МЕЃУНАРОДНА И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА
- ✓ ЗАКОН ЗА ПОЛИЦИЈА
- ✓ ЗАКОН ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
- ✓ ЗАКОН ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ
- ✓ ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР

**Графички приказ бр.7- Преземени активности во делот на нормативно-правни работи**

Во делот на подзаконските прописи, како нови акти донесени се следните прописи: Правилник за начинот на издавање на одобрение за одржување на спортски и други приредби на пат, Упатство за начинот на вршење на генерален и стручен надзор и контрола во полицијата, Правилник за начинот на собирање на податоците и резултатите од обработката на податоци за патници (PNR и API податоци), како и начинот на размена и пренос на податоците меѓу домашни и странски надлежни органи, Правилник за начинот на издавање одобрение за пробно возење, Правилник за формата и содржината на образецот на лиценцата за авто-школа, Правилник за форма и содржина на образецот на барањето и на образецот на лиценца за предавач по наставна програма сообраќајни правила и прописи и возач - инструктор во автошкола, Правилник за форма и содржина на образецот на барањето и на образецот на лиценца за контролор, испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел) во испитен центар, Правилник за формата и содржината на образецот на барањето и на образецот на дозволата за возач – инструктор, начинот на нејзино издавање и

заменување и начинот за водење на евиденцијата за издадени дозволи за возач – инструктор во Министерството за внатрешни работи и Упатство за начинот на бришење на податоците во евиденциите што ги води полицијата. Покрај ова, во 2024 година донесени и ревидирани се уште пет подзаконски прописи кои се во надлежност на Министерството и пет други прописи кои произлегуваат од друг закон, а во делот на интерните прописи донесени се 10 акти, од кои пет се нови, а пет се за измена и дополнување.

Од страна на Одделението за нормативно - правни работи изготвени и доставени се осум информации до Владата на Северна Македонија, а во делот на останатите активности изготвени се правни мислења, земено е учество во работни групи, изработка на телеграми и наредбите, при што даден е придонес и кон изготвување на Стратешкиот план на Министерството, како и изработка на Годишниот план за спроведување на ПВР, кој се објавува на порталот ЕНЕР по донесување на Годишната програма за работа на Владата.

Во рамки на Одделението за логистика и координација на активностите поврзани со Владата на Северна Македонија изготвени се пет меморандуми и еден анекс за соработка, 22 договори и анекси кои се од доменот на соработката и донациите, како и други видови на извештаи и информации кои се од логистички или координативен карактер.

Во 2024 година Одделението за управување со човечки ресурси спроведе целосна постапка за вработување на 74 лица, по основ на пензионирање изготви вкупно 411 решенија, потоа 110 договори за ангажирање на лица врз основа на Законот за работни односи, а за потребите на Министерството спроведе вкупно 99 интерни огласи, изготви 360 решенија за распоредување и тековно изготвуваше друг вид на конкретни решенија и акти кои се поврзани со остварување на правата од работен однос.




Одделението за стручно оспособување и усовршување континуирано изготвуваше планови, програми, решенија и други акти кои се од важност за организација и спроведување на обуки, менторство, стручно оспособување и оценување на работниците, изготви Годишен план за обуки за 2025 година, организираше обуки, ја координираше постапката по однос на системот за управување со ефектот на работниците и изготвуваше и други акти од овој домен, вклучувајќи ја и изработката на телеграми и одговори по прашања кои и се во нивна надлежност. Преку активностите на оваа одделение, донесено е Решение за означување на основните и внатрешните организациски единици на Министерството за внатрешни работи за 2025 година и преземени се и активности по однос на актите за организацијата и систематизацијата на работните места во Министерството. Во делот на проектните активности, во соработка со ОБСЕ континуирано се одржувани работни средби и тековно се имплементираат задачите и планираните активности од проектот „Градење на хибриден професионален едукациски систем во Министерството за внатрешни работи“.

## 1.6 ОДДЕЛ ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ

Одделот за дисциплински и судски постапки својата надлежност и функција ја остваруваше заснована на познавање и правилна примена на широк опсег позитивни законски решенија, подзаконски акти и прописи, кои имаат за цел унапредување и професионализација на процесите за спроведување на постапките за утврдување на одговорност на вработените поради кршење на работниот ред и дисциплина, како и застапување на Министерството за внатрешни работи пред судските органи и Владата.

Во Секторот за дисциплински постапки добиени се вкупно 900 предмети со предлози за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, при што одржани се 1.042 расправи за дисциплински постапки, по основ на кои донесени се 895 решенија, од нив:

| ДОНЕСЕНИ РЕШЕНИЈА : | |
|---|---|
| 43<br>46 | ✓ решенија за откажување на договорот за вработување без постапка;<br>✓ решенија за откажување на договорот за вработување во постапка; |
| 469<br>32 | ✓ решенија за парична казна;<br>✓ решенија за распоредување на работникот на работно место едно ниво пониско од работното место на кое дотогаш работел; |
| 28 | ✓ решенија за писмено предупредување; |
| 244<br>33 | ✓ решенија за отфрлање на предлогот и ослободување на работникот од одговорност;<br>✓ решенија за запирање на постапката; |

**Табеларен приказ бр.5 -Донесени решенија по разни основи**

Воедно изготвени се и 45 решенија за отстранување на работникот од работното место, а во текот на годината во Секторот се добиени и одговорено е по вкупно 124 приговори на решенијата за изречени мерки.

Во Секторот за судски постапки и имотно правна заштита во 2024 година евидентирани се вкупно 4.760 заведени тужбени барања против Министерство за внатрешни работи, најголем дел по следните правни основи:

- ✓ надоместоци од работен однос - вкупно 3.900 тужбени барања;
- ✓ разлика во плата до минимална плата - 611 тужбени барања;
- ✓ додаток за кариера - 80 тужбени барања;
- ✓ поништување на одлука/решение - 62 тужбени барања;
- ✓ надомест на штета - 52 заведени тужби;
- ✓ осум тужби по основ на долг.

Во вкупната бројка на судски спорови во кои Министерството за внатрешни работи се јавува како тужена страна најголем дел се однесуваат за откажување на договорот за вработување, за изречена дисциплинска мерка, за поништување на решенија за распоредување, надоместоци од работен однос (трошоци за превоз, храна, разлика во плата и други основи).

Секторот за судски постапки и имотно правна заштита изготви и реализираше голем број на одлуки за давање на користење на недвижен и движен имот како на Министерството за внатрешни работи така и одлуки за отстапување на правото на времено или трајно користење на недвижен и движен имот од Министерството за внатрешни работи на други органи на државната управа, како и постапки за давање под закуп или продажба на движни ствари/предмети.

Во оваа насока беа преземени активности за регулирање на имотно правниот статус на објекти кои се од значење за непречено функционирање на сите организациски единици на МВР, а дел од изготвените и реализирани одлуки и постапки согласно закон се следните:

- Постапка за регулирање на имотно – правниот статус на недвижен имот – Внатрешна контрола и бифе на МВР;
- Постапка за регулирање на имотно - правниот статус на објектите во кругот на МВР.
- Одлука за продажба на движни предмети/имот (моторни возила);
- Одлука за давање во закуп на недвижни предмети (Коњички клуб Маџари);
- Одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижен имот на МВР (ЈУ Детски Дом „11-ти Октомври“);
- Одлука за утврдување на фактичка состојба во функција на запишување на недвижности во државна сопственост (Детски дом „25-ти Мај“ – Бутел);
- Постапка за пренесување на право на користење на недвижен имот – канцеларии на Центарот за управување со кризи на МВР – СВР Велес.

## 1.7. ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, како внатрешен контролен механизам континуирано и посветено работеше на документирање на пречекорувањето на законските овластувања на овластените службени лица и расчистување на сите неправилности во работењето на вработените и институцијата. Во оваа насока, Одделот правовремено постапуваше по податоци, информации и сознанија кои самостојно ги собира, како и по добиени известувања, анонимни достави, претставки од граѓани и вработени во МВР, а вршеше и проверки по барања од јавните обвинителства, невладини организации и други субјекти.

Во 2024 година, Одделот презеде мерки за испитување на вкупно 1.366 (1.235)[1] случаи на посочено незаконско, непрофесионално и неетичко постапување, пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува зголемување за 10,6 % во однос на претходната година.

Во овој домен, во 2024 година примени се :

**ПРЕТСТАВКИ:**

- ✓ 969 (854) ПИСМЕНИ И 190 (235) УСНО ПОДНЕСЕНИ ОД ГРАЃАНИ
- ✓ 48 (35) ПРЕТСТАВКИ ОД ПРАВНИ ЛИЦА,
- ✓ 33 (32) ПРЕТСТАВКИ ОД НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ ЧЕТИРИ (ОСУМ) ПИСМЕНИ РЕАКЦИИ ОД НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ СЕ ДОСТАВЕНИ ПРЕКУ ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И КОАЛИЦИЈА МАРГИНИ

- ✓ 224 (161) АНОНИМНИ ПОДНЕСОЦИ,
- ✓ 79 (92) ПОДНЕСОЦИ ОД АДВОКАТИ,
- ✓ 396 (312) СЛУЖБЕНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО МВР

**ПО ИЗВРШЕНА АНАЛИЗА НА ПРЕТСТАВКИТЕ:**

- ✓ НЕОСНОВАНИ НАВОДИ ВО 519 (530) СЛУЧАИ,
- ✓ ОСНОВАНИ -118 (92) ПРЕТСТАВКИ ДЕЛУМНО ОСНОВАНИ-109 (90),
- ✓ НЕМА ДОВОЛНО ДОКАЗИ ВО 221 (210) ПРЕДМЕТИ,
- ✓ ТРИ ПРЕТСТАВКИ (ЕДНА) СЕ РЕШЕНИ НА ДРУГ НАЧИН (НЕМА НАДЛЕЖНОСТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ И ВЕЌЕ Е ПОСТАПЕНО ПО ПРЕТСТАВКАТА).

**Графички приказ бр.8– Преземени активности по примени претставки, поднесоци и службени материјали**

Претставките најчесто се однесуваат на непостапување или несоодветно постапување по пријавен настан, потоа следуваат постапувања спротивно на Упатството на користење на социјалните мрежи во министерството и Стандардна оперативна процедура за мобилен систем за снимање со камери, како и претставки поради незадоволство од констатирани сообраќајни прекршоци.

[1] Податоците во заградата се однесуваат за 2023 година

| ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ : | |
|---|---|
| 673 (451) | ✓ вработени изречена е задолжителна мерка за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност; |
| 128 (151) | ✓ лица изречена е мерка укажување; |
| 40 (26) | ✓ вработени изречена е мерка за покренување на постапка за надомест на штета - материјална одговорност; |
| 69 (48) | ✓ вработени е изречена задолжителна мерка оддалечување односно суспендирање од работно место до завршување на дисциплинската постапката, |
| 46 (47) | ✓ работници се упатени на психолошко-психијатриски преглед; |
| 41 (38) | ✓ вработени е одземено службеното оружје. |

**Табеларен приказ бр.6- Преземени мерки за утврдени неправилности против вработени во Министерството**

Одделот во својство на овластен предлагач учествуваше во 573 (321) расправи од дисциплинска постапка, а во случаите кои имаат обележје на кривично дело, од страна на Одделот поднесени се 37 (12) кривични пријави против 90 (19) вработени во МВР за сторени 42 (14) кривични дела, од кои по девет се „злоупотреба на службената положба и овластување“ и „несовесно работење во службата“, четири се „предизвикување општа опасност“, по три „примање поткуп“ и „малтретирање во вршење на службата“ и по едно сторено кривично дело „помагање на сторител по извршено кривично дело“, „одземање или уништување службен печат или спис“, „посебни случаи на фалсификување исправи“, „измама“, „неизвршување на судска одлука“, „убивање и мачење животни“, „загрозување на сигурноста“, „спречување службено лице во вршење службено дејствие“, „обљуба со злоупотреба на положбата“, „повреда на правата од работен однос“, „кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас“, „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје распрскувачки материи“, „послужување во службата“ и „измама во службата“.

Покрај ова, до ОЈОГОКК и Основните јавни обвинителства изготвени и доставени се вкупно 287 (259) известувања, од кои 81 (53) се за нивно запознавање и постапување, а 206 (206) се изготвени по нивно барање. Во 2024 година Одделот постапил и по 56 (62) поднесоци за употребена физичка сила врз граѓани, за што со преземените мерки и испитувања утврдено е дека 16 (21) од нив се неосновани, во 36 (35) случаи поради немање докази не може да се утврдат наводите за употребена физичка сила, четири (шест) претставки се основани и за истите се поднесени три кривични пријави за сторено кривично дело „малтретирање во вршење на служба“ и едно известување до ОЈОГОКК. Оваа година, Одделот излезе на лице место на 68 (46) случени сообраќајни незгоди со учество на возилата од МВР, при што изречени се задолжителни мерки за поведување на 38 (20) постапки за утврдување на материјална одговорност.

Во 2024 година Одделот изврши контрола на работењето на 87 (78) организациски единици на Министерството, при што констатирани се неправилности во работењето кај 60 (35) вработени и за истите поднесени се 56 (28) предлози за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, а за четворица (седуммина) вработени е изречена мерка писмено укажување.

Во рамки на превентивните активности, со теми за јакнење на интегритетот заради намалување на злоупотреба на службена положба и овластување и законска примена на полициските овластувања, од страна на Одделот одржани се 12 обуки на кои присуствуваа вкупно 235 вработени. Претставници од Одделот учествуваа и на други обуки и работилници со теми од областа на интегритетот, судирот на интереси во полициското работење и јакнење на капацитетите за истраги на одделот, а врз основа на препораките од извештајот на ГРЕКО за евалуација на Северна Македонија – петти круг на тема „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритетот кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот, Одделот изготви Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2024 година и акциски план за имплементација во кој се дефинирани активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикаторите на успех. Во 2024 година, како дел од државна делегација, Одделот зема учество на конструктивниот дијалог со Советот на човекови права на ОН, кој се одржа во седиштето на ОН во Женева и на кој се разгледуваше Четвртиот периодичен извештај на Северна Македонија по Конвенцијата на ОН против тортура и друг груб, нехуман и деградирачки третман или казнување, при што од страна на членовите на комитетот дадена е генерална позитивна оценка на реформите и со поздрав на напорите за спроведување упатени се и препораки до државата.

На покана на ИЦИТАП програмата при Амбасадата на САД, претставници од Одделот присуствуваа на Годишната конференција која се спроведе во организација на Меѓународното здружение на истражители од одделите за внатрешна контрола на САД, а во текот на годината Одделот ја интензивираше и соработката со службите за внатрешна контрола на Чешка, Бугарија и Косово, при што остварени се студиски посети со цел размена на искуствата за справување со корупцијата.

Активностите за примена и исполнување на барањата од стандардот МКС EN ISO 9001:2015 продолжија и во текот на 2024 година, при што по извршена надзорна проверка, од страна на сертификационото тело АМ ЦЕРТ - Скопје дадена е позитивна оценка за работење на Одделот и оценет е како многу добар во делот на посветеноста за спроведување на антикорупциската програма и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството.

## 1.8. ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

Одделот за финансиски прашања во 2024 година го спроведуваше финансирањето на Министерството за внатрешни работи со средства обезбедени со Буџетот и сопствени приходи, кои се остваруваат по основ на продажба на патни исправи, платливи обрасци, регистарски таблици и фактурирани услуги (асистенции и сл.), реализирани приходи од самофинансирачки активности (објекти за исхрана, одмор и рекреација), како и дополнителен извор на средства од донации.

Во Одделението за буџетска координација, по одобрување на Буџетот на МВР за 2024 година, изготвени се годишни и месечни планови на Буџетот за 2024 година кои се доставени до Министерството за финансии. Буџетот на МВР за 2024 година беше објавен и на веб страната на Министерството.

Согласно Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси донесено е решение за внатрешна распределба на вкупниот одобрен Буџет за 2024 година, а согласно извршениот Ребаланс на Буџетот беа изготвени пет решенија за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет. Изготвени се и шест Регистри на овластување на МВР во кој се евидентирани сите лица кои имаат добиено решенија за генерално овластување од финансиска област и 35 Анекси на Регистер на овластување на МВР на лица по изготвено решение за давање генерално под овластување од финансиска област.




**Графички приказ бр.9- Донесени решенија/регистри за распределба на вкупниот одобрен Буџет за 2024 година**

До Министерството за финансии доставени се : Годишен финансиски извештај за воспоставување на системот на финансиско управување и контрола за 2023 година, План за воспоставување на системот за финансиско управување и контрола и Предлог-буџетска пресметка на МВР за 2025-2029 година. На месечна основа доставени се извештаи за обврските по сите сметки на МВР спрема добавувачи и пријавувани во Министерство за финансии on-line преку апликација ЕСПЕО (Електронски систем за пријавување и евиденција на обврски), а се вршеше пресметка и исплата на налози за службени патувања во странство на вработените во МВР.

Во Одделение за буџетска контрола, се вршеше навремена и квалитетна исплата на договори на дело, реални патни трошоци, исплата на надоместок за трошоци за исхрана за ноќна работа на работниците во Министерството и други надоместоци по основ лични на примања.

Одделението за плати вршеше навремена исплата на бруто плати, отпремнини за вработени по основ пензионирање во 2024 година, јубилејни награди и други надоместоци,

доставување пресметковни листи за исплатена плата на месечно ниво и потврди за исплатена плата и платени придонеси и данок на личен доход за вработените за 2023 година. Реализирана е исплата на бонус плата за 2023 година за вработени кои оствариле над 150 часа прекувремена работа и регрес за годишен одмор за вработени за 2024 година. Беа изработени и акти и пресметки по барања на вешти лица, извршители, надлежни служби за правни работи, а издадени се и потврди и заверени документи од банки и други институции за висина на плата и други документи врз основа на барања. Во 2024 година продолжија со реализација на активности во врска со проектот за преземање на податоци за стажот на осигурување и платите (пријави М4) од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за вработените во МВР согласно Меморандумот за деловна соработка.

Одделението за сметководство и попис го спроведе редовниот годишен попис на средства и извори на средства, изготви интегриран извештај и подготви решение за усвојување на пописот и истиот е одобрен од страна на министерот и спроведен од вработените во Одделението. Изготвена е и завршна сметка за 2023 година за сметки на основен буџет, сметка на самофинансирачки активности и сметки на донации, која е објавена на веб порталот на МВР. Изготвен е Акциски план за спроведување на пописот за 2024 година и решенија за формирање на Централна пописна комисија на МВР и поединечни пописни комисии за организациските единици за потребите на Министерството и доставени се писмени инструкции за постапување до Секторите за внатрешни работи, Регионалните центри за гранични работи, согласно Упатството за начин на вршење на попис. Исто така, како подготвителна фаза на отпочнување на пописот за 2024 година, спроведен е процес на обележување на основните средства со баркод метализирани етикети, преку интегрираниот софтвер ЕРП, при што се опфатени сите организациски единици на Министерството со посебни формирани работни групи во истите.

Во текот на 2024 година, согласно барањата на стандардот за квалитет МКС EN ISO 9001:2005 беа спроведени интерни проверки од страна на Единицата за управување со квалитет, а од страна на сертифицирано тело АМ-ЦЕРТ-Скопје беше спроведена надзорна проверка на Системот за менаџмент со квалитет.

Вработените од Одделот за финансиски прашања, земаа активно учество во обуки од областа на финансиското работење, со цел унапредување на компетенциите и континуирано усовршување, спроведени од страна на консултантски бироа за финансиски и сметководствени работи на кои се претплатени.

## 1.9 ОДДЕЛ ЗА ПРЕКРШОЦИ

Одделот за прекршоци преземаше активности за водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочни санкции кои се во негова надлежност согласно Законот за прекршоци, Законот за општа управна постапка и останатите процесни и материјални прописи кои се однесуваат на прекршочната проблематика и овластувањата на комисиите. Во 2024 година примени се вкупно 48.177 барања за прекршочна постапка, од кои најголем дел се по Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата - 37.883 барања и Законот за возила - 8.235 барања.




**Графички приказ бр.10- Преземени активности на Одделот за прекршоци**

Во рамки на Одделот решени се вкупно 53.017 предмети, при што изречени се глоби во износ од 7.921.577 евра, доброволно се наплатени решенија во вкупен износ од 220.943 евра, а 33.195 правосилни и извршни решенија, со вкупен износ од 6.401.125 евра, се доставени до Управата за јавни приходи.

## 1.10 ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ

Одделот за општи и заеднички работи целосно е посветен на реализација на предвидените заложби на Министерството за подобрување на условите на работа на вработените, но и во насока на создавање на енергетско ефикасни објекти и заштита на животната средина, биодиверзитетот на природата и подигнување на еколошката свест.

Во тековната 2024 година реализирани се следните активности:

| РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ : |
|---|
| ✓ Реновирање и санација на објекти на МВР; |
| ✓ Изградба на нов објект за потребите на ЕВР Аеродром; |
| ✓ Адаптација на просториите кои ги користи МВР, во објектот на МРТВ-приземје; |

Табеларен приказ бр.7- Реализирани активности на Одделот за општи и заеднички работи

Во 2024 година, направена е реорганизација на просториите за сместување на новоформираниот Оддел за дисциплински и судски постапки, санација на бараката во која се сместени службите на Одделот на внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди. Во фаза на изградба е објектот наменет за потребите на ЕВР Аеродром, а во просториите на МРТВ во тек е адаптација на просториите што ги користат Управните служби при Одделот за граѓански работи, со што се предвидува зголемување на базните станици, се формира широко фоаје-слободен простор за чекање пред базните станици и се добива нова функционална организација – поделба на движењето на вработените низ внатрешни коридори од надворешните посетители – корисници на услугите од Управните служби. За непречено функционирање на овие служби, прилагодени се помошни простории на Министерството како базни станици, се со цел забрзано издавање за промена на лични документи како и намалување на времето на чекање на граѓаните.





Во тек е реконструкција на објекти во Центарот за обука во Идризово, а во насока на подобрување на условите за сместување и услови за извршување на обука на идните кадри на МВР, меѓу нив е реконструкција на објект за воспоставување на мултимедијален центар за хибридно учење како донација на ОБСЕ.

Одделот активно зема учество и во повеќе проекти како што се:

1. **Вклучување во ИПА проектите:** извадено е Одобрение за надградба на Полициска станица Маркова Нога на градежна парцела 1.1.3 од Урбанистички проект за градби од државно значење на граничен премин „Маркова Нога – Лемос“ КО Долно Дупени, Општина Ресен.
2. **Вклучување во реализација на проектите со ОБСЕ и УНДП;** во тек е реализација на Проект „Поддршка на националните власти на Северна Македонија во намалување на ризикот од пролиферација и злоупотреба на малото и лесно оружје (МЛО) на ОБСЕ К-9 Изведба на боксови за полициски службени кучиња“; учество во проектот на ОБСЕ - ЗКЦ Заеднички контактен центар; а во врска со подобрување на практиките за собирање на податоци за Мало Лесно Оружје- МЛО и истраги поврзани со МЛО, кој се спроведува во МВР со поддршка на УНДП, изготвен е проект за физичко обезбедување на магацините за оружје во касарна „Ѓорче Петров“.

Освен тоа се работи во делот на изградба, реконструкција и санација на нови и постоечки објекти со поставување на нови системи за парно греење на електрична енергија и гасификација (каде има услови) во насока намалување на емисијата на штетни гасови и честички во природата.

## 1.11 ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

Центарот за обука како надлежна организациска единица за спроведување на основни, континуирани, но и меѓународни обуки, во 2024 година продолжи со реализација на активностите планирани согласно Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи, Стратегијата на Центарот за обука, барањата за обуки од организациските единици за управување со човечки ресурси, специфичноста на конкретните области за кои се вршат обуките и врз основа на претходно изготвените наставни програми и планови беа спроведени основни и континуирани обуки за потребите на работниците во организациските единици во Министерството.




На почетокот на јануари беше започната основната обука за полицаец генерација 2024/2025 која успешно ја заврши 497 кандидати, а во текот на истата идните полициски службеници со поддршка од ОБСЕ-Виена и Ресорниот центар за родители на деца со посебни потреби, дополнително беа обучени за постапување во случаи на пријави за родово базирано и семејно насилство и постапување со граѓани со посебни потреби. Отпочнат е процесот на изработка на **нова Наставна програма за основна обука на полицаец** која се темели на три модули со специфични задачи за учење кои опфаќаат основна надлежност и патен сообраќај, гранична полиција и специјални полициски операции. Во делот на континуираните обуки (обуки за оспособување на работник за самостојно вршење на работите и обуки за менаџмент во безбедноста) успешно ги заврши 1.871 учесник.

Центарот преку свои претставници активно учествува во заеднички проекти, соработува и добива поддршка од релевантни меѓународни безбедносни и полициски организации, партнерски агенции и асоцијации, при што во рамки на реализираните активности со ИЦИТАП потврдена е реакредитацијата на Центарот за обука, продолжуваат проектите „Сина храброст“, и „Шведската поддршка за полициските реформи“, како и проектот „Партнерство против криминал и тероризам“ на ЦЕПОЛ, а особено е значаен и напредокот кон градење на системот за хибридно образование во Министерството и пуштањето во употреба на Мултимедијалниот центар за хибридно учење под покровителство на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Во текот на годината од страна на вработените во Центарот за потребите на континуирана обука изготвени се три нови наставни програми кои се однесуваат на лидерство во полиција, основна обука за стекнување на полициски овластувања и менаџмент за средно раководен кадар.

# 2. СОСТОЈБИ СО КРИМИНАЛ, ЈАВЕН РЕД И МИР, СООБРАЌАЈ И ГРАНИЧНА БЕЗБЕДНОСТ



## 2.1 СОСТОЈБИ И ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

Во на 2024 година, беа регистрирани 18.727 (19.668)[2] кривични дела, што претставува намалување од 4,8%, споредбено со претходната година. Стапката на вкупниот криминалитет изнесува 1.019,5 пресметано на 100.000 жители, а предизвиканата материјална штета е проценета во вкупен износ од 4,16 милијарди денари. Мерки на кривичен прогон се преземени против вкупно 14.000 сторители, а вкупната ефикасност изнесува 60,2%, со што истата бележи зголемување за 2,7% во однос на 2023 година.

| | Вкупно кривични дела | Класичен криминалитет | Економски криминалитет | Организиран криминалитет | Недозволена трговија |
|---|---|---|---|---|---|
| | ↓ | ↓ | ↗ | ↓ | ↗ |
| 2023 | 19.668 | 17.350 | 1.039 | 242 | 1.033 |
| 2024 | 18.727 | 16.350 | 1.052 | 198 | 1.112 |

**Графички приказ бр.11 -Вкупен број на кривични дела по вид на криминалитет**

Кривичните дела од областа на **класичниот** криминалитет и понатаму се доминантни и најзастапени во овој период. Истите бележат намален тренд за 5,8% во однос на претходната година, економскиот криминал е на исто ниво, додека недозволената трговија и кривичните дела против државата бележат зголемен број на откриени кривични дела.

| ВКУПЕН КРИМИНАЛИТЕТ | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО РЕГИСТРИРАНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА | **18.727** | 19.668 | -4,8%↓ |
| КД СО ПОЗНАТ СТОРИТЕЛ | **8.940** | 8.476 | 5,5%↗ |
| КД СО НЕПОЗНАТ СТОРИТЕЛ | **9.787** | 11.192 | -12,5%↓ |
| КРИВИЧНО ПРИЈАВЕНИ СТОРИТЕЛИ | **14.000** | 13.977 | 0,2%↗ |
| ВКУПНА ЕФИКАСНОСТ ВО ИЗВЕШТАЕН ПЕРИОД | **60,2%** | 57,5% | 2,7%↗ |

**Табеларен приказ бр.8 : Вкупен криминалитет**

Забележани се елементи на омраза и раздор по етничка основа и насилни инциденти кои се регистрирани на денот на прославата на албанското знаме, што резултираше со пораст на кривичните дела против државата.

Најголемиот број од кривичните дела се на подрачје на СВР Скопје каде се регистрирани вкупно 7.981 кривично дело, по што следат подрачјата на СВР Битола, СВР Тетово и СВР Штип каде се регистрирани од 1.700 до 2.170 кривични дела, потоа СВР Охрид,

2 Податоците во заградата се однесуваат за 2023 година

СВР Куманово и СВР Струмица со регистрирани од 1.200 до 1.300 кривични дела, додека најмал број се регистрирани на подрачје на СВР Велес-984 кривични дела.

| ВКУПЕН КРИМИНАЛИТЕТ ЗА 2024 ГОДИНА ПО СВР | КРИВИЧНИ ДЕЛА | КД СО ПОЗНАТ | КД СО НЕПОЗНАТ | РАСВЕТЛЕНИ КД ОД ИЗВЕШТАЕН ПЕРИОД | СТОРИТЕЛИ | СТАПКА НА КРИМИНАЛ | ВКУПНА ЕФИКАСНОСТ 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СВР СКОПЈЕ | 7981 | 2737 | 5244 | 531 | 4068 | 434,53 | **40,9** |
| СВР БИТОЛА | 2168 | 1030 | 1138 | 341 | 1683 | 118,04 | **63,2** |
| СВР ВЕЛЕС | 984 | 534 | 450 | 190 | 945 | 53,57 | **73,6** |
| СВР КУМАНОВО | 1245 | 744 | 501 | 175 | 1107 | 67,78 | **73,8** |
| СВР ОХРИД | 1313 | 769 | 544 | 251 | 1185 | 71,49 | **77,7** |
| СВР СТРУМИЦА | 1216 | 759 | 457 | 271 | 1272 | 66,21 | **84,7** |
| СВР ТЕТОВО | 1979 | 1411 | 568 | 226 | 1962 | 107,75 | **82,7** |
| СВР ШТИП | 1706 | 821 | 885 | 358 | 1411 | 92,88 | **69,1** |
| ОСОСК | 135 | 135 | 0 | 0 | 367 | 7,35 | **100,0** |
| ВКУПНО | 18.727 | 8.940 | 9.787 | 2.343 | 14.000 | 1.019,6 | 60,2 |

Табеларен приказ бр. 9- Вкупен криминалитет по СВР

Значајно е да се напомене дека и годинава продолжи трендот на намалување на кривичните дела **извршени од деца** за 16,6%, односно регистрирани се 495 кривични дела извршени од 813 деца, од нив најголем дел-88% се на возраст од 14 до 18 години. Речиси половина од делата се однесуваат на имотните деликти, но извршени се и дела со елементи на насилство, од кои доминираат насилствата, тешките телесни повреди, телесни повреди при семејно насилство, дела од недозволена трговија со дрога, од областа на сообраќајот и други.




Графички приказ бр.12 Кривични дела извршени од деца

## 2.2 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА

Во 2024 година откриени се 15 кривични дела против државата, споредбено со претходната година, кога беа регистрирани четири кривични дела.

Најзастепни се „предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“-10 кривични дела за што пријавени се 17 сторители, по две кривични дела „учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“ и „неовластено влегување во воени објекти и правење скици или цртежи на воени објекти и борбени средства“ и едно кривично дело „расна и друга дискриминација“.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
|---|---|---|---|
| ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОМРАЗА, РАЗДОР ИЛИ НЕТРПЕЛИВОСТ ВРЗ НАЦИОНАЛНА, РАСНА, ВЕРСКА И ДРУГА ДИСКРИМИНАТОРСКА ОСНОВА | 10 | 2 | пет пати↗ |
| УЧЕСТВО ВО СТРАНСКА ВОЈСКА, ПОЛИЦИЈА, ПАРАВОЕНИ ИЛИ ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ | 2 | - | 200↗ |
| НЕОВЛАСТЕНО НАВЛЕГУВАЊЕ ВО ВОЕНИ ОБЈЕКТИ И ПРАВЕЊЕ СКИЦИ ИЛИ ЦРТЕЖИ НА ВОЕНИ ОБЈЕКТИ И БОРБЕНИ СРЕДСТВА | 2 | - | 200↗ |
| СЛУЖБА ВО НЕПРИЈАТЕЛСКА ВОЈСКА | - | 1 | - |
| РАСНА И ДРУГА ДИСКРИМИНАЦИЈА | 1 | 1 | |
| ВКУПНО КРИВИЧНИ ДЕЛА | 15 | 4 | три и пол пати ↗ |

**Табеларен приказ бр. 10-Број на кривични дела против државата по вид**

Најголем број на откриени кривични дела има на подрачјето на СВР Тетово-шест, а по две на подрачје на СВР Скопје, СВР Битола и ОСОСК и по едно кривично дело на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Струмица, Куманово и Велес.

Во 2024 година сузбиена е терористичка „ќелија“ со основи на идеолошката матрица на терористичката организација ИСИС. Лицата биле со намера на изведување на терористички акт на цивилни цели, односно јавни објекти на територија на Република Северна Македонија. За остварување на таа намера, на повеќе групи на социјалната мрежа Telegram споделувале пропаганден материјал, регрутирале нови членови, се обиделе да набават огнено оружје, а набавиле и упатства за изработка на импровизирани експлозивни направи.

Хибридните закани кои се однесуваат на лажни дојави за поставени бомби во 2024 година бележат значително намалување. Регистрирани се помал број на пријави за поставени експлозивни направи, најголем број пристигнати во основни училишта.

## 2.3 ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Во областа на организираниот криминал, фокусот на полициското работење беше насочен кон превенција, спречување и борба со сите облици на организиран криминал и корупција, согласно највисоките стандарди за полициско работење. Неселективната борба се спроведуваше преку водење на криминалистички истражувања за сузбивање на организирани криминални групи, а резултираше со спречување на 14 организирани криминални групи во кои дејствувале 129 физички лица. Дел од овие лица, за криминалните активности користеле и три правни лица.

| | ОКГ | | ЧЛЕНОВИ НА КРИМИНАЛНИ ГРУПИ | |
|---|---|---|---|---|
| ОБЛАСТ НА КРИМИНАЛ | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА |
| НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА | **8** | **6** | 61 | 24 |
| НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ | - | 3 | - | 41 |
| КОРУПЦИЈА | 2 | 3 | 26 | 30 |
| КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ | 2 | 1 | 20 | 24 |
| ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ-ПОСРЕДУВАЊЕ ВО ПРОСТИТУЦИЈА | 1 | - | 4 | - |
| СЕРИОЗЕН И НАСИЛЕН КРИМИНАЛ | 1 | - | 18 | - |
| КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВОСУДСТВОТО | - | **1** | - | 4 |
| ВКУПНО | **14** | **14** | 129 | 123 |

**Табеларен приказ бр.11-Сузбиени ОКГ по област на криминал во 2024 година**

Министерството за внатрешни работи одигра клучна улога **со сузбивање на една од најзаканувачките групи, која во изминатите години со своето делување предизвика сериозни безбедносни импликации.** Во декември 2024 година во координирана полициска акција е сузбиена и кривично пријавена 18-члена поликриминална организирана криминална група, чии членови подолг временски период се инволвирани во вршење на кривични дела од областа на сериозен и насилен криминал. Во периодот од 2014 до 2024 година, членовите на групата учествувале во извршување на седум убиства од кои шест на територија на Северна Македонија и едно во Грција, во кои лишени од живот се девет лица, притоа опожариле објекти и патнички возила на вработени лица во затворската полиција.

Со цел ефективно справување со корупцијата, полицијата посветено и професионално ги интензивираше активностите за справување со корупцијата кои резултираа со **сузбивање на две организирани криминални групи во кои дејствувале 26 лица, од кои една е во доменот на високата корупција**. Во декември 2024 година, при спроведена координирана полициска акција, беше сузбиена организирана криминална група, во рамки на која кривично се пријавени 23 физички лица и два правни субјекти. Дел од организаторите и припадниците на злосторничкото здружение, со намера да прибават за себе или за друг значителна имотна корист не ја извршувале службена должност како вработени во АД ЕСМ Скопје, Подружница РЕК Битола со што овозможиле на едно од пријавените правни лица да го добие Договорот за јавна набавка на адитиви и да се стекне со имотна корист во износ од 397,6 милиони денари.

Полицијата успешно сузби тричлена група, во која двајца членови во период на вршење на кривичните дела биле вработени во МВР. Членовите пренесувале службени информации за спроведување на оперативни и истражни дејствија на повеќе организирани криминални групи, инволвирани во извршување на тешки кривични дела.

Недозволената трговија со дрога продолжува да биде најголем криминален пазар во кои се инволвирани организираните криминални групи, при што во овој период сузбиени се осум групи, а за одбележување е сузбиената **16 члена организирана меѓународна криминална група,** при што утврдена е поврзаност на членовите во организирање и давање на логистика за транспорт на поголеми количини на кокаин од латиноамериканските држави до земјите од Европска унија и Северна Македонија. Една од сузбиените групи била поликриминална, истата подолг временски период била инволвирана и во посредување во вршење проституција, а нелегално стекнатите приходи ги прикривале со перење пари.

Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе **сузби две организирани криминални групи во кои делувале 20 лица**, кои организирале криумчарење на поголем број на мигранти од Грција, преку територијата на Северна Македонија и Србија, кон државите на ЕУ.

Покрај ова, сузбиена е и четири члена организирана криминална група **инволвирана во посредување на проституција,** која организирала врбување, прифаќање, превезување и сместување на женски лица од Бразил на територија на Северна Македонија и преку социјална мрежа договарале клиенти за сексуални услуги. Притоа еден од членовите креирал крипто паричник на лице од Бразил и извршил префрлање на парични средства во Бразил, стекнати од кривичното дело со што и овозможил да врши трансакции и да го прикрие изворот на парични средства.

## 2.4 КОРУПЦИЈА И ПЕРЕЊЕ ПАРИ

### 2.4.1 КОРУПЦИЈА

Министерството за внатрешни работи беше особено фокусирано на остварување значителни резултати на полето на антикорупциската борба како врвен национален стратешки приоритет, преку активна партиципација во сите процеси поврзани со зајакнување на безбедноста и институционалните капацитети, во насока на интензивирање на неселективна и бескомпромисна борба против корупцијата на сите нивоа.

Во текот на 2024 година, сузбиени се **две организирани криминални групи**, зголемен е бројот на откриени кривични дела и на откриени сторители.

**Првата група** ја сочинувале двајца вработени во МВР и едно физичко лице кои формирале злосторничко здружување и од користољубие со цел стекнување на противправна имотна корист пренесувале службени информации, односно биле инволвирани во вршење на криминални активности во криминални групи, најчесто за вршење на тешки кривични дела.

**Втората криминална група** составена од 23 членови во својство на високо позиционирани раководни лица и вработени во акционерски друштва во државна

сопственост (**директори и поранешни директори во АД ЕСМ, ТЕЦ Неготино, РЕК Битола, РЕК Осломеј),** но и сопственици и управители на правни лица кои со злоупотреба на постапките за јавен повик и набавки на адитиви, овозможиле правно лице да се стекне со имотна корист од приближно 400 милиони денари.

Не изостанаа и резултатите во делот на санкционирање на поединечните случаи на коруптивно однесување, при што годинава во рамките на оваа област откриени се вкупно **206 кривични дела,** што претставува **зголемување на откривачката функција за значителни 63,5%,** споредбено со 2023 година кога беа откриени 126 кривични дела. За криминалните активности, пријавени се **363 сторители** (356 физички и седум правни лица), додека причинета материјална штета бележи значително зголемување од над 330% и истата изнесува над **1,5 милијарди денари.**

| | Вкупно кривични дела | Сторители | Откривачка функција | Материјална штета |
|---|---|---|---|---|
| 2023 | 126 | 185 | -5,3% | 352,3 милиони денари |
| 2024 | 206 | 363 | 63,5% | 1,5 милијарди денари |

**Графички приказ бр.13 -Кривични дела, сторители, мат. штета од областа на корупцијата во 2024 година**

Од откриените кривични дела најбројни се **коруптивните злоупотреби – 85** и **„несовесно работење во службата“ – со коруптивен елемент – 57** кривични дела, потоа **12 кривични дела** „примање поткуп“, **11** „злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство“, „давање поткуп“ **- 10, шест** кривични дела „помагање“ во врска со „злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство“, **четири** кривични дела „помагање“ во врска со „злоупотреба на службена положба и овластување“ и други.




**Графички приказ бр.14 – Најдоминантни кривични дела со елементи на корупција 2022-2024 година**

Најголем број од коруптивните инкриминации се откриени од страна на **Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал-56**, потоа од страна на **СВР Штип – 43**, **СВР Скопје-28**, **СВР Охрид – 21**, **СВР Струмица** – 18, **СВР Куманово-17 итн**.

| | КРИВИЧНИ ДЕЛА | | | СТОРИТЕЛИ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА |
| *СВР СКОПЈЕ* | 28 | 13 | 115,4%↗ | 65 | 16 |
| *СВР БИТОЛА* | 12 | 17 | -29,4%↓ | 14 | 18 |
| *СВР ВЕЛЕС* | 1 | 11 | -90,9%↓ | 2 | 23 |
| *СВР КУМАНОВО* | 17 | 8 | 112,5%↗ | 42 | 10 |
| *СВР ОХРИД* | 21 | 23 | -8,7%↓ | 29 | 28 |
| *СВР СТРУМИЦА* | 18 | 12 | 50%↗ | 25 | 14 |
| *СВР ТЕТОВО* | 10 | 18 | -44,4%↓ | 12 | 28 |
| *СВР ШТИП* | 43 | 13 | 230,8%↗ | 44 | 16 |
| *ОСОСК* | 56 | 11 | 409,1%↗ | 130 | 32 |
| *ВКУПНО* | 206 | 126 | 63,5%↗ | 363 | 185 |

**Табеларен приказ бр.12- Состојби во областа на корупцијата по СВР за 2024/2023 година**

Притоа значаен показател за остварените резултати е и трендот на **пораст на ефикасноста во делот на коруптивните злоупотреби** за 25%, а високо ниво на реализација има и во делот на **класичната корупција каде бројот на откриени кривични дела е најголем** од 2015 година наваму.





Криминалните активности од овој вид најчесто се извршени од страна на лица вработени во државните институции, јавните установи и претпријатија, единиците на локалната самоуправа и правните лица, кои се инволвирани во коруптивни активности во областа на јавните набавки, земјоделството, шумарството и водостопанството, полициското и царинското работење, издавањето на дозволи, лиценци и концесии, образованието, здравството, урбанизмот, правосудството, административните процедури, јавните услуги, изборните активности и друго.

Министерството за внатрешни работи како клучна институција за откривање на случаите поврзани со корупција, вложи значајни напори за откривање на коруптивните **однесувања во кои биле инволвирани лица со службени овластувања, со особен акцент на вработените во МВР**, за што во 2024 година кривично пријавени се **59 вработени** кои се осомничени дека извршиле **21** кривично дело. Значаен е бројот и на сторителите кои практикувале корупција во својство на управители/вработени /сопственици на правни лица – 37, директори на јавни установи/претпријатија и вработени во министерства /агенции/управи – по 32 лица, вработени во единиците за локална самоуправа – 30.

Покрај ова, мерки на кривичен прогон се преземени и против **27 вработени** во Царинска управа**, 26** референти во јавни претпријатија**, 22** вработени во јавни установи/претпријатија, **седум** градоначалници, **по четири** нотари и директори на Фонд/Инспекторат/Управа/Казнено поправна установа, **тројца** адвокати и тн.

За одбележување се **реализираните случаи на корупција од висок профил**, при што кривично пријавени беа судија на Врховен суд, Заменик претседател на Советот на јавните обвинители, како и поранешен Претседател на Влада, потпретседател на Влада, Генерален секретар на Влада, Генерален и поранешен Директор на АД ЕСМ, поранешни директори на РЕК Битола и АД за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, поранешен Директор на комерцијални работи во АД ЕСМ подружница РЕК Битола во АД ЕСМ, Директори на РЕК Осломеј, Директор на АД Државна лотарија и поранешен Министер за култура.

## 2.4.2 ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Кривичните дела „**перење пари и други приноси од казниво дело**" оваа година се во намалување. Регистрирани се вкупно седум (10)кривични дела, за кои кривично се пријавени 19 сторители.




**Графички приказ бр.15- Кривични дела „перење пари" и сторители 2018-2024 година**

Кај **три** дела детектиран е коруптивен елемент, од кои едно е во рамки на сузбиена организирана поликриминална криминална група, која со злоупотреба на постапките за јавен повик и набавки на адитиви, овозможиле правно лице да се стекне со имотна корист од приближно 400 милиони **денари и за истото се кривично пријавени шест сторители. Преостанатите две дела** ги извршиле **четири лица** во својство на сопственик /управител и вработени на правно лице со ограничена одговорност, кои со намера да се стекнат со противправна имотна корист, во просториите на друштвото без да поседуваат лиценца која им била одземена во 2016 година, организирале приредување на игри на среќа со што противправно стекнале над 1,6 милиони евра и ги пуштиле во легален платен промет преку трансферирање на позајмици кон пријавениот правен субјект.

Во **останатите случаи** за перење пари, пријавени се **четири лица** кои биле дел од две организирани криминални групи активни во областа на недозволена трговија со дрога и

проституција, како и **четири невработени лица** и приматели на социјална помош кои во нивната семејна куќа недозволено организирале и приредувале интернет игри на среќа, а нелегалните приходи кои ги примале во криптовалути, ги претворале во странски валути, по што ги подигнувале од менувачници за размена и ги користеле за купување на движен и недвижен имот.

## 2.5 КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

### 2.5.1 КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

Ризикот од криумчарење на мигранти останува да биде на високо ниво, со оглед дека криумчарењето мигранти е високо застапена и доминантна криминална активност, а зголемена е и побарувачката на услугите на криминалните структури кои активно делуваат во регионот и пошироко. Во текот на 2024 година, полициските службеници открија вкупно 69 случаи на криумчарење на вкупно 487 мигранти, најмногу од Сирија, Кина, Ирак и од Непал. Мерки на кривичен прогон се преземени против 78 сторители, од нив две се деца, а 23 се странски државјани (седум од Турција, четири од Косово, тројца од Пакистан, по двајца од Србија, Сирија, Авганистан и од Албанија и еден од Босна и Херцеговина) за сторени 60 кривични дела „криумчарење на мигранти“.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
|---|---|---|---|
| ОТКРИЕНИ СЛУЧАИ | **69** | **111** | -37,8%↓ |
| БРОЈ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА | 60 | 96 | -37,5%↓ |
| БРОЈ НА СТОРИТЕЛИ | 78 | 119 | -34,4%↓ |
| БРОЈ НА КРИУМЧАРЕНИ МИГРАНТИ | 487 | 1.334 | -64%↓ |
| БРОЈ НА ОКГ | **2** | **2** | - |

**Табеларен приказ бр.13- Откриени случаи, кривични дела, сторители на криумчарење мигранти**



Сузбиени се две организирани криминални групи една 13 члена организирана криминална група, која организирала криумчарење на поголем број мигранти, најголем број по потекло од Непал и Сирија, кои одреден временски период престојувале на територијата на Србија и Грција, додека втората седум члена група е инволвирана во криумчарење мигранти најголем дел со потекло од Сирија, Конго и Ирак на начин што истите биле прифаќани во околината на Гевгелија и Дојран, од каде со криење во бункери во товарниот дел на товарни возила биле пренесувани до кумановско-липковскиот регион. Дел од криумчарените мигранти времено биле сместувани и засолнувани во објекти на членовите, соработниците и помагачите на групата, од каде потоа биле криумчарени кон територијата на Србија и државите на ЕУ.

**Модус на делување**

Мигрантите се прифаќаат на претходно утврдени и договорени локации во Атина-Грција, од каде организирано се носат во близина на граничната линија со Северна Македонија и пеш остваруваат илегален влез. Потоа се преземаат со моторни возила, најчесто се работи за патнички возила од типот на фолксваген, ауди, мерцедес и пежо, на кои се поставени регистарски таблички со скопски, гевгелиски, струмички, велешки ознаки,

како и со ознаки на Косово, Србија и Бугарија и се носат до северниот дел од државата (села во близина на границата со Србија). Возачите откако ќе ги забележат полициските патроли, ги оставаат возилата со мигрантите покрај патот и се даваат во бегство.

## Рути на движење

Рута на движење на криминалните групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти е патниот правец Гевгелија-Скопје-Куманово, особено магистралните патишта Гевгелија-Демир Капија и Марвинци-Удово, клучките Богданци, Миравци, Мрзенци, Караслари, наплатните рампи Смоквица, Сопот и Демир Капија, регионалниот пат Неготино-Градско, а дел од мигрантите се откриени и во реонот на Струмица (селата Костурино и Дабиле), како и село Јосифово во Валандово. Во северниот дел од државата, места каде се откриени криумчарените мигранти се во близина на автопатот Куманово-Граничен премин „Табановце“, односно во близина на селото Табановце и Сопот и места викани Нато клучка и Табла 1000.







**Графички приказ бр.16- Откриени случаи на криумчарење мигранти, кривични дела и сторители 2023/2024 година и криумчарени мигранти по земја на потекло во 2024 година**

## 2.5.2 ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Во делот на **трговија со луѓе** оваа година, исто како и претходната не се регистрирани кривични дела „трговија со луѓе“. Идентификувани се вкупно **40 жртви на трговија со луѓе/деца**, од кои **37 полнолетни лица од женски пол, едно полнолетно лице од машки пол и по едно дете од машки и женски пол.** По држави од каде потекнуваат жртвите на трговија со луѓе **11 се од Руска федерација, по шест од Колумбија и шест од Украина (само две лица имаа престој по хуманитарен основ), пет од Бразил, по две од Северна Македонија и Албанија и едно од Бангладеш.**

Во текот на годината, на подрачјето на Тетово и Гостивар спроведени се **46 акциски контроли во угостителски објекти**, со цел откривање на странски државјанки кои нелегално престојуваат и работат во објектите како танчерки и пеачки. Контролата е извршена во 67 угостителски објекти, во кои затекнати се вкупно 337 женски лица, од кои 207 странски државјанки, од нив 98 се приведени поради непријавен престој на нашата територија (27 од Албанија; 21 од Украина, 18 од Русија, 17 од Србија, седум од Косово, три од Романија, по две од Казахстан и од Молдавија и едно лице од Франција). Против лицата се преземени мерки за

сторени прекршоци од Законот за странци, а од страна на надлежните основни судови им се изречени прекршочни санкции и мерки „забрана за влез на нашата територија“, во траење до една година.

| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | 2022 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| БРОЈ НА АКЦИСКИ КОНТРОЛИ | 46 | 38 | 27 |
| БРОЈ НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ | 67 | 71 | 38 |
| БРОЈ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНКИ | 207 | 185 | 311 |




Табеларен приказ бр.14- Спроведени акциски контроли во угостителски објекти 2022-2024 година и Графички приказ бр.17 -Број на странски државјанки по земја на потекло во 2024 година

Кај **трговијата со деца** бележиме намален тренд на откриените случаи (реализирани се два случаи на трговија со дете, лани пет за што мерки на кривичен прогон се преземени против две лица). Жртви на кривичните дела се две деца на возраст од 14 години. Жртвите на трговија со луѓе/деца најчесто се ранлива категорија и се цел на сексуална експлоатација, особено во земјите каде е застапена сиромаштијата, родовата нееднаквост и насилство.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА „ТРГОВИЈА СО ДЕЦА“ | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | 2022 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| БРОЈ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА | 2 | 8 | 7 |
| БРОЈ НА СТОРИТЕЛИ | 2 | 31 | 13 |
| БРОЈ НА ЖРТВИ | 2 | 4 | 5 |

Табеларен приказ бр.15- Број на кривични дела трговија со дете по член 418-г од КЗ на Северна Македонија

## Сузбиени организирани криминални групи

**Реализирани се два случаи** на посредување при вршење на проституција, при што **сузбиена е криминална група** составена од шест лица од нив две се непознати лица од Португалија, две лица се странски државјани (од Бразил и Сирија), а двајца се државјани на Северна Македонија кои организирале врбување, прифаќање, превезување и сместување на женски лица од Бразил на територија на Северна Македонија и преку социјална мрежа договарале клиенти за сексуални услуги, а еден од пријавените креирал крипто паричник на женско лице од Бразил и извршил префрлање на парични средства во Бразил, стекнати од кривичното дело со што и овозможил да врши трансакции и да го прикрие изворот на парични средства. Вториот случај е во рамки на криминална група која се занимава со недозволена трговија со дрога, каде кривично се пријавени 11 лица (меѓу кои и еден полициски службеник) за посредување во вршење на проституција на странски државјанки кои работеле како танчарки во угостителски објекти во тетовските села Жеровјане и Горно Седларце и во стриптиз клубови во Охрид.

# 2.6 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ

## 2.6.1 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА

Министерството за внатрешни работи во 2024 година интензивно преземаше мерки и активности на полето на сузбивање на недозволената трговија со дрога што резултираше со зголемување на откривачката функција, значаен број на сузбиени организирани криминални групи, спречување на четири транспорти, но и санкционирање на злоупотреби во правни лица кои имаат лиценци за производство на марихуана за медицински цели.

Откриени се **891** (828)[3] кривично дело кои се на највисоко ниво во последните пет години, а според видот најбројни се „**неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори**“ – 770 (722) кривични дела, потоа „**овозможување на употреба наркотични дроги**“ – 110 (93), а откриени се и 11 (13) кривични дела од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции. По преземени мерки кривично се пријавени вкупно 1.066 (986) сторители, од нив 30 (26) се деца и пет (осум) правни лица.

| | кривични дела по член 215 | сторители по член 215 | кривични дела по член 216 | сторители по член 216 | кривични дела по ЗКОДПС | сторители по ЗКОДПС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ↗ | ↗ | ↗ | ↗ | ↓ | ↓ |
| 2023 | 722 | 866 | 93 | 99 | 13 | 21 |
| 2024 | 770 | 923 | 110 | 124 | 11 | 19 |

Графички приказ бр. 18- Кривични дела и сторители од недозволена трговија со дрога 2024/2023 година

Најголем број од кривичните дела се откриени на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје, Охрид, Битола и Тетово, а најголем пораст на откривачката функција е забележан на подрачјата на СВР Струмица-44,1% и СВР Велес – за 40,4%.

| | КРИВИЧНИ ДЕЛА | | | СТОРИТЕЛИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| *СВР СКОПЈЕ* | 166 | 157 | 5,7% ↗ | 202 | 175 | 15,4% ↗ |
| *СВР БИТОЛА* | 123 | 134 | -8,2% ↓ | 135 | 153 | -11,8% ↓ |
| *СВР ВЕЛЕС* | 73 | 52 | 40,4% ↗ | 89 | 64 | 39,1% ↗ |
| *СВР КУМАНОВО* | 56 | 53 | 5,7% ↗ | 61 | 57 | 7% ↗ |
| *СВР ОХРИД* | 131 | 117 | 12% ↗ | 155 | 125 | 24% ↗ |
| *СВР СТРУМИЦА* | 98 | 68 | 44,1% ↗ | 119 | 78 | 52,6% ↗ |
| *СВР ТЕТОВО* | 120 | 134 | -10,4% ↓ | 156 | 181 | -13,8% ↓ |
| *СВР ШТИП* | 114 | 108 | 5,6% ↗ | 122 | 114 | 7% ↗ |
| *ОСОСК* | 10 | 5 | 100% ↗ | 27 | 39 | -30,8% ↓ |
| *ВКУПНО* | **891** | 828 | 7,6% ↗ | 1.066 | 986 | 8,1% ↗ |

Табеларен приказ бр.16-Откривачка функција во областа на недозволена трговија со дрога по СВР за 2024/2023 година

[3] Податоците во заградата се однесуваат на 2023 година

Во рамки на реализираните случаи запленети се 317,92 килограми **марихуана**, 31,39 литри **масло канабис**, три килограми и 251,9 грама **кокаин**, еден килограм 466,51 грам **амфетамин**, еден килограм и 443,69 грама **хероин**, **синтетички таблети** 1.322,5 парчиња (од кои 1.320,5 екстази и две амфетамин) и 17,55 грама екстази, еден килограм 138,47 грама **мешавина од кофеин и парацетамол**, 779,5 мililитри **метадон**, 427 парчиња и 22,16 грама **семки канабис**, 171,44 грама **хашиш**, 102,91 грам **мешавина марихуана и тутун**, 94 **стебла** и 151 парче искршени ситни гранки од **канабис**, 3,2 грама и 81 парче **печурки со псилоцибин**, 36,2 грама **хашиш смола и масло**, 31,06 грама **метамфетамин**, 12,44 грама мешавина кофеин парацетамол и хероин и во помала количина други видови дрога и медикаменти.

| ЗАПЛЕНА НА ДРОГА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
|---|---|---|---|
| МАРИХУАНА (КГ) | 317,92 | 5.091,40 | -93,8%↓ |
| ХЕРОИН (ГР) | 1.443,69 | 1.529,15 | -5,6%↓ |
| КОКАИН (ГР) | 3.251,90 | 3.558,75 | -8,6%↓ |
| СТЕБЛА КАНАБИС САТИВА | 94 | 4.541 | -97,9%↓ |
| ЕКСТАЗИ ТАБЛЕТИ | 1.320,5 | 3.672,5 | -64%↓ |
| ХАШИШ (ГР) | 171,44 | 46,84 | 266% ↗ |
| АМФЕТАМИН (ГР) | 1.466,51 | 10.951,45 | -86,6%↓ |
| МЕТАМФЕТАМИН (ГР) | 31,06 | 17,51 | 77,4% ↗ |
| ХАШИШ СМОЛА И МАСЛО (МЛ) | 36,2 | 104,1 | -65,2%↓ |
| МДМА (ГР) | 17,55 | 151,44 | -88,4%↓ |
| МЕШАВИНА КОФЕИН И ПАРАЦЕТАМОЛ (ГР) | 1.138,47 | 372,91 | 205,3% ↗ |

Табеларен приказ бр.17 -Запленета дрога и психотропни супстанции според вид и количина за 2024/2023 година

## Сузбиени организирани криминални групи

Значајни постигнувања се остварени во делот на справување со организираните облици на трговија со дрога преку сузбивање на **осум организирани криминални групи** во кои членувале 61 физичко лице (60 македонски и еден бразилски државјанин), а бил инволвиран и еден правен субјект. Во рамки на пет од групите запленето е **102,17 килограми марихуана од повеќе сорти** со потекло од Албанија, но и од правни субјекти лоцирани во Демир Капија и Струмица, потоа **еден килограм и 522,12 грама кокаин, 27,38 грама амфетамин, 0,30 грама кокаин со присуство на кетамин и таблета екстаза,** додека во **една поликриминална група** документирани се криминални активности на 15 лица кои истовремено биле инволвирани и во посредување во вршење проституција во западниот и југозападниот дел на државата.

Во овој дел посебно треба да се истакнат активностите на службите кои со поддршка на Европол и Заедничкиот истражен тим LIMIT од земјите членки, Франција, Белгија и Холандија, кои по повеќемесечна истрага раководена од Јавни обвинители од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, резултираа со обезбедување на материјални докази и сузбивање на **16 члена организирана криминална група,** активна на меѓународно ниво во организирање и логистика за набавка и транспорт на кокаин и вршење на убиства.

## Пресечени меѓународни транспорти

Позитивните резултати во работењето на полицијата, особено се видливи и во спречувањето на меѓународните транспорти на наркотична дрога. Во 2024 година пресечени се четири транспорти, од кои **три транспорти на марихуана на релација Албанија – Северна Македонија**, откриени во западниот и југозападниот дел на земјата и тоа на наплатната станица Тетово, во близина на село Спас во дебарскиот регион и последниот во близина на Демир Хисар, при што запленети се **57 килограми и 312,4 грама марихуана и една автоматска пушка**, а кривично се пријавени пет лица (тројца македонски и двајца албански државјани).

Покрај ова, на Меѓународниот аеродром Скопје пресечен е и **меѓународен транспорт на кокаин** во рамки на сузбиена четиричлена криминална група која организирала транспорт на **еден килограм и 483,2 грама кокаин** пронајден во багажот на 34 годишен државјанин на Бразил кој пристигнал од Истанбул.










## Злоупотреба во правни лица лиценцирани за производство на канабис за медицински цели

И во 2024 година карактеристична појава беа зачестените злоупотреби во правни лица лиценцирани за производство на канабис за медицински цели, што резултираше со одземање на дел од лиценците. По преземени мерки констатирани беа злоупотреби и нерегуларности во **пет правни субјекти** на подрачје на Секторите за внатрешни работи Скопје и Струмица, за што поднесени се пет кривични пријави против 14 физички и пет правни лица за сторени 11 (13) кривични дела од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, а во рамки на случаите од правно лице од село Зубово – Ново Село одземени се **девет килограми и 487 грама марихуана,** додека во првата половина на декември од правен субјект од валандовското село Јосифово запленето е **3.840 килограми различни сорти на марихуана, кои се предадени на Агенцијата за управување со одземен имот.**

Во работењето на правните субјекти детектирани се злоупотреби и неправилности при навремено евидентирање, пријавување, настанати промени и отстапувања во одгледување на канабисот, неправилности во поглед на физичко и техничко обезбедување на објектот, договори за закуп на недвижниот имот, известувања за промена на персонал, сопственичката и управувачка структура.

## 2.6.2 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ

Активностите за сузбивање на недозволена трговија со оружје **резултираа со пораст на откривачката функција во овој домен,** при што зголемен е бројот на откриени кривични дела, кривично пријавени сторители, како и вкупните количини на заплена на оружје и пиротехнички средства.

Во областа за недозволена трговија со оружје во текот на 2024 година откриени се вкупно 201 кривично дело, од кои едно е **„фалсификување на огнено оружје“, а останатите** 200 се за „**недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи**“. По основ на наведените дела, кривично пријавени се вкупно 225 сторители, од кои три се правни лица.

| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
|---|---|---|---|
| БРОЈ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА | 201 | **180** | 11,7% ↗ |
| БРОЈ НА СТОРИТЕЛИ | 225 | 204 | 10,3% ↗ |
| ЗАПЛЕНЕТО ОРУЖЈЕ | 292 | 170 | 71,8% ↗ |
| ЗАПЛЕНЕТА МУНИЦИЈА | 10.388 | 44.236 | -76,5% ↓ |
| ЗАПЛЕНЕТИ ПЕТАРДИ | 84.680 | 27.429 | повеќекратно зголемување ↗ |

**Табеларен приказ бр.18- Кривични дела, сторители и заплени недозволена трговија со оружје**

Во рамки на откриените кривични дела запленети се вкупно 292 парчиња оружје и тоа: 30 автоматски пушки, две полуавтоматски пушки, 17 револвери, 109 пиштоли од кои еден е малокалибарски, два гасни и пет за звучна и светлосна сигнализација, 72 ловни пушки, 35 ловни карабини, три малокалибарски пушки, две рачно изработени пушки, по една војничка пушка и митралез, 16 воздушни пушки и четири рачни бомби.






Покрај ова, запленети се 10.388 парчиња муниција, 84.680 петарди, 166 пиротехнички ракети, 142 прскалки, 419 огномети, 10 парчиња топовски удар, 23 грама експлозив, 683,4 грама барут, девет метри спорогоречки фитил, пет запалки, пет проектили, 213 чаури, 6.145 грама, девет парчиња и шест тегли со сачми, четири шок бомби, три пригушувачи, осум оптички нишани, 65 рамки и 253 останати делови за оружје. Споредено со претходната година, бројот на кривичните дела е зголемен за 11,7%, а заплените со оружје се зголемени за 10,3 %. Во овие рамки зголемен е бројот на запленитe со пиштол и ловно оружје, кои вообичаено се доминантни во областа, при што **како посебно значајна се издвојува и зголемената заплена на автоматски пушки.**

Министерството за внатрешни работи континуирано презема активности за јакнење на капацитетите за контрола на легалното оружје, вклучувајќи ја и борбата со нелегалната трговија и криминалот од оваа област. Во овој домен посветено се работи и тековно се преземаат активности за спроведување на Патоказот за одржливо решение за нелегално поседување, злоупотреба и трговија со малото и лесно оружје (МЛО) и нивната муниција во Западен Балкан до 2024 година, вклучувајќи ја и имплементацијата на Националната стратегија и акцискиот план за контрола на малото и лесно оружје.

Според географската застапеност, најголем дел од кривичните дела се регистрирани на подрачјето на СВР Скопје-51, СВР Битола-32 и СВР Штип-30 кривични дела.

| *КРИВИЧНИ ДЕЛА* | | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| *СВР СКОПЈЕ* | 51 | 44 | 15,9% ↗ |
| *СВР БИТОЛА* | 32 | 30 | 6,6%↗ |
| *СВР ВЕЛЕС* | 18 | 17 | 5,8% ↗ |
| *СВР КУМАНОВО* | 15 | 6 | 150% ↗ |
| *СВР ОХРИД* | 16 | 28 | -42,8%↓ |
| *СВР СТРУМИЦА* | 10 | 10 | - |
| *СВР ТЕТОВО* | 21 | 17 | 23,5%↗ |
| *СВР ШТИП* | 30 | 21 | 42,8% ↗ |
| *ОСОСК* | 8 | 7 | 14,3% ↗ |
| *ВКУПНО* | **201** | 180 | 11,6% ↗ |

**Табеларен приказ бр.19- Регистрирани кривични дела недозволена трговија со оружје по СВР**

## 2.7 КРИУМЧАРЕЊЕ АКЦИЗНИ И ДРУГИ ВИДОВИ СТОКИ

Во 2024 година во областа за криумчарење на акцизни и други видови стоки откриени се 51 (58[4]) кривично дело и тоа: 34 дела „**криумчарење**“, од кои осум се за „**помагање**“ и две за „**поттикнување**“ на криумчарење, 16 дела се „**прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама**“ од кои и едно „соизвршителство“, а едно кривично дело е за „**избегнување на плаќање акциза**“. По однос на наведените дела кривично пријавени се 50 (55) сторители, при што пет кривични дела се со непознат сторител.




**Графички приказ бр.19- Кривични дела од областа на криумчарење акцизна стока**

[4] Податоците во заграда се однесуваат за 2023 година

Во рамки на откриените кривични дела запленети се 100,5 килограми тутун, 213 штеки и 2.091 кутија со цигари, 55 парчиња снус, 15 кутии ризла смокинг, 14.000 кутии со електронски цигари, 320 кесички со по 200 грама желетутун за наргиле, 20 машини за правење цигари, 36 кутии со филтери за цигари, 470 кг. кафе, 13 грла добиток, 240 тегли со по 720 грама мед со апетисани, 140 кг. сушена кајсија, 23 парфеми, пет моторни возила, два скутери-мотоцикл, четири автоделови, пет парчиња мебел, пет половни душеци два пакети пиво, 16 шишиња маслиново масло, 36 чанти, 13 стакла со диоптрија, осум шишиња пигменти за фасада, 36 вреќи, две кеси и приколка со неутврдена количина на семенски материјал, 27 гуми со бандаж и три половни пневматици, текстил  и мала количина на останати трговска роба. Покрај ова, запленети се и велосипеди, четрицикли, електрични тротинети, моторни агрегати за генерирање на струја, компресори за воздух, бензински пумпи за вадење вода, електричен алат, машини, текстил и друга трговска стока.











Во споредба со 2023 година, бројот на откриени кривични дела бележи намалување за 12%, а намалување има и кај заплените во овој домен.  Во рамки на откриените случаи во 2024 година посебно се издвојува реализацијата во СВР Скопје, каде е откриен случај со криумчарење и заплена на пет луксузни моторни возила кои со фалсификување на документи, таблици или други ознаки биле внесени во државата и потоа противправно биле пуштани во продажба, за што кривично се пријавени 13 лица, од кои еден е со државјанство на Грција.

# 2.8 КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛИТЕТ

## 2.8.1 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО

Регистрираните кривични дела од насилен криминал, бележат пораст за 13,6% во однос на претходната година. Регистрирани се вкупно 1.943 кривични дела, од кои најбројни се „загрозување на сигурноста“, „насилства“, „предизвикување општа опасност“, „тешка телесна повреда“, при што истите процентуално се зголемени за 10 до 40% во однос на претходната година. Од останатите дела со елементи на насилство, забележан е намален тренд кај изнудите, уцените, лихварство, противправно лишување од слобода и грабнување.

### 2.8.1.1 УБИСТВА

Намален тренд на убиствата за 13% во однос на претходната година. Извршени се 20(23) убиства, во кои по преземени мерки расветлени се 18, додека две убиства извршени на подрачје на СВР Скопје остануваат нерасветлени. Мерки на кривичен прогон се преземени против 24 сторители, од нив еден е вработен во МВР. Пет од убиствата се извршени при семејно насилство, а три убиства се со по две жртви.

Најголем број од убиствата се извршени на подрачје на СВР Скопје-седум и СВР Тетово-четири. Во однос на начинот, 11 убиства се извршени со употреба на огнено оружје, четири со физичка сила, три со ладно оружје итн.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА УБИСТВА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| *СВР СКОПЈЕ* | 7 | 9 | -22,2%↓ |
| *СВР БИТОЛА* | 3 | - | - |
| *СВР ВЕЛЕС* | - | 4 | -100%↓ |
| *СВР КУМАНОВО* | 2 | 3 | -33,3%↓ |
| *СВР ОХРИД* | 1 | 1 | - |
| *СВР СТРУМИЦА* | - | 3 | -100%↓ |
| *СВР ТЕТОВО* | 4 | 1 | 300%↗ |
| *СВР ШТИП* | 3 | 2 | 50% ↗ |
| *ВКУПНО* | 20 | 23 | -13% ↓ |

**Табеларен приказ бр.20- Регистрирани убиства по Сектори за внатрешни работи – 2024/2023 година**

### 2.8.1.2 ОБИДИ ЗА УБИСТВА

Значителен пораст за над 116% оваа година бележат и кривичните дела „убиство во обид“. Регистрирани се вкупно 52 кривични дела, половина од нив извршени со употреба на огнено оружје.

Според локацијата, најголем дел се на подрачје на СВР Скопје-25, десет се на подрачје на СВР Тетово, по пет на подрачјата на СВР Струмица и СВР Куманово, три на подрачје на СВР Охрид, два обиди се на подрачје на СВР Битола и по еден на подрачје на СВР Велес и СВР Штип. Карактеристично е што над 100% зголемување бележат делата на подрачјата на СВР Скопје, Тетово, Охрид и Куманово. Во однос на сторителите, мерки се преземени против 64 лица, од кои шест се деца.

## 2.8.1.3 САМОУБИСТВА

Бројот на извршени самоубиства бележи намалување за 13,5%. Во текот на 2024 година, регистрирани се вкупно 83 (96) случаи, од нив најголем број на подрачје СВР Скопје – 25 каде е евидентиран пораст за над 56%, по што следуваат подрачјата на СВР Битола со 15 самоубиства и СВР Штип-14, СВР Струмица-10 и во помал број на другите подрачја.




Графички приказ бр.20-Самоубиства по Сектори за внатрешни работи

Најголем дел од самоубиствата и годинава ги извршиле лица од машки пол – 59 најчесто на возраст од над 30 години, а осум лица биле на возраст од 18 до 30 години. Во најголемиот дел од случаите не се утврдени во целост вистинските причини, но во значителен процент како мотив за извршување се наведува нервното растројство. Според начинот на извршување, во 49 случаи лицата си го одзеле животот со бесење, шест лица употребиле огнено оружје, во 17 случаи станува збор за скокање од височина, а во помал број за труење со отровни материи и давење во вода.

## 2.8.1.4 НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ-ЗАДЕСИ, НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ ПРИ РАБОТА

Во текот на годината, Министерството преземаше мерки за расчистување на 241 (265) **несреќен случај-задес и 229** (264) **несреќни случаи при работа**. Во несреќните случаи-задеси животот го загубиле 36(32) лица, 59(49) се тешко телесно повредени, а 141(75) лица со телесни повреди. Според локација, најголем дел од несреќните случаи-задеси се случиле на подрачје на СВР Тетово-109(169), а најмалку на подрачје на СВР Охрид-три (три).

Во несреќните случаи при работа, животот го загубиле 10 (девет) лица, 71 (76) биле тешко телесно повредени, а на 147 (184) лица им биле нанесени телесни повреди. По подрачје, најмногу се застапени на подрачјето на СВР Штип-67, СВР Велес-46 и по 27 на подрачје на СВР Струмица и СВР Тетово. Инаку, најчеста причина поради која доаѓало до несреќните случаи е поради невнимание, а мал дел е поради непридржување кон заштитните мерки и дотраеност на машини.

## 2.8.1.5 ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ

Регистрирани се вкупно 340 (242) кривични дела **предизвикување општа опасност**, од кои три се во обид, при што најголем дел се на подрачје на СВР Скопје-143, кои речиси 100% се зголемени, а значително е зголемен бројот на делата и на подрачјето на СВР Струмица. Најчест објект на напад при вршење на овие дела се возилата. Во село Велешта-Струга, на три авто-плацови опожарени се вкупно 113 патнички возила и еден четирицикл.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| СВР СКОПЈЕ | 143 | 73 | 95,9%↗ |
| СВР БИТОЛА | 50 | 40 | 25%↗ |
| СВР ВЕЛЕС | 28 | 17 | 64,7%↗ |
| СВР КУМАНОВО | 17 | 27 | -37%↓ |
| СВР ОХРИД | 23 | 18 | 27,8%↗ |
| СВР СТРУМИЦА | 30 | 9 | 233,3%↗ |
| СВР ТЕТОВО | 31 | 38 | -18,4%↓ |
| СВР ШТИП | 17 | 20 | -15%↓ |
| ОСОСК | 1 | - | - |
| ВКУПНО | 340 | 242 | 40,5%↗ |

**Табеларен приказ бр.21- Регистрирани кривични дела „предизвикување општа опасност“ по Сектори за внатрешни работи – 2024/2023 година**



Покрај возилата, како објект на напад оваа година регистрирани се случаи во Тетово каде во подрумска просторија од страна на косовски државјанин опожарени се и избирачки материјали за периодот од 2017 до 2024 година, додека во Скопје во општина Аеродром подметнат е пожар во канцеларии на адвокатска комора и се испишани графити со навредлива содржина.

## 2.8.1.6 НАСИЛСТВО

Регистрирани се 353 кривични дела „насилства“ за што мерки на кривичен прогон се преземени против 721 лице, од кои 12 се вработени во Министерството за внатрешни работи (девет во СВР Тетово и три во СВР Скопје). Модусот кој се користи е најчесто со употреба на физичка сила или закана со остри и тврди предмети, а мотивот е најчесто поради недоразбирање (семејно, моментално или во сообраќајот), поради нерасчистени имотно правни односи или поради должничко-доверителни односи.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА НАСИЛСТВО | | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| СВР СКОПЈЕ | 119 | 119 | - |
| СВР БИТОЛА | 23 | 15 | 53,3%↗ |
| СВР ВЕЛЕС | 16 | 13 | 23,1%↗ |
| СВР КУМАНОВО | 64 | 43 | 48,8%↗ |
| СВР ОХРИД | 11 | 17 | -35,3%↓ |
| СВР СТРУМИЦА | 14 | 12 | 16,6%↗ |
| СВР ТЕТОВО | 73 | 61 | 19,7%↗ |
| СВР ШТИП | 33 | 26 | 26,9%↗ |
| ВКУПНО | 353 | 306 | 15,3%↗ |

**Табеларен приказ бр.22- Регистрирани кривични дела „насилство“ по Сектори за внатрешни работи – 2024/2023 година**

Најголема застапеност на „насилствата“ бележи подрачјето на СВР Скопје- регистрирани се 119 кривични дела, исто како и претходната година. Во топ три подрачја по застапеност на извршување на делата се СВР Тетово со регистрирани 73 кривични дела и СВР Куманово-64.

## 2.8.2 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТ

Од областа на класичниот криминал, вообичаено најдоминантни се кривичните дела против имотот кои се намалени за 13,7%, односно евидентирани се 9.410 (10.908) кривични дела и најголем дел од нив се однесуваат на тешките кражби и кражбите.

### 2.8.2.1 ТЕШКИ КРАЖБИ

Тешките кражби имаат најголемо учество (61,9%) во имотниот криминал. Годинава во споредба со лани, нивниот број е намален за 11,4%, регистрирани се 5.825 (6.575) тешки кражби. Местоположбата и динамиката на извршување на тешките кражби зависи од големината и населеноста на градовите, при што најпогодено продолжува да биде подрачјето на град Скопје, каде се извршени над 55% од вкупниот број тешки кражби-3.217, по што следи подрачјето на СВР Битола со 757 и СВР Штип -624 тешки кражби.

На подрачјата на сите Сектори за внатрешни работи е детектирано намалување, со исклучок на Секторите за внатрешни работи Штип и Охрид, кои бележат зголемување за 13%, односно 6%, додека на подрачје на СВР Струмица состојбата е на идентично ниво. Намалувањето се должи на зголемената свест кај граѓаните за безбедноста на сопствените објекти, дополнителните мерки на заштита кои индивидуално ги преземаат, а влијание имаа и зајакнатите оперативни и превентивни мерки кои ги преземаше полицијата.




| Објект на напад во тешка кражба | 2024 година |
|---|---|
| Возила | 1.145 |
| Куќа | 976 |
| Стан | 514 |
| Продажен објект | 415 |
| Викенд куќа | 237 |
| Велосипеди | 227 |
| Магацински простор | 152 |
| Верски објекти | 75 |
| Угостителски објекти | 72 |
| Воспитно образовни објекти | 34 |

**Графички приказ бр.21-Тешки кражби во период од 2020-2024 година и Најзастапени објекти за вршење тешки кражби во 2024 година**

Станбените објекти и возилата продолжуваат да бидат најчести објекти на напад. Во овој период извршени се **1.727 (1716) тешки кражби во станбени објекти**, од кои 976 куќи, 514 станови и 237 викенд куќи. Со тешките кражби во станбени објекти причинета е материјална штета од 219 милиони денари, а процентот на расветлување се движи од 16% кај куќите и викенд-куќите и само 5,8% кај становите.

**Кај тешките кражби во возила** е забележано намалување од 33,7%, регистрирани се 1.145 тешки краби, кој најчесто се извршуваат со употреба на физичка сила или предмети, со кршење на стаклата од возилата, се одземаат предмети кои се оставени во возилата лап-топ компјутери, мобилни телефони, паричници, акумулатори.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА ТЕШКА КРАЖБА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| СВР СКОПЈЕ | 3.217 | 3.888 | -17,3%↓ |
| СВР БИТОЛА | 757 | 773 | -2,1%↓ |
| СВР ВЕЛЕС | 220 | 283 | -22,3%↓ |
| СВР КУМАНОВО | 262 | 311 | -15,8%↓ |
| СВР ОХРИД | 263 | 248 | 6%↗ |
| СВР СТРУМИЦА | 237 | 235 | 0,9%↗ |
| СВР ТЕТОВО | 245 | 285 | -14%↓ |
| СВР ШТИП | 624 | 552 | 13%↗ |
| ВКУПНО | 5.825 | 6.575 | -11,4%↓ |

Табеларен приказ бр.23-Кривични дела тешки кражби во период 2024/2023 година

Регистрирани се 227 **тешки кражби на велосипеди**, од кои расветлени се 29 и пет од претходен период, а причинета е материјална штета во износ од 66,1 милион денари. Карактеристично е и зголемувањето на тешки кражби во спортски обложувалници од 96%, односно регистрирани се 57 тешки кражби, од кои расветлени се само осум.

## 2.8.2.2 РАЗБОЈНИШТВА

Во 2024 година извршени се 179 разбојништва, (од кои 23 се во обид, шест се за помагање и едно потикнување) со што истите бележат намалување за 39% во однос на 2023 година. Позитивни промени се забележани и во делот на објектите на напад, каде постои намалување на нападнати деловни објекти, како што се спортски обложувалници, казината, бензиските пумпи, аптеките и продавниците. Во овој дел постигната е и зголемена ефикасност на полицијата, а процентот на расветлувањето изнесува 34,2%, за разлика од лани кога истиот беше 32,7%, како и намалување на причинетата материјална штета за 14,5%.




| Објект на разбојништво | % од вкупно |
|---|---|
| Отворен простор | 77,6% |
| Казино/Сп. Обложувалница | 12,3% |
| Продажен објект | 2,8% |
| Возила | 2,2% |
| Бензинска пумпа | 1,7% |
| Менувачница | 1,1% |
| Аптека | 1,1% |

Графички приказ бр.22-Разбојништва по Сектори за внатрешни работи во период од 2023/2024 година и Најзастапени објекти за вршење разбојништва во 2024 година

Во Куманово од страна на косовски државјани, потпомогнати од лице од Скопје е извршено разбојништво со закана со огнено оружје, над сопственик на менувачница, од кој се одземени 150.000 евра, а возилото со кое е извршено делото било полеано со бензин и запалено на местото на настанот.

### 2.8.2.3 ИЗМАМИ

Во текот на годината, извршени се 254 (268)[5] измами (од кои девет во обид), кои бележат намалување за 5,2%. Најголем број од измамите се извршени на подрачјата на СВР Скопје-88, СВР Тетово-47 и СВР Охрид-39, а за кривичните дела пријавени се вкупно 203 сторители, додека причинета е материјална штета од над 99,4 милиони денари.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗМАМА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| *СВР СКОПЈЕ* | 88 | 58 | 51,7%↗ |
| *СВР БИТОЛА* | 24 | 35 | -31,4%↓ |
| *СВР ВЕЛЕС* | 15 | 26 | -42,3%↓ |
| *СВР КУМАНОВО* | 5 | 8 | -37,5%↓ |
| *СВР ОХРИД* | 39 | 33 | 18,2%↗ |
| *СВР СТРУМИЦА* | 26 | 18 | 44,4%↗ |
| *СВР ТЕТОВО* | 47 | 65 | -27,7%↓ |
| *СВР ШТИП* | 9 | 24 | -62,5%↓ |
| *ОСОСК* | 1 | 1 | - |
| *ВКУПНО* | **254** | 268 | 5,2%↗ |

**Табеларен приказ бр.24- Кривични дела измама во период 2024/2023 година**

Модусите на извршување на измамите се различни и тоа за наводно случени сообраќајни незгоди, работни визи за странство, лажно нудење помош и доведување во заблуда за брзи кредити, издавање бугарски патни исправи, фиктивни купопродажби и слични бенефити на кои „наседнуваат“ жртвите.




И оваа година доминираат **измамите со брзи кредити,** при што во 2024 година евидентирани се 77 настани, кои споредбено со претходната година бележат намалување за 13,4%. Во рамки на овие настани, по преземени мерки и активности поднесени се 18 кривични пријави и 43 известувања, а кривично се пријавени 20 сторители.

Потоа, регистрирани се 25 измами, во кои сторителите се јавиле кај оштетените и барале пари за **наводно случена сообраќајна незгода**, од кои 15 се на подрачје на СВР Скопје, а по преземени мерки поднесени се четири кривични пријави, од кои две се против непознат сторител.

[5] Податоците во заградата се однесуваат за 2023 година

## 2.8.2.4 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Откривањето на кривичните дела од областа на културното наследство континуирано бележи намалување. Во 2024 година регистрирани се седум (осум) кривични дела, од кои две со непознат сторител, за кои мерки на кривичен прогон се преземени против шест (24) сторители. Претежно кривичните дела се извршени во рурални средини на подрачје Струмица, Делчево, Гостивар, Виница, како и во градот Битола. Сторителите кривичните дела ги извршиле со археолошки ископувања без дозвола, како и со присвојување на монети, музејски предмети и слично.




**Графички приказ бр.23- Кривични дела од културно наследство**

## 2.8.3 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И МОРАЛ

Кривичните дела против половата слобода и половиот морал, се на приближно исто ниво како и во 2023 година. Регистрирани се 135 (130) кривични дела, а по преземени мерки кривично се пријавени 145 сторители чиј број е зголемен за 16%. Според локацијата, најголем број дела се извршени на подрачјето на СВР Скопје-35 каде бележиме намалување од 25,5% споредбено со ланската година, потоа СВР Битола-29 кривични дела, СВР Струмица – 20, СВР Куманово – 14, СВР Штип-12, СВР Тетово-11 кривични дела и во помал број на подрачјата на останатите Сектори за внатрешни работи.

Најбројни се кривичните дела „силување на дете кое не наполнило 15 години“-33 (34) извршени од 39 сторители и „полово вознемирување“-33 (21) кривични дела чиј број споредбено со претходната година е зголемен за 57%, а за истите пријавени се 33 сторители. Од останатите инкриминации доминираат и кривичните дела „полов напад и силување“-31 (33) од кои само едно е нерасветлено, а мерки на кривичен прогон се преземени против 30 сторители и „задоволување на полови страсти пред друг“-17 (16) .




**Графички приказ бр. 24 - Кривични дела против половата слобода и морал во период 2024/2023 година**

## 2.8.4 СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Кривичните дела во врска со семејното насилство во однос на 2023 година бележат ист тренд. Регистрирани се 1.087 (1.082)[6] кривични дела од кои најзастапени се кривичните дела „телесна повреда"-667 и „загрозување на сигурноста"-389 кривични дела. Најголем дел од кривичните дела се извршени на подрачје на СВР Скопје-219 и Тетово-158, а најмал број на кривични дела се регистрирани на подрачје на СВР Охрид-74 дела.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО | | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| *СВР СКОПЈЕ* | 219 | 220 | -0,4%↓ |
| *СВР БИТОЛА* | 146 | 180 | -18,9%↓ |
| *СВР ВЕЛЕС* | 118 | 124 | -4,8%↓ |
| *СВР КУМАНОВО* | 134 | 99 | 35,3%↗ |
| *СВР ОХРИД* | 74 | 92 | -19,6%↓ |
| *СВР СТРУМИЦА* | 119 | 136 | -12,5%↓ |
| *СВР ТЕТОВО* | 158 | 125 | 26,4%↗ |
| *СВР ШТИП* | 119 | 106 | 12,6%↗ |
| *ВКУПНО* | **1.087** | 1.082 | 0,5%↗ |

**Табеларен приказ бр.25- Кривични дела од семејно насилство по СВР во период 2024/2023 година**

Регистрирани се вкупно 1.108 (1.097) сторители, од кои 90 се од женски пол, при што најбројни како сторители се сопрузите-443, потоа синовите-209 и поранешни сопруги-91. Најголем дел од делата се извршени со употреба на физичка сила или закана, а во пет случаи делата се извршени со закана со огнено оружје, при што сторителите најчесто биле под дејство на психичко растројство или алкохол. При вршење на семејно насилство оваа година регистрирани се три (шест) убиства, од нив кои по едно на подрачје на СВР Скопје, Куманово и Штип. Во однос на жртвите, нивниот број е зголемен за 2,05% во однос на 2023 година. Регистрирани се 1.146 (1.123) жртви, од кои 911 се жени и 235 се мажи. Најголем дел сопругите се јавуваат како жртви на овие кривични дела-443, потоа мајка-120 и татко-108.




**Графички приказ бр.25- Жртви на кривични дела од семејно насилство според категорија**

[6] Податоците во заградата се однесуваат за 2023 година

Намалување бележат прекршоците за 13,71%. Извршени се вкупно 277 (321) прекршоци над 345 жртви, а најчесто се работи за прекршок „физички напад“-93 и „карање, викање на јавно место“-83. За сторените прекршоци пријавени се вкупно 337 (375) прекршители, додека поплаките се намалени за 20,57%. Регистрирани се 4.210 поплаки, од нив 3.775 се поплаки за извршено психичко малтретирање. Причина за вршењето на семејно насилство во најголем број од случаите е растројство на сторителите, користење алкохол и наркотична дрога.



## 2.8.5 ПОЖАРИ

Министерството и во 2024 година, преземаше мерки и активности за превенција и заштита од пожари на шумите, пасиштата и други отворени простори. Регистрирани се вкупно 2.792 (2.375) пожари, во кои девет (пет) лица починале. Најголем број од пожарите, се случени на подрачје на СВР Скопје-781, подрачје на СВР Битола-582, на подрачје на СВР Тетово-309 и СВР Куманово-263 пожари.



Регистрирани се 55 кривични дела „предизвикување општа опасност“, од кои 12 се против непознат сторител и едно кривично дело „предизвикување шумски пожар“, за што мерки на кривичен прогон се преземени против 53 лица.

## 2.8.6 КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Продолжија активностите на Министерството во насока на детектирање на настани и санкционирање на појавите и состојбите на ширење говор на омраза и генерално на криминалот од омраза во целина. Регистрирани се **вкупно 40 кривични дела кои содржат елементи на омраза**. Преземените мерки и активности резултираа со расветлување на 28 кривични дела, за кои поднесени се 28 кривични пријави против 40 сторители.







Графички приказ бр.26- Кривични дела од омраза за период 2024/2023

Најголем број односно 11 од кривичните дела се регистрирани на подрачје на СВР Тетово, потоа девет на подрачјето на СВР Битола, СВР Скопје - шест кривични дела, СВР Куманово – пет, четири кривични дела на подрачјето на СВР Охрид итн.

Според видот, најбројни и понатаму се кривичните дела „**ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем**“- 23, потоа „**предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа**“ – **девет** кривични дела, **пет** кривични дела „**оштетување туѓи предмети**“, **две** „**загрозување на сигурноста**“ по пат на информатички систем и **едно** дело „**расна и друга дискриминација**“.




**Графички приказ бр.27- Регистрирани кривични дела од омраза според вид**

Континуирано доминира трендот на сторување на делата преку информатички систем, од нив најбројни се настаните со упатување навреди, закани и повикување на насилство врз основа на национална и етничка припадност-12, насочени кон конкретна етничка заедница, поединци вработени во државни институции и физички лица, потоа објавување на коментари со навреди и закани по животот кон носители на јавни функции (актуелни и поранешни функционери) врз основа на политичко уверување и др.







На подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје, Тетово, Битола и Куманово регистрирани се 13 кривични дела, од кои 10 на национална основа и три врз основа на религија или уверување. Истите беа манифестирани преку поставување на знамиња во манастирски комплекси, испишување на графити и натписи со закануувачка и националистичка содржина, скрнавење на државни знамиња за време на прославата на „Денот на албанското знаме“, оштетување на верски симболи и др.

# 2.9 ЕКОНОМСКИ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

## 2.9.1 ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ

Во областа на економскиот криминалитет регистрирани се вкупно **1.052** (1.039) кривични дела, за што кривично се пријавени **1.130** (1.116) сторители. Вкупната материјалната штета која е причинета на Буџетот на Северна Македонија, општинските буџети, јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти, изнесува над 1,77 милијарди денари и бележи повеќекратен пораст во однос на 2023 година кога истата изнесуваше 341,6 милиони денари. Најголем број на кривични дела се регистрирани на подрачјето на СВР Тетово-219 (243), по што следуваат СВР Охрид – 170 (181), СВР Скопје – 161 (135) и СВР Битола 143 (134), додека најмал број на подрачјето на СВР Велес – 57 (38).

| | КРИВИЧНИ ДЕЛА | | | СТОРИТЕЛИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| *СВР СКОПЈЕ* | 161 | 135 | 19,3% ↗ | 136 | 123 | 10,6%↗ |
| *СВР БИТОЛА* | 143 | 134 | 6,7%↗ | 134 | 135 | -0,7%↓ |
| *СВР ВЕЛЕС* | 57 | 38 | 50% ↗ | 66 | 51 | 29,4%↗ |
| *СВР КУМАНОВО* | 77 | 86 | -10,5%↓ | 84 | 88 | -4,5%↓ |
| *СВР ОХРИД* | 170 | 181 | -6,1%↓ | 181 | 184 | -1,6%↓ |
| *СВР СТРУМИЦА* | 86 | 113 | -23,9%↓ | 109 | 129 | -15,5%↓ |
| *СВР ТЕТОВО* | 219 | 243 | -9,9%↓ | 216 | 274 | -21,2%↓ |
| *СВР ШТИП* | 94 | 91 | 3,3% ↗ | 97 | 89 | 9%↗ |
| *ОСОСК* | 45 | 18 | 150% ↗ | 107 | 43 | 148,8%↗ |
| *ВКУПНО* | **1.052** | 1.039 | 1,3% ↗ | 1.130 | 1.116 | 1,3%↗ |

**Табеларен приказ бр.26- Кривични дела и сторители од економски криминалитет во период 2024/2023 година**

Преземените активности резултираа со реализација на вкупно 873 од регистрираните кривични дела, со што е постигната вкупна ефикасност од 83%, а дополнително расветлени се и четири дела од минати години. Притоа, годинава карактеристичен е порастот на делата од областа на платежните картички, кривичните дела против службената должност и животната средина.

Откриен е и висок број на кривични дела „**бесправно градење**" – 149 кои се зголемени за 32%, а како резултат на преземените засилени мерки за откривање на кривични дела во врска со издавање лиценци за вршење на јавен превоз, беа регистрирани 142 кривични дела „**вршење на јавен превоз без поседување лиценца**" за кои кривично се пријавени 150 сторители, од нив четири се правни лица.






Графички приказ бр.28- Покарактеристични кривични дела од економски криминал

Приоритет во постапувањето на Министерството беше и зајакнувањето на оперативните активности и постигнувањето на резултати во делот на криминалистичките истражувања во оваа област, особено кај кривичните дела против службената должност, кои во значаен процент се поврзани со корупција, посебен акцент беше посветен и во насока на сузбивање на бесправната сеча, кражбата на дрва и пустошењето на шуми, за што годинава поднесени се кривични пријави против 103 (170) сторители за сторени 100 (155) кривични дела, а во рамки на случаите одземена е 1.223,78 м3 (2.404.67 м3) дрвна маса и предизвикана е материјална штета во износ од околу 11,1 (670) милиони денари.







**Еколошкиот криминал** е значаен сегмент во областа. Откриени се 167 кривични дела (лани 161), од нив расветлени се 147 и за истите кривично пријавени се вкупно 194 сторители. Со најголема застапеност и понатаму се делата за „**узурпација на недвижности**“ – 75 (73) кривични дела и пријавени се 86 сторители, најмногу на подрачје на СВР Тетово-28 и СВР Охрид-25, по што следуваат кривичните дела „**мачење животни**“ – 32 (23) и 18 (31) кривични дела „**пустошење на шума**“.

Покрај ова, речиси еднаков е бројот на откриени прекршувања во управувањето со отпадни материи, регистрирани се осум (девет) кривични дела „**загрозување на животната**

**средина и природата со отпад**“, од нив пет на подрачје на Скопје, две во Велес и едно на подрачје на Неготино. Во благ пораст се и инкриминациите поврзани со **незаконит лов и риболов** – 21 (19), а евидентирани се и шест (две) кривични дела „**загадување на животната средина и природата**“, три - „**убивање или уништување на заштитени видови на дива флора или фауна**“, две „**предизвикување шумски пожар**“ и по едно „**загадување на добиточна храна или вода**“ и „**незаконита експлоатација на минерални суровини**“.

## 2.9.2 КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

Во 2024 година компјутерскиот криминал е во пораст за 15% споредбено со лани, со што е задржан трендот на континуирана прогресија во изминатите четири години. Во рамки на областа регистрирани се **337** (293)[7] **кривични дела**, со чие извршување причинета е материјална штета која се проценува над 26,2 милиони денари и е намалена за 40,6% во однос на 2023 година кога изнесуваше над 44,1 милиони денари.

Од вкупниот број на инкриминации по преземени мерки и активности расветлени се 154 дела со што е постигната **вкупна ефикасност од 45,7%,** како и дополнително четири дела од минати години, а кривично се пријавени вкупно 167 сторители. Две третини од кривичните дела се регистрирани на подрачјата на СВР Битола-68, СВР Скопје-57, СВР Тетово-54 и СВР Велес-46, додека кај останатите сектори бројот на дела се движи од седум до 39.




**Графички приказ бр.29- Состојби во областа на компјутерскиот криминал за период 2024/2023 година**

Доминантни се делата извршени со злоупотреба на платежните картички, при што регистрирани се вкупно 189 (127) кривични дела, кои годинава се зголемени за 48,8%, што резултираше и со пораст од 47,9% на предизвиканата материјална штета која изнесува околу 12,1 (8,2) милиони денари. Најзастапено и понатаму е кривичното дело **„оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем“ – 179** (113), во врска со кои кривично се пријавени 65 сторители.

Истите најчесто се извршуваат со неовластено одземање на претходно пронајдени, како и кражба на платежни картички, прибавување на податоци од трансакциски сметки и платежни картички со фотографирање, по што од страна на сторителите вршено е

[7] Податоците во заградите се однесуваат на 2023 година

подигнување на парични средства од банкомати, плаќање на фактури, плаќање во трговска мрежа, плаќање за стоки и услуги преку интернет, како и аплицирање и подигнување на онлајн кредити. Во континуитет е присутно и неовластеното навлегување во службена или приватна пошта на физички лица и правни субјекти, неовластено навлегување и кражба на криптовалути од виртуелен паричник на платформа за тргување со криптовалути како и криптирање на книговодствен систем на правно лице, при што во еден случај од правно лице од Тетово била побарана уплата во крипто средства причинувајќи им материјална штета од 86 илјади денари.




**Графички приказ бр.30-Покарактеристични кривични дела од компјутерски криминал**

Годинава беа регистрирани и 10 (14) **кривични дела „изработка и употреба на лажна платежна картичка**", со кои по основ на неовластено обезбедување и злоупотреба на лични и банкарски податоци предизвикана е материјална штета од 824 илјади денари. По преземени мерки и активности расветлени се половина од делата и кривично пријавени се пет сторители.

Во 2024 година, продолжи да биде актуелен трендот на активности во дигиталниот простор во делот на објавување содржини, коментари, текстови, фотографии и видеа на интернет порталите, социјалните мрежи и медиуми кои содржат инкриминирачки елементи. Регистрирани се 35 (38) кривични дела „**загрозување на сигурноста**" за кои кривично се пријавени 29 сторители и 28 (42) кривични дела „**ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем**" со кривично пријавени 21 сторител.

Интернет измамите годинава бележат намалување од 27,3%, односно регистрирани се вкупно 16 кривични дела „**компјутерска измама**". Материјалната штета е намалена за 61,2% и изнесува 13,7 (35,3) милиони денари, а по преземени мерки и активности расветлени се пет од кривичните дела, како и едно дело од минати години, а кривично пријавени се шест сторители. Различни се модусите кои сторителите ги користат за прикривање на својот идентитет и да стекнат значителни суми на пари, почнувајќи од измами во врска со продажба на производи преку интернет, понуди за наводна работа во странство и посредување во документација, измами со инвестирање и купување на акции од странски компании, добивки на наводни парични награди, лажно претставување како вработени во банкарски сектор, како и пресретнување на електронската комуникација помеѓу правните лица. Во овој

контекст **карактеристичен е случајот** во кој кривично е пријавено лице од Обединетото Кралство, кое со намера за себе да прибави имотна корист, преку електронска пошта кон правното лице од Штип испратил лажни банкарски инструкции за меѓународно плаќање кон неговата банкарска сметка, врз основа на што му била извршена уплата од 11 илјади евра.

Состојбите во областа на сексуалната експлоатација на деца преку интернет годинава бележат позитивен тренд на намалување на кривичните дела за 33,3%. Регистрирани се 12 кривични дела, од кои 10 „**производство и дистрибуција на детска порнографија**“ и две „**прикажување на порнографски материјал на дете**“. По преземени мерки **10 од делата се расветлени** и кривично се пријавени **10 сторители,** од кои четири деца. Најчесто, овој вид на инкриминации сторителите ги извршиле преку комуникација на социјални мрежи при што биле споделувани и јавно објавувани фотографии, пораки и видеа со експлицитна сексуална содржина од женски деца, потоа со креирање на групи на социјални мрежи за комуникација каде се споделувале содржини со детска порнографија, како и со телефонски повици, испраќање на пораки и фотографии со експлицитна порнографска содржина кон жртвите.

Пораст бележат кривичните дела **„злоупотреба на лични податоци“** извршени преку компјутерски систем. Регистрирани се **51** (41) кривично дело**,** од кои расветлени се 23, а кривично се пријавени вкупно 25 сторители. Во однос на модусот оштетените најчесто биле изложени на неовластено прибавување и обработка на фотографии по што им биле барани парични средства, креирање на лажни профили на социјални мрежи и објавување на слики и податоци, креирање на лажни огласи за купување и продажба на услуги со објавување на лични податоци, злоупотреба на лични податоци преку интернет апликации, објавување на лични податоци и навреди на социјални мрежи и друго.

## 2.10 ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ

### 2.10.1 ГРАНИЧНИ ОПЕРАЦИИ И СОРАБОТКА

Одделот за гранични работи и миграции континуирано планираше и организираше активности во насока на обезбедување стабилна гранична безбедност. Одделот е носител на реализација на Заедничката операција на Frontex JO North Macedonia (јануари 2024-јануари 2025), а активно беше вклучен во активностите за справување со илегалната миграција, во процесот на пристапување кон ЕУ преку учество во активностите на Комитетот за стабилизација и асоцијација, во изработка на Патоказот за владеење на правото и придружување во Европската мрежа за миграции.

Посебен акцент беше ставен на јакнење на меѓу-секторската и меѓу-институционалната соработка, учество во иницијативи за изнаоѓање на регионални механизми за справување со илегалната миграција и враќање во трети држави (особено за лица-мигранти по потекло од Авганистан, Пакистан, Сирија, Мароко и Бангладеш).

Со надлежните гранични служби на соседните земји беа остварени вкупно **530 средби и контакти на сите нивоа** (13 на регионално и 517 на локално ниво), реализирани се и **531 мешани патроли,** најголем дел на дел од границите кон Бугарија и Косово-по 118 мешани патроли.

**Заедничките контакт центри** за полициска соработка и во текот на 2024 година ја остваруваа својата основна функција за размена на информации со соседните држави, како

и испраќање на пораки за рано предупредување и други потребни информации со цел заедничка борба против сите форми на организиран прекуграничен криминал. Заедничките контакт центри функционираат со сите соседни држави, освен со Грција. Преку нив, беа разменети вкупно 1.174 информации со надлежните органи на соседните држави, најмногу со ЗКЦ за полициска соработка „Табановце"-532 разменети информации.

## Учество во заеднички оперативни активности

Праксата на учество во меѓународни заеднички оперативни активности во организација на Frontex (заеднички операции и заеднички акциски денови) и во заеднички оперативни активности организирани или поддржани од други агенции и институции (EUROPOL- EMPACT продолжи и во текот на 2024 година:

- ✓ ЗАЕДНИЧКА МЕЃУНАРОДНА ОПЕРАЦИЈА CARBACK-16.05.-31.05.2024 ГОДИНА
- ✓ ЗАЕДНИЧКИ АКЦИСКИ ДЕНОВИ JAD DANUBE 9, 24.05.-03.06.2024 ГОДИНА
- ✓ ЗАЕДНИЧКА МЕЃУНАРОДНА ОПЕРАЦИЈА PANDORA IX, 11.09.-22.09.2024 ГОДИНА
- ✓ ЗАЕДНИЧКА МЕЃУНАРОДНА ОПЕРАЦИЈА LIBERTERRA 2, 29.09.-04.10.2024 ГОДИНА
- ✓ ЗАЕДНИЧКИ АКЦИСКИ ДЕНОВИ JAD MOBILE 7, 07.10-18.10.2024 ГОДИНА

**Графички приказ бр.31-Учество во заеднички оперативни активности**

## Учество во меѓународни програми и проекти

Согласно заложбите за континуирано зајакнување на капацитетите и усогласување со ЕУ Стандардите, активно се учествуваше и во меѓународни програми и проекти :

| ПРОЕКТИ |
|---|
| „Регионална поддршка на управувањето со сензитивна миграција во делот на Западен Балкан и Турција" (IPA 2, фаза 3, каде главни партнери се Frontex- EBCGA, EUAA, IOM и UNHCR); |
| „Понатамошна поддршка за зајакнување на капацитетот за одговор за управување со миграциските текови во Северна Македонија" (IOM Проект, поддржан од ЕУ); |
| „Регионална поддршка за зајакнување на капацитетите за гранична безбедност во Западен Балкан" (Frontex, IPA); |
| „Механизам за враќање на Западен Балкан – WBRM" (ICPMD); |
| „AIRCOP- Заедничка акција на EU и UNODC за промовирање на законот и добро управување преку таргетирани мерки за гранична контрола на пристаништа и аеродроми" (UNODC); |
| Проекти со Заедничка платформа за соработка (Joint Cooperation Platform) чиј носител е Австриската федерална полиција; |

| |
|---|
| „Зајакнување на системот за управување со миграции и азил во Северна Македонија – MANOMA“ (Полска, ICMPD); |
| „Поддршка за спречување и борба против криумчарење мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан -EU4FAST“; |
| „Зајакнување на регионалната соработка за управување со миграцијата помеѓу Западен Балкан и соседните земји-членки на ЕУ во согласност со правото на ЕУ и меѓународните стандарди- MIRCO“ (Шведска, ICMPD); |
| „Зајакнување на структурата и капацитетот на агенциите за спроведување на законот за справување со транснационалните закани со посебно внимание за борба против организираниот криминал, вклучително и поддршка на интегрираното управување со границите“ (OSCE), итн. |

**Табеларен приказ бр.27-Учество во меѓународни програми и проекти**

Во тековната година, од страна на офицерот за врски на Министерството во соработка со дежурните во Националниот координативен центар за интегрирано гранично управување, до организациските единици на министерството за внатрешни работи и други државни институции и физички лица, доставени се вкупно 2.608 одговори на барања за вршење проверки за остварени преминувања преку државната граница на лица и возила.

## 2.10.2 ГРАНИЧНИ ПРОВЕРКИ И ГРАНИЧЕН НАДЗОР

Во делот на граничната контрола и граничен надзор, континуирано се следеше состојбата и беа давани инструкции за надминување на одредени констатирани недостатоци при извршување на работните задачи, а беа преземени и координативни активности поврзани со заштита на сведоци на граничните премини. Работните задачи опфаќаа активности од доменот на материјално техничко опремување на организациските единици на Граничната полиција со технички средства и опрема потребна за вршење на гранични проверки и граничен надзор, како и анализа, планирање и следење на процесот на реализација на стручно специјалистички обуки во организациските единици на Граничната полиција, со цел градење на капацитетите, знаењата и професионалните вештини на припадниците на Граничната полиција.

### Материјално-техничко опремување на граничната полиција

Во текот на 2024 година продолжи процесот на материјално техничко опремување на организациските единици на граничната полиција, при што преку донации од странски партнерски земји и организации извршена е набавка на техничка опрема во вкупна вредност од 274.352 евра.

Извршена е набавка на осум дронови за надзор–донација од Програмата за развој на Обединетите нации–UNDP (SEESAC-Програма за спречување на пролиферација на мало и лесно оружје). Важно е да се напомене дека за прв пат се набавени дронови за потребите на граничната полиција и истите во значителна мерка ќе ги зајакнат оперативните капацитети на граничната полиција за вршење на граничен на надзор и борба против сите видови на илегална миграција и прекуграничен криминал. Исто така, во рамки на Програмата за развој на Обединетите нации- UNDP (SEESAC), извршена е и набавка на надворешен бродски мотор наменет за потребите на ПС за ГН Охридско езеро.

## 2.10.3 КОНТРОЛА НА ДВИЖЕЊЕ, ПРЕСТОЈ НА СТРАНЦИ И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

### 2.10.3.1 ПРОТОК НА ПАТНИЦИ

На граничните премини регистрирани се **вкупно 26.095.111 патници**, од нив 13.714.526 патници се регистрирани на влез во државата, а останатите 12.380.585 се на излез. Најфреквентни се граничните премини на границата со Грција со регистрирани над шест милиони патници, како и граничните премини на границите со Косово и Србија, со регистрирани пет и пол милиони патници, при што најголема раздвиженост на патниците на граничните премини е забележана за време на летните месеци.

| *СОСТОЈБИ ПО ГРАНИЦИ* | | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| *ГРЦИЈА* | 6.065.094 | 5.468.005 | 10,9%↗ |
| *АЛБАНИЈА* | 3.721.252 | 3.357.022 | 10,8↗ |
| *СРБИЈА* | 5.406.466 | 5.588.939 | -3,3%↓ |
| *КОСОВО* | 5.579.699 | 5.534.528 | 0,8%↗ |
| *БУГАРИЈА* | 2.145.168 | 1.885.517 | 13,8%↗ |
| *МЕЃУНАРОДЕН АЕРОДРОМ СКОПЈЕ* | 2.956.304 | 2.875.083 | 2,8%↗ |
| *АЕРОДРОМ ОХРИД* | 221.128 | 266.625 | -17,1%↓ |
| *ВКУПНО* | **26.095.111** | 24.975.719 | 4,5%↗ |

**Табеларен приказ бр.28- Проток на патници по граници во период 2024/2023 година**

Најголем дел од патниците ги користеле граничните премин „Табановце"-5.180.009 и „Блаце"-4.367.154, како и ГП „Богородица"-3.829.364 патници каде оваа година бележиме пораст на протокот за 21,5% во однос на претходната година, а во топ пет гранични премини спаѓаат и граничниот премин „Меѓународниот аеродром Скопје" со регистрирани околу три милиони патници и граничниот премин „Ќафасан" со 2.150.734 патници.

| ТОП ПЕТ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
|---|---|---|---|
| ГП „ТАБАНОВЦЕ" | 5.180.009 | 5.392.848 | -3,9%↓ |
| ГП „БЛАЦЕ" | 4.367.154 | 4.338.075 | 0,7%↗ |
| ГП „БОГОРОДИЦА" | 3.829.364 | 3.151.016 | 21,5%↗ |
| ГП „ЌАФАСАН" | 2.150.734 | 1.960.236 | 9,7%↗ |
| ГП „МЕЃУНАРОДЕН АЕРОДРОМ СКОПЈЕ" | 2.956.304 | 2.875.083 | 2,8%↗ |

**Табеларен приказ бр.29- Топ пет гранични премини со проток на патници во период 2024/2023 година**

**Во однос на земјата од каде потекнуваат,** најзастапени се патниците од соседните земји и тоа : косовските државјани-3.045.053, српските-2.908.338, потоа албанските-2.279.049, грчките-1.624.919, бугарските-949.615, турските државјани-920.927, германските-524.952, романските-317.807, полските државјани-244.007, швајцарските -220.135 итн.

## 2.10.3.2 НЕДОЗВОЛЕН ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

На граничните премини, по разни основи не е дозволен влез во Северна Македонија на **2.189 странски државјани**, во најголем број на турски државјани-548, потоа албански-310, косовски-302, руски-115, индиски-72, државјани на Азербејџан-61, како и на германски-54, сириски-50, кинески-42 и во помал број други странски државјани. Оваа година во најголем број на странските државјани не им е дозволен влез на граничните премини „Меѓународен Аеродром Скопје“-778, потоа на граничниот премин „Долно Блаце“ на границата со Косово-470, на граничниот премин „Табановце“ на границата со Србија-247 патници и на граничните премини „Ќафасан“-237 и „Блато“-106 на границата со Албанија.

| НАЈЧЕСТИ ПРИЧИНИ ЗА НЕДОЗВОЛЕН ВЛЕЗ СЕ: |
|---|
| ✓ не поседување документи за целта на престојот; |
| ✓ не поседување важечка виза за влез во Северна Македонија; |
| ✓ немање важечка патна исправа; |
| ✓ не поседување доволно парични средства; |
| ✓ престој подолг од 90 дена во текот на шест месечен период. |

**Табеларен приказ бр.30- Најчести причини за недозволен влез на странски државјани**

Во истиот период на граничните премини во државата не им е дозволен **излез** на **489** странски државјани кои се зголемени за 8,4% во однос на претходната година. По државјанство, најбројни се турските државјани-230, потоа, албанските-58, српските-33, косовските-26, германските-18, бугарските-14 и други. По граници, најголем дел од лицата на кои не им е дозволен излез е на граничниот премин на Меѓународниот аеродром Скопје-255 лица, како и на граничните премини „Долно Блаце“-76, „Табановце“-49 и „Деве Баир“-27 лица итн.

| НАЈЧЕСТИ ПРИЧИНИ ЗА НЕДОЗВОЛЕН ИЗЛЕЗ СЕ: |
|---|
| ✓ пречекорен престој; |
| ✓ употреба на фалсификувана и /или туѓа патна исправа; |
| ✓ поради сторено кривично дело или прекршок; |
| ✓ не поседување важечка патна исправа или лична карта; |
| ✓ не исполнување на услови за влез во трета земја. |

**Табеларен приказ бр.31- Најчести причини за недозволен излез на странски државјани**

## 2.10.3.3 ПРЕСТОЈ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ПО РАЗНИ ОСНОВИ, ПРЕЗЕМЕНИ ПРЕКРШОЧНИ И КРИВИЧНИ МЕРКИ

Бројот на издадени дозволи за **привремен престој на странски** државјани бележи зголемен тренд за 36,5%. Издадени се дозволи за привремен престој на **9.313** (6.821)[8] **странски државјани,** најчесто **по основ на работа-4.599 и школување или студирање-2.054,** како и поради семејно обединување-1.815 дозволи.

| ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
|---|---|---|---|
| РАБОТА | 4.599 | 2.817 | 63,2%↗ |
| ШКОЛУВАЊЕ ИЛИ СТУДИРАЊЕ | 2.054 | 2.279 | -9,9%↓ |
| СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ | 1.815 | 491 | 270%↗ |
| ОСТАНАТИ ПРИЧИНИ | 845 | 1.234 | -31,5%↓ |
| ВКУПНО | 9.313 | 6.821 | 36,5%↗ |

**Табеларен приказ бр.32-Издадени дозволи за привремен престој на странски државјани**

Анализирајќи ги податоците по државјанство, најголем број од дозволите се издадени на турски државјани-3.927, најчесто заради школување или студирање-1.884 и работа-1.639 дозволи. Во топ десет држави спаѓаат непалските државјани со издадени 600 дозволи и државјаните од Бангладеш-578, најголем процент поради работа, потоа албанските државјани со издадени 561 дозвола, српските-468, индиските-432, косовските-370, украинските државјани со издадени 284 дозволи, гемранските-150 и јапонските државјани-129 дозволи.

Во текот на 2024 година, регистрирани се и вкупно 467.977 странски државјани кои биле со краткорочен престој (до три месеци) во Северна Македонија. Нивниот број бележи пораст за 32,7% споредено со претходната 2023 година кога привремено престојувале 352.529 странски државјани. Според причината за престој, најголем дел од странските државјани престојувале како туристи-316.281, потоа во приватни посети-148.635, од деловни причини-3.042 лица и во помал број по други основи. Во однос на државјанството, во топ 10 доминираат српските-61.576, турските-45.908, германските државјани-43.102, грчките-30.572, албанските државјани-26.130, бугарските-23.177, австриските-18.931, холандските-17.024, полските-15.799 и швајцарските државјани-14.295.

| ПРЕСТОЈ ВО РСМ ДО ТРИ МЕСЕЦИ ПО РАЗНИ ОСНОВИ | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
|---|---|---|---|
| ТУРИСТИЧКИ ПРЕСТОЈ | 316.281 | 223.952 | 41,2%↗ |
| ПРИВАТНИ ПОСЕТИ | 148.635 | 125.470 | 18,5%↗ |
| ДЕЛОВНИ ПОСЕТИ | 3.042 | 3.085 | -1,4%↓ |
| КУРСЕВИ, СТУДИРАЊЕ ИТН. | 15 | 11 | 36,4%↗ |
| ОСТАНАТИ ПРИЧИНИ | 4 | 11 | -63,6%↓ |
| ВКУПНО | 467.977 | 352.529 | 32,7%↗ |

**Табеларен приказ бр.33- Престој на странски државјани во Северна Македонија до три месеци по разни основи**

[8] Податоците во заградата се однесуваат на 2023 година

**Преземените мерки против странските државјани** поради незаконски активности извршени при нивниот престој во Северна Македонија се речиси на идентично ниво во однос на **лани.** Во рамки на овие мерки поднесени се кривични пријави против 428 (418) странски државјани, од кои најзастапени сторители се **државјаните на Турција-96, а во топ пет застапени се и Албанија-33, Косово-32**, Србија-30 и Бугарија-12.

Најголем број од кривичните дела извршени од странски државјани се „фалсификување исправа“-87, „загрозување на безбедноста во сообраќајот“-77, „тешки кражби“-34, „криумчарење на мигранти“-26, кражби-25 и „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“-17.

| | Фалсификување исправа | Загрозување на безбедноста во сообраќајот | Тешки кражби | Криумчарење мигранти |
|---|---|---|---|---|
| 2023 | 148 | 67 | 36 | 31 |
| 2024 | 87 | 77 | 34 | 26 |

**Графички приказ бр.32- Најзастапени кривични дела извршени од странски државјани**

Во делот на прекршоците, забележан е намален тренд за 10,4% споредено со 2023 година. Поднесени се 1.455 (1.624) прекршочни пријави против странски државјани, од нив најмногу прекршоци се извршени од страна на турските државјани-420, потоа албанските-193, германските-96, грчките-79, украинските-62, српските-60 и косовските државјани-59. Според законските основи, најголем дел од прекршоците се извршени по **Законот за странци-877,** најчесто поради **пречекорен престој-303** и поради незаконски престој во Северна Македонија-197 прекршоци. Во голем процент, застапени се и прекршоците согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата-498 како и од Законот за гранична контрола-43 и Законот за прекршоци против јавниот ред и мир-35 прекршоци.




**Графички приказ бр.33- Прекршочни пријави по вид на закон и земја на потекло на странските државјани**

## 2.11 ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

Илегалната миграција е актуелна закана во Северна Македонија и во текот на 2024 година, со забележан намален тренд за 51,2% на бројот на спречени обиди за илегални преминувања. На границите со соседните земји спречени се 6.809 обиди за илегални преминувања, лани-13.954 обиди. На влез спречени се 4.319 обиди, најголем дел на граница со Грција-4.071, а останатите 2.490 обиди се спречени при излез.

| СПРЕЧЕНИ ОБИДИ ЗА ИЛЕГАЛНИ ПРЕМИНУВАЊА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| *ГРЦИЈА* | 4.297 | 12.477 | -65,6%↓ |
| *АЛБАНИЈА* | 41 | 54 | -24,1%↓ |
| *СРБИЈА* | 2.328 | 1.405 | 65,7%↗ |
| *КОСОВО* | 108 | 17 | повеќекратно зголемување↗ |
| *БУГАРИЈА* | 35 | 1 | повеќекратно зголемување↗ |
| *ВКУПНО* | **6.809** | 13.954 | -51,2%↓ |

**Табеларен приказ бр.34- Спречени обиди за илегални преминувања во 2024/2023 година**

Јужната граница сеуште е клучна точка за влез на мигрантите и нивно натамошно движење, што се огледа и во бројот на спречени обиди на границата со Грција- 4.297, каде е забележано намалување на обидите за 65%. Во најголем дел се работи за мигранти кои подолго време се на територија на Грција, и во неколку наврати се обидуваат да заминат, но се враќаат и чекаат одреден период да помине за повторно да заминат кон крајната дестинација.






**Графички приказ бр.34- Обиди за илегални преминувања спречени при влез/излез на граница со Грција/ Србија**

Северната граница со Србија и понатаму се користи како излезно место од државата, при што изминатиот период на ова подрачје регистрирано е зголемување на обидите за околу 66%. Во најголем дел се работи за мигранти од Сирија, Ирак, Египет и Авганистан, додека на влез најчесто се лица по потекло од Непал. Бројот на обиди на границата со Косово е во значителен пораст-спречени се 108, а лани истиот период-17 обиди. Повеќе од половина од спречените обиди се лица по потекло од Сирија, Мароко и Палестина.

На западната граница, доминираат обидите на албански државјани кои илегално преминуваат најчесто во пограничните села заради сезонска работа, додека на источната граница со Бугарија забележан е пораст на спречените обиди од Сирија, Непал, Мароко, Алжир итн.

## Илегални преминувања по земја на потекло

Најзастапени се обидите на лица по потекло од Сирија-3.156, чиј број бележи намален тренд во споредба со претходната година. Во топ пет се вбројуваат и обидите на лица од Мароко-582, потоа Египет-525, Ирак-370 и од Авганистан-309, а зголемен е бројот на обиди на лица од Турција-244 и од Кувајт-99.

| ТОП 5 ОБИДИ НА МИГРАНТИ ПО ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА |
|---|---|---|
| СИРИЈА | 3.156 | 5.500 |
| МАРОКО | 582 | 2.865 |
| ЕГИПЕТ | 525 | 119 |
| ИРАК | 370 | 270 |
| АВГАНИСТАН | 309 | 1.022 |

Табеларен приказ бр.35-Спречени обиди за илегални преминувања според земја на потекло 2024/2023 година



## 2.11.1 БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ

До Секторот за азил, во текот на 2024 година, поднесени се **нови барања за азил од страна на 334 (604) лица.** Од вкупниот број на лица, 266 лица се полнолетни, 68 деца (од нив 30 лица се деца без придружба). Според полот, 279 се од машки пол, 55 лица од женски пол.






Графички приказ бр. 35- Баратели на азил по земја на потекло

Во 2024 година, Сектор за азил, донесе решенија со кои на шест лица им го прошири статусот од супсидијарна заштита во статус на бегалец. Се работи за лица од Конго-три, Сирија-две и едно од Авганистан. И понатаму, една од причините за малиот број на признаени статуси е фактот дека барателите многу брзо по поднесувањето на барањето го напуштаат Центарот за баратели на азил со намера да стигнат до некоја од земјите членки на Европската унија. Што се однесува до исходот од постапката, за 11 лица донесено е решение со кое се одбива барањето за меѓународна заштита, за 306 лица запрена е постапката за меѓународна заштита, додека за 17 лица постапката е во тек.

Република Северна Македонија, згрижува 15 лица со статус на бегалец, најголем дел се од Косово-девет. Истовремено, нашата држава згрижува и шест лица со статус на супсидијарна заштита, од кои четири лица, кои престојуваат по овој основ се од косовската криза во 1999 година. Секторот за азил издаде три лични карти за лица со статус на супсидијарна заштита и пет лични карти со статус на бегалец, како и 35 идентификациони исправи за лица баратели на право за азил.

Во текот на август, влегоа во сила ревидираните Стандардни оперативни процедури за непридружувани деца и ранлива категорија на лица-странци, за што заедно со претставници од Министерство за социјална политика, демографија и млади, направени се четири обуки.

Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи во 2024 година, оствари соработка со повеќе меѓународни организации, меѓу кои за одбележување е соработката со EUAA, Агенцијата за азил на Европската Унија, Канцеларијата на Високиот Комесаријат за бегалци УНХЦР- Скопје, MARRI Регионалниот центар, IOM, ICMPD и УНИЦЕФ.

## 2.12 ЈАВЕН РЕД И МИР

Во текот на 2024 година, приоритетни задачи и заложби на Министерството беа остварување на безбедност и сигурност на граѓаните, во сите сфери на живеење и работење. Во рамките на полициското работење, особено значајно беше ангажирањето на полицијата при обезбедување на голем број на протести и други манифестации, а во содејство со други надлежни институции секојдневно беа преземани превентивни активности и мерки за контрола во угостителски објекти на подрачјето на целата држава.

Министерството презеде плански и организирани активности за безбедно одвивање на целокупниот изборен циклус, а како резултат на овие мерки **изборите поминаа во мирна, фер и демократска атмосфера, без регистрирани нарушувања на јавниот ред и мир ниту сериозни безбедносни настани.**

Во текот на ноември, регистрирано е нарушување на јавниот ред и мир од поголем обем за време на прославата по повод „Ден на албанското знаме“ на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје, Куманово, Битола и Охрид.

**ПО ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ :**

- ✓ ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА СЕ ВКУПНО 17 ЛИЦА (ШЕСТ СЕ ДЕЦА), А 29 ЛИЦА СЕ ЛЕГИТИМИРАНИ;
- ✓ РЕГИСТРИРАНИ СЕ ТРИ КРИВИЧНИ ДЕЛА **„ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОМРАЗА, РАЗДОР ИЛИ НЕТРПЕЛИВОСТ ВРЗ НАЦИОНАЛНА, РАСНА, ВЕРСКА И ДРУГА ДИСКРИМИНАТОРСКА ОСНОВА“**, ЗА ШТО КРИВИЧНО СЕ ПРИЈАВЕНИ ОСУМ ЛИЦА;
- ✓ ЕДНО ЛИЦЕ Е КРИВИЧНО ПРИЈАВЕНО ЗА СТОРЕНО ПРОДОЛЖЕНО КРИВИЧНО ДЕЛО **„ТЕШКИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ“** ЗАРАДИ ОПОЖАРУВАЊЕ НА ТРИ ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА И ЕДЕН ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ,
- ✓ РЕГИСТРИРАНИ СЕ И ШЕСТ КРИВИЧНИ ДЕЛА **„ОШТЕТУВАЊЕ НА ТУЃИ ПРЕДМЕТИ“ КОИ СЕ ГОНАТ ПО ПРИВАТНА ТУЖБА** ЗА ШТО СО ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ РАСВЕТЛЕНИ СЕ ЧЕТИРИ КРИВИЧНИ ДЕЛА И КАКО СТОРИТЕЛИ НА ИСТИТЕ СЕ ЈАВУВААТ ДВЕ ЛИЦА ОД КУМАНОВО, ОД КОИ ЕДНОТО Е ДЕТЕ.
- ✓ КОНСТАТИРАНИ СЕ ДВА ПРЕКРШОКА ОД ЗППЈРМ ЗА СТОРЕНИ ПРЕКРШОЦИ „ОТСТРАНУВАЊЕ, ОШТЕТУВАЊЕ ИЛИ ИЗЛАГАЊЕ НА ПОДБИВ НА ДРЖАВНИ СИМБОЛИ“ И „НЕПОСТАПУВАЊЕ ПО НАРЕДБА НА ДРЖАВЕН ОРГАН ИЛИ ОВЛАСТЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ“;
- ✓ ВО ДЕЛОТ НА СООБРАЌАЈОТ, ОДЗЕМЕНА Е ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА, ИЗРЕЧЕНИ СЕ 20 ГЛОБИ ОД ЗБСП И ЕДНА ГЛОБА ОД ЗАКОН ЗА ВОЗИЛА, А ПРОТИВ 15 ЛИЦА ПОДНЕСЕНИ СЕ ПРЕКРШОЧНИ ПРИЈАВИ ЗА СТОРЕНИ СООБРАЌАЈНИ ПРЕКРШОЦИ;
- ✓ КОНСТАТИРАН Е И ПРЕКРШОК ОД ЗАКОН ЗА ЛИЧНА КАРТА- „НЕНОСЕЊЕ НА ЛИЧНА КАРТА“.

Графички приказ бр. 36- Преземени мерки во врска со нарушување за време на прославата на Денот на албанското знаме

## 2.12.2 ПРОТЕСТНИ СОБИРИ

Постојано ангажирање на полициските службеници и преземање мерки и активности наложуваа и одржаните 507 протестни собирања. Поголем дел од нив беа најавени согласно одредбите од Законот за јавни собири. Најголем број од собирите се одржани на подрачјето на СВР Битола-133 и СВР Скопје-87.

Протестите беа во организација на Синдикатите на јавните установи и институции, со барања за зголемување на платите на административните службеници, зголемување на пензиите, поради загадување на воздухот, остварување на студентски права, отворање рудник во село Иловица, градежни активности на „Бехтел и Енка", одлука за отворање на албанска паралелка во Велес, ненаплатени побарувања за извршени услуги, закажана седница на Уставниот суд за Законот за употреба на јазиците, измени на Законот за обложувалници, вршење на градежни активности и слично.

## 2.12.1 ПРЕКРШОЦИ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Прекршоците против јавниот ред и мир бележат зголемен тренд за 6,2% во однос на 2023 година. Регистрирани се 6.500 прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка. Најголем број прекршоци се извршени на подрачје на СВР Скопје-1.723, СВР Штип-834, СВР Тетово-778, СВР Охрид-707 и СВР Битола-667 прекршоци.

Јавниот ред и мир најчесто е нарушен во градска средина, на отворен простор, а според начинот истите во најголем процент се извршени поединечно.

| | *ПРЕКРШОЦИ* | | | *СТОРИТЕЛИ* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| *СВР СКОПЈЕ* | 1.723 | 1.793 | -3,9%↓ | 2.277 | 2.381 | -4,4%↓ |
| *СВР БИТОЛА* | 667 | 654 | 2%↗ | 892 | 896 | -0,4%↓ |
| *СВР ВЕЛЕС* | 597 | 482 | 23,9%↗ | 840 | 699 | 20,2%↗ |
| *СВР КУМАНОВО* | 654 | 637 | 2,7%↗ | 856 | 841 | 1,8%↗ |
| *СВР ОХРИД* | 707 | 746 | -5,2%↓ | 951 | 1.001 | -5%↓ |
| *СВР СТРУМИЦА* | 527 | 407 | 29,5%↗ | 763 | 538 | 41,8%↗ |
| *СВР ТЕТОВО* | 778 | 657 | 18,4%↗ | 1.016 | 865 | 17,5%↗ |
| *СВР ШТИП* | 834 | 735 | 13,5%↗ | 1.223 | 1.039 | 17,7%↗ |
| *РЦ за ГР* | 13 | 10 | 30%↗ | 13 | 10 | 30%↗ |
| *ВКУПНО* | 6.500 | 6.121 | 6,2%↗ | 8.831 | 8.270 | 6,8%↗ |

**Табеларен приказ бр. 36- Прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка и број на сторители**

Според видот на прекршокот, најмногу барања се поднесени за „физички напад"-1.688, потоа „карање, викање, непристојно и дрско однесување"-948, „учество, предизвикување или поттикнување тепачка"-715, „оддавање на пијанство на јавно место"-584 и „уживање наркотични дроги и психотропни супстанци"-570 прекршоци.

| ТОП ПЕТ ПРЕКРШОЦИ | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
|---|---|---|---|
| „ФИЗИЧКИ НАПАД“ | 1.688 | 1.615 | 4,5%↗ |
| „КАРАЊЕ, ВИКАЊЕ, НЕПРИСТОЈНО И ДРСКО ОДНЕСУВАЊЕ“ | 948 | 891 | 6,4%↗ |
| „ УЧЕСТВО, ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ИЛИ ПОТТИКНУВАЊЕ ТЕПАЧКА“ | 715 | 808 | -11,5%↓ |
| „ОДДАВАЊЕ НА ПИЈАНСТВО НА ЈАВНО МЕСТО“ | 584 | 500 | 24,8%↗ |
| „УЖИВАЊЕ НАРКОТИЧНИ ДРОГИ И ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ“ | 570 | 468 | 14%↗ |

Табеларен приказ бр.37- Топ пет прекршоци за кои се поднесени барања по ЈРМ

## 2.12.3 НАСИЛНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИ ВО УЧИЛИШТА

Еден од важните приоритети на полицијата е одржување на поволна безбедносна состојба со минимизирање на нарушувањата извршени меѓу деца во и околу училишта. Во текот на 2024 година, регистрирани се 109 настани на насилно однесување меѓу ученици или седум повеќе од 2023 година. Најголем дел се на подрачјето на СВР Тетово, потоа следуваат подрачјето на СВР Скопје со регистрирани 29 настани и СВР Куманово со регистрирани 16 настани.

Над 72% од насилствата се случени во основните училишта, а помал број во кругот на средните училишта, на автобуски постојки и во автобуси. За одбележување е што оваа година не се регистрирани настани на меѓунационална основа. Во однос на сторителите најчесто се работи за деца ученици во основните училишта на возраст од 11 до 14 години, кои поради изразена меѓусебна нетрпеливост најчесто го нарушуваат јавниот ред и мир со физички напади, а во помал број на случаи со меѓусебни тепачки.

Во рамки на преземените мерки поднесени се 13 кривични пријави за сторени пет кривични дела „насилство“, четири кривични дела „насилство врз дете“, две „тешка телесна повреда“ и по едно „малтретирање во вршење служба“ и „загрозување на сигурноста“. Покрај ова, за 26 настани поднесени се известувања до ОЈО, а во делот на прекршоците поднесени се вкупно 34 барања за поведување на прекршочна постапка за сторени прекршоци по ЗППЈРМ, најчесто за нарушен ЈРМ со физички напад и за занемарена грижа на родител.

## 2.12.4 НАСИЛСТВО НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ



Пораст на насилствата на спортски натпревари за 7,8% бележиме во тековната година. Евидентирани се 83 (77) нарушувања, од нив најмногу на подрачјата на СВР Скопје-40, СВР Тетово-15 и СВР Велес-10. Најзастапени се нарушувањата за време на фудбалски натпревари-57, 19 нарушувања се за време на кошаркарски натпревари, а седум нарушувања се на ракометни натпревари.

Нарушувањата оваа година најчесто се извршени од група од шест и повеќе лица, на фудбалски стадиони за време на одржување на натпреварите, со употреба на пиротехнички средства, палење бакли, фрлање предмети, дофрлање пораки и поттикнување омраза врз основа на верска, расна и национална припадност. Како последица од нарушувањата телесно повредени се 11 лица (најчесто се работи за навивачи, судии и играчи).

| | Вкупно нарушувања | Фудбалски натпревар | Кошаркарски натпревар | Ракометни натпревари |
|---|---|---|---|---|
| 2023 | 77 | 53 | 6 | 4 |
| 2024 | 83 | 57 | 19 | 7 |

**Графички приказ бр.38- Нарушувања на спортски натпревари според вид**

По преземени мерки, поднесено е известување до ОЈО, а регистрирани се 98 прекршоци од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување и 65 прекршоци од други закони за што поднесени се барања за поведување прекршочна постапка против 113 физички, 10 правни и 18 одговорни лица.

## 2.12.5 НАПАДИ ВРЗ ОВЛАСТЕНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

Нападите врз службени лица бележат зголемен тренд за 25,4% во однос на претходната година. Во 2024 година пријавени се вкупно 173 напади, при што најголем дел како и претходните години се извршени на подрачје на СВР Скопје-53, по што следуваат подрачјата на Секторите за внатрешни работи Битола-35 и Куманово-26.

| *ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ ЗА НАПАДИ ВРЗ ОСЛ* | | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| *СВР СКОПЈЕ* | 53 | 29 | 82,7%↗ |
| *СВР БИТОЛА* | 35 | 20 | 75%↗ |
| *СВР ВЕЛЕС* | 10 | 18 | -44,4%↓ |
| *СВР КУМАНОВО* | 26 | 19 | 36,8%↗ |
| *СВР ОХРИД* | 14 | 17 | -17,6%↓ |
| *СВР СТРУМИЦА* | 10 | 9 | 11,1%↗ |
| *СВР ТЕТОВО* | 12 | 11 | 9,1%↗ |
| *СВР ШТИП* | 13 | 15 | -13,3%↓ |
| *ВКУПНО* | **173** | 138 | 25,4%↗ |

**Табеларен приказ бр.38– Примени пријави за извршени напади врз ОСЛ**

Нападите се извршени поединечно, најчесто во градска средина на отворен простор, со употреба на физичка сила. Извршени се и 20 групни напади во кои лицата делувале здружени во група од две до пет лица. Нападите најчесто се извршени при воспоставување на нарушен јавен ред и мир, при регулирање и контрола на патниот сообраќај и при легитимирање и барање на други исправи на увид. Оваа година не се регистрирани **настани во кои употребено е огнено оружје**. Од нападите, повредени се 180 овластени службени лица, од кои 173 се со телесни повреди, а седум со тешки телесни повреди. Мерки на кривичен прогон се преземени против 230 лица, за сторени 185 кривични дела **„напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста“.**

## 2.12.6 ТОЧЕЊЕ АЛКОХОЛ И ПРИСУСТВО НА ДЕЦА ВО УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ И НОЌНИ БАРОВИ

Контролите во угостителските објекти и ноќни барови спроведени во рамки на редовното работење и при спроведување акциски контроли со други надлежни институции. Во тековната година регистрирани се 28 кривични дела „точење алкохол на деца" извршени од 40 лица, од кои 25 физички и 15 правни лица.

Најголем дел од кривичните дела се регистрирани на подрачјето на СВР Струмица-12 потоа СВР Битола-шест и СВР Скопје-пет итн.

Регистрирани се и 66 прекршоци „овозможување присуство на деца во објекти за забава" од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, за кои се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка против 76 прекршители.

## 2.13 БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

Заради создавање услови за уредно и непеsince одвивање на сообраќајот и постигање поголема безбедност за сите учесници во истиот, активностите на Министерството за внатрешни работи првенствено беа насочени кон контрола и регулирање на сообраќајот и поголемо сообраќајно покривање на деловите од патната и уличната мрежа каде се одвива интензивен сообраќај и каде почесто се случуваат сообраќајни незгоди.

Паралелно со контролата на сообраќајот, се преземаа мерки за уредување соодветен режим на сообраќај, мерки во функција на оддржување на патната мрежа и сообраќајната сигнализација, за техничката исправност на возилата, за подобрување на квалитетот во обуката на кандидатите за возачи и законитоста во спроведувањето на возачките испити, како и активности од превентивно-воспитен и едукативен карактер со цел подигање на сообраќајно техничката култура и дисциплина на учесниците во сообраќајот.

Во текот на 2024 година значајни активности се остварени и во делот на нормативното уредување на оваа област преку давање стручни мислења за :

| |
|---|
| Изготвување на Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата 2024 - 2029 година; |
| Измени и дополнувања на повеќе закони како што се Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за возила, Законот за полиција, Кривичниот закон и останатите законски прописи, во врска со новиот систем за детектирање на сообраќајни прекршоци, како и активности во однос на измени и дополнувања на законската регулатива од областа на интелигентните транспортни системи во патниот сектор; |
| Измена на повеќе Правилници за : изведување на времени работи на пат и поставување на потребна сообраќајна сигнализација и опрема, потоа за начинот на вршење на здравствениот преглед на возачите на моторни возила, Правилник за пробно возење, Правилник за времена измена на режим на сообраќај, Правилник за технички преглед на возила, Правилник за формата и содржината образецот на барањето за издавање на пробни таблици, форма и содржина на регистарските таблици. |

**Табеларен приказ бр.39– Активности – стручни мислења во доменот на сообраќајот**

### 2.13.1 СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ

На патиштата низ државата, случени се вкупно 8.457 (8.118) сообраќајни незгоди, при што 53,5% од незгодите се со потешки последици, додека останатите се незгоди со материјална штета. На територијата на Република Северна Македонија просечно се случуваат 460 незгоди на 100.000 жители, од кои 246 незгоди се незгоди со потешки последици во кои 7,7 лица ги губат животите.

Зголемен тренд за 5,9% бележат сообраќајните незгоди со потешки последици. Од 124 се незгоди со смртни последици кои исто така се зголемени за 5%, потоа 956 се незгоди со тешки и 3.446 незгоди со телесни повреди. Незгодите бележат сезонски тренд, при што најголема фреквенција е забележана во летниот период (јули и август) кога во просек се случени по околу 500 незгоди на месечно ниво, од кои 28 незгоди се со смртни последици кои споредено со 2023 година бележат пораст за 33,3%.

Најбројни се незгодите со потешки последици кои се случени во сабота, четврток и во

понеделник, во просек по 684 незгоди, но во овие денови најголем е и бројот на загинати лица. Критичен период е времето од 12,00 до 18,00 часот кога во просек се случиле по 320 незгоди, додека во раните утрински часови во времето од 04,00 до 06,00 часот се случиле најмал број на незгоди- 83. Над 60% од незгодите се случуваат во градските средини, од нив најголем дел се со телесни повреди-околу 2.700 незгоди, а 37 незгоди се со смртни последици.

| | СН СО ПОТЕШКИ ПОСЛЕДИЦИ | | СН СО СМРТНИ ПОСЛЕДИЦИ | | СН СО ТЕШКИ ТЕЛЕСНИ ПОВРЕДИ | | СН СО ТЕЛЕСНИ ПОВРЕДИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА |
| *СВР СКОПЈЕ* | 1.756 | 1.737 | 26 | 36 | 270 | 242 | 1.460 | 1.459 |
| *СВР БИТОЛА* | 374 | 358 | 23 | 21 | 94 | 97 | 257 | 240 |
| *СВР ВЕЛЕС* | 256 | 245 | 10 | 13 | 68 | 54 | 178 | 178 |
| *СВР КУМАНОВО* | 355 | 311 | 9 | 11 | 72 | 52 | 274 | 248 |
| *СВР ОХРИД* | 427 | 389 | 13 | 8 | 112 | 91 | 302 | 290 |
| *СВР СТРУМИЦА* | 297 | 285 | 15 | 12 | 101 | 69 | 181 | 204 |
| *СВР ТЕТОВО* | 707 | 645 | 15 | 4 | 121 | 122 | 571 | 519 |
| *СВР ШТИП* | 354 | 304 | 13 | 13 | 118 | 72 | 223 | 219 |
| *ВКУПНО* | **4.526** | 4.274 | 124 | 118 | 956 | 799 | 3.446 | 3.357 |

**Табеларен приказ бр.40- Сообраќајни незгоди со потешки последици по СВР**

Подрачјето на СВР Скопје брои најмногу сообраќајни незгоди со потешки последици. Скопските општини Центар, Карпош, Чаир, Гази Баба и Бутел се места каде се случени најголем дел од незгодите со потешки последици, а од општините надвор од Скопје, доминираат Куманово, Тетово, Гостивар, Охрид, Битола, Прилеп, Струга, Струмица и Велес.

Останатите незгоди се случени надвор од населени места, при што најзастапени се на регионалните патишта каде 34 се незгоди со смртни последици, по што следуваат магистралните и локалните патишта, а мал дел се случени на експресните патишта.

Топ пет локации каде се случиле најголем број незгоди се :
- Булевар Партизански одреди во Скопје
- Улица Илинденска во Тетово
- Булевар Борис Трајковски во Скопје
- Сервисни улици во Скопје (на подрачје на ПС Центар)
- Булевар Александар Македонски во Скопје

**Приоритетен фактор кој влијае за случување на сообраќајните незгоди е човечкиот фактор** заради кој се случиле над 95% од незгодите, во најголем дел поради :

- Управување со брзина поголема од дозволената
- Преземање дејствие со возилото (движење, свртување)
- Првенство на минување

Според приоритетниот вид на незгодата, доминираат незгоди случени поради:

- Меѓусебен судир на возила во движење при возење во ист правец
- Меѓусебен судир на возила во движење од спротивни правци
- Удар на возило во друго сопрено или паркирано возило

## 2.13.2 НАСТРАДАНИ ЛИЦА

Во незгодите настрадале вкупно 7.298 лица или 193 лица повеќе во однос на претходната година. Од нив 142 лица загинале, 1.085 лица тешко се повредени, а останатите се со лесни повреди.

Најмногу настрадани лица има во текот на летните месеци јули-861 и август-770, кога има и голема фреквенција на патници и туристи во државата, а најмал број е регистриран во првите два месеци од годината, кога во просек регистрирани се по околу 460 настрадани лица. Скопје и неговите општини Центар, Карпош, Гази Баба, Чаир, Бутел, Аеродром и Кисела Вода се подрачја кои просечно бројат од 200 до 400 настрадани лица во незгодите, по што следуваат општините Куманово, Тетово, Гостивар, Струга, Битола, Охрид и Прилеп.

Најголем број од настраданите лица се возачи на моторни и не моторни возила-3.797, потоа сопатници-2.359, пешаците-830 и патници-289. Во однос на возилата доминираат патничките возила, возачите на мопед, мотоцикли над 125 и велосипедите.

| | ВКУПЕН БРОЈ НА НАСТРАДАНИ УЧЕСНИЦИ | | ЛИЦА СО ПОСЛЕДИЦА СМРТ | | ЛИЦА СО ТЕШКИ ТЕЛЕСНИ ПОВРЕДИ | | ЛИЦА СО ТЕЛЕСНИ ПОВРЕДИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА |
| *СВР СКОПЈЕ* | 2.805 | 2.900 | 30 | 39 | 288 | 278 | 2.487 | 2.583 |
| *СВР БИТОЛА* | 552 | 568 | 25 | 23 | 111 | 113 | 416 | 432 |
| *СВР ВЕЛЕС* | 380 | 390 | 10 | 14 | 78 | 69 | 292 | 307 |
| *СВР КУМАНОВО* | 599 | 507 | 10 | 11 | 81 | 62 | 508 | 434 |
| *СВР ОХРИД* | 703 | 637 | 17 | 8 | 132 | 111 | 554 | 518 |
| *СВР СТРУМИЦА* | 440 | 443 | 17 | 13 | 114 | 81 | 309 | 349 |
| *СВР ТЕТОВО* | 1.267 | 1.193 | 18 | 4 | 142 | 135 | 1.107 | 1.054 |
| *СВР ШТИП* | 552 | 467 | 15 | 15 | 139 | 77 | 398 | 375 |
| *ВКУПНО* | **7.298** | 7.105 | 142 | 127 | 1.085 | 926 | 6.071 | 6.052 |

**Табеларен приказ бр.41- Настрадани лица по СВР**

### Лица со последица смрт

**Во незгодите животот го загубиле 142 лица или 15 лица повеќе во однос на претходната година кога загинале 127 лица,** а според категоријата на учесници, најголем број се возачи на патнички моторни возила, сопатници и пешаци.

Најмногу загинати лица **се на подрачје на СВР Скопје-30 каде бележиме намалување на жртвите за 23,1%, од нив најмногу се на подрачјата на општините Гази Баба и Петровец- по пет загинати лица.** Потоа следуваат подрачјата на СВР Битола-25, СВР Тетово-18 кое бележи значителен пораст од 350% на бројот на жртвите, а значителен пораст бележат и подрачјата на СВР Охрид и СВР Струмица.

## Локации каде се случиле најголем број од сообраќајните незгоди со смртни последици

| Категорија на пат | Назив пат | Општина | Лица со последица смрт | Лица со тешки телесни повреди | Лица со телесни повреди |
|---|---|---|---|---|---|
| МАГИСТРАЛЕН ПАТ | А2 ГОСТИВАР - КИЧЕВО-ТРЕБЕНИШТЕ-СТРУГА-ГП ЌАФАСАН | ГОСТИВАР | 5 | 1 | 3 |
| АВТОПАТ | А1 Г.П.ТАБАНОВЦЕ-Г.П.БОГОРОДИЦА | ПЕТРОВЕЦ | 4 | 5 | 2 |
| МАГИСТРАЛЕН ПАТ | А2 ГОСТИВАР - КИЧЕВО-ТРЕБЕНИШТЕ-СТРУ ГА-ГП ЌАФАСАН | КИЧЕВО | 4 | 5 | 2 |
| ЕКСПРЕСЕН ПАТ | А3 КЛУЧКА ТРИ ЧЕШМИ - КЛУЧКА КОЧАНИ | ШТИП | 3 | 1 | 3 |
| МАГИСТРАЛЕН ПАТ | А3 ПОДМОЉЕ - ОХРИД - РЕСЕН - БИТОЛА - ПРИЛЕП | ПРИЛЕП | 3 | 0 | 3 |
| МАГИСТРАЛЕН ПАТ | А4 ШТИП-РАДОВИШ-СТРУМИЦА-ГП НОВО СЕЛО | РАДОВИШ | 3 | 2 | 1 |
| РЕГИОНАЛЕН ПАТ | Р1109 ГЕВГЕЛИЈА-БОГДАНЦИ-ФУРКА | ГЕВГЕЛИЈА | 2 | 3 | 4 |
| РЕГИОНАЛЕН ПАТ | Р1203 ТЕТОВО-ГП ЈАЖИНЦЕ | ТЕАРЦЕ | 2 | 2 | 4 |

**Табеларен приказ бр.42- Локации со најголем број сообраќајни незгоди со смртни последици**

## 2.13.3 ПРЕВЕНТИВНО РЕПРЕСИВНИ МЕРКИ

Министерството континуирано преземаше активности во насока на спречување, откривање и докажување на сообраќајната деликвенција. Приоритетно се работеше на сузбивање на прекршоците поради кои се случуваат сообраќајните незгоди и за чија цел секојдневно беа спроведени 56 акциски контроли, најмногу за управување на моторно возило под дејство на алкохол, дрога и други психотропни супстанци-13, како и 12 акциски контроли за управување на моторно возило со брзина поголема од дозволената, осум акциски контроли за прекршоци кои ги чинат пешаците како учесници во сообраќајот, седум за престигнување спротивно на правилата на сообраќајот на патиштата и шест за прекршоци кои ги чинат возачите на велосипеди, велосипеди со помошен мотор, мопед, мотоцикл и сл.

Во делот на сообраќајната превенција, земено е учество при спроведување на кампањи и проекти кои се реализираа во соработка со Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата :

- Кампања под мотото „СТАВИ ПОЈАС“;
- Кампања по повод „ Европска недела на мобилност 2024“;
- Кампања „ Безбедно возење со трактор“;
- Кампања за безбедно учество во сообраќај со електричен тротинет;
- Кампања за унапредување на безбедноста на велосипедистите во сообраќајот;
- Сообраќајно едукативна и превентивна акција насловена како “Летна Кампања - 2024 “ под мотото „Вози одморен“;

- „И јас и ти – сите сме пешаци! Безбедноста на прво место“;
- Одбележување Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди;
- Кампања за поголема безбедност на децата во сообраќајот;
- Кампања за подигање на свеста за употреба на зимска опрема во возилата и одговорно учество во сообраќајот во зимскиот период.









Во текот на 2024 година, регистрирани се 230.377 превентивно-репресивни мерки против прекршителите на сообраќајните правила и прописи, во најголем дел за брзо возење. Регистрирани се **165.551 прекршоци,** најмногу на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Битола-24.288 и Скопје-22.668 прекршоци.

| *РЕГИСТРИРАНИ ПРЕКРШОЦИ* | | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| *СВР СКОПЈЕ* | 22.668 | 46.854 | -51,6%↓ |
| *СВР БИТОЛА* | 24.288 | 34.408 | -29,4%↓ |
| *СВР ВЕЛЕС* | 17.489 | 25.023 | -30,1%↓ |
| *СВР КУМАНОВО* | 14.298 | 22.405 | -36,2%↓ |
| *СВР ОХРИД* | 19.624 | 15.453 | 27%↗ |
| *СВР СТРУМИЦА* | 11.257 | 17.907 | -37,1%↓ |
| *СВР ТЕТОВО* | 19.043 | 20.784 | -8,4%↓ |
| *СВР ШТИП* | 17.262 | 20.691 | -16,6%↓ |
| *РЦ ЗА ГР* | 1.126 | 1.689 | -33,3%↓ |
| *МЕБПС* | 18.496 | 6.377 | 190%↗ |
| *ВКУПНО* | 165.551 | 211.591 | -21,8%↓ |

**Табеларен приказ бр.43-Регистрирани прекршоци од областа на сообраќајот по СВР**

Против прекршителите на сообраќајните правила и прописи, поднесени се **95.656 барања за поведување прекршочна постапка, предупредени се 13.886 учесници, исклучени од сообраќај се 34.067 возачи и 8.775 возила, времено се одземени 7.116 возачки дозволи, а 2.144 лица се повикани на сообраќајна поука**. Најчести прекршоци за кои се поднесени барања се управување на возило без возачка дозвола-22.645, брзо возење-18.260, потоа управување под дејство на алкохол-8.487, непрописно запирање и паркирање-5.904, употреба на нерегистрирани возила-3.584, непочитување сообраќајни знаци-2.278, техничка неисправност на возилата-1.622 прекршоци, некористење сигурносен појас-1.558 прекршоци итн.

# 3. ОСТАНАТИ ПОЛИЦИСКИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ



## 3.1 ЕДИНИЦА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, СТАНДАРДИ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет во текот на 2024 година спроведуваше активности, со цел воспоставување на систем на работење на полицијата согласно европските стандарди, преку реализација на реформските процеси.

Во доменот на стратешкото планирање, Единицата учествуваше во изготвување на Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи за 2024-2026 година, изработка на Годишниот план на Министерството за внатрешни работи за 2024 година. Изготвени се квартални извештаи за степенот на реализација на мерките предвидени во годишниот план за работа на Министерството и информација со потребни податоци за проектите/активностите кои се планирани за 2024 година во потпрограмите од програмата „Развој на полицијата“.

Континуирано се следеше процесот на имплементација на предвидените активности, а извршено е ажурирање на планираните активности во стратешките програми во нацрт Стратешкиот план на Министерството за што се изработени табели со ризици за секоја од потпрограмите, односно воведена е нова потпрограма „Вклучување и комуникација со заедницата” согласно Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2024-2026 година.

Спроведен е стручен надзор во организациските единици во состав на Бирото за јавна безбедност согласно претходно изготвени планови, за што се дадени насоки и препораки за понатамошно постапување.

Во текот на 2024 година, донесено е Упатство за начинот на вршење на генерален и стручен надзор и контрола во полицијата во рамки на активности за спроведување на Стратешките определби во процесот на воспоставување на новиот модел на спроведување на дисциплински постапки во МВР во функција на имплементацијата на стратегии и документи донесени во соработка и со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, за периодот 2023 – 2025 година во областа „Ревизија на системот на дисциплински постапки“.

| Единицата учествуваше во следните проекти: |
| --- |
| „Подобрување на националните пракси за управување со мало и лесно оружје“, |
| „Полициско работење водено од разузнавање”-ILP, |
| Проектни активности од доменот на користење на нуклеарната енергија и технологија -МААЕ, |
| Учество во активности по оперативните акции. |

Табеларен приказ бр.44- Учество во проекти на Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет

## 3.2 НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН И СЕРИОЗЕН КРИМИНАЛ

Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал во текот на 2024 година, континуирано продолжи со своите активности во делот на меѓуинституционалната соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи и Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Преку упатените лица во Центарот се придонесе на побрз начин да се собираат информации за предметите на работа насочени кон сузбивањето на организираниот и сериозен криминал.

Во 2024 година, зголемена е размената на податоци и информации преку Центарот, при што се евидентни конкретните резултати од неговото работење. Центарот постапи по вкупно 533 примени и испратени барања, од кои 528 барања се доставени од институциите вклучени во Центарот за проверки во достапните бази на податоци. За потребите на различните институции извршени се проверки за вкупно 1.627 физички лица, 198 правни лица како и за 2.816 моторни возила за утврдување на сопственост или влез/излез на граничните премини во Северна Македонија. Од страна на Центарот преземени се мерки и активности и за четири физички лица за кои постојат основи на сомнение за стекната несразмерна имотна корист.







Графички приказ бр.39- Активноста на НКЦСОСК и примени барања од институциите 2023/2024 година

Во заеднички акции со Царинската управа, посебно се издвојуваат случаите во Битола и Ресен во која се запленети 780 килограми режан тутун со вкупна вредност од 3,4 милиони денари, а при извршена контрола на автобус со турски регистарски ознаки кој сообраќал на релација Истанбул-Гостивар-Истанбул, во специјално направен бункер бил пронајден златен накит со вкупна тежина од 4.719 грама со вкупна вредност од 15.100.800,00 денари.

## 3.3 ОДДЕЛ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Одделот континуирано ги извршуваше работните задачи кои се во негова надлежност, при што во рамки на нормативната дејност изготви 157 правни мислења по доставени барања од страна на организациските единици во БЈБ, 90 предмети по заклучоци од Влада, 66 договори за дело, 40 предмети во врска со Меморандуми за соработка, како и 34 предмети поврзани со изработка или ревидирање на одредбите од интерните СОП-ови за работа, 22 договори за донација и 11 правни мислења по однос на предлог-закони.

Одделението за заштита на лични податоци одговори на 770 барања за давање на лични податоци и во континуитет постапува по поднесени барања за давање на лични податоци.

Одделението за управување со човечки ресурси континуирано извршуваше работи и задачи поврзани со постапките за распоредување и унапредување на работниците во БЈБ и изготви 2.377 решенија за распоредување на работниците, 4.700 решенија за зголемен додаток на плата, 5.200 решенија заради работа над 150 часа подолго од полното работно време, 163 уверенија за бенифициран стаж, 318 решенија за работници кои го остваруваат условот за пензионирање; 34 решенија за неплатено отсуство, околу 2.200 решенија за годишни одмори, над 2.529 решенија за платено отсуство, 234 решенија по основ на солидарна помош, 1.010 решенија за јубилејна награда, 213 решенија за солидарна помош, 200 службени легитимации и тн.



- ✓ 2.377 РЕШЕНИЈА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ;
- ✓ 318 РЕШЕНИЈА ЗА РАБОТНИЦИ КОИ ГО ОСТВАРУВААТ УСЛОВОТ ЗА ПЕНЗИОНИРАЊЕ;
- ✓ 34 РЕШЕНИЈА ЗА НЕПЛАТЕНО И 2.529 РЕШЕНИЈА ЗА ПЛАТЕНО ОТСУСТВО;
- ✓ 508 ДОГОВОРИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПОЛИЦАЈЦИ-ПРИПРАВНИЦИ;
- ✓ 476 ИНТЕРНИ ОГЛАСИ ЗА 741 РАБОТНО МЕСТО.

Одделението за обука и развој распиша 476 интерни огласи за 741 работно место, 609 решенија за службени патувања во странство, 508 договори за вработување на полицајци приправници, 124 Решенија за формирање на комисија за полагање на посебен испит, 53 Решенија за назначување на ментори. Раскинати се договори за основна обука на полицаец за вкупно 48 лица, како и 16 договори за селективна постапка за прием во ЕБР. Спроведуваше полагање на приправнички испит за приправници во БЈБ, за кои по положувањето на испитот им се изготвува Уверение за положен приправнички испит.

Одделението за финансиски работи изготви интегриран извештај за извршен попис на парични средства, опрема и ситен инвентар и оружје во организациските единици на БЈБ, изврши контролирање и ликвидирање на 4.752 влезни фактури од добавувачи за извршени услуги и набавки, изготвени и проверени 37 касови извештаи за исплатени 587 готовински сметки за патарини и други расходи во вкупен износ од 620.000 денари, издадени 75 ваучери за гориво во износ од 3.760.000 денари, изготвени 2.258 пресметки и мислења по наоди по пристигнати акти во врска со судски постапки и вештачења по тужбени барања од вработени, спроведени 2.631 извештаи за привремена спреченост за работа. Изработена е интегрирана пресметка на потребни средства за Буџет за БЈБ за 2025 година со проекција на потреби за 2026 година до 2029 година во консултација со Одделот за финансиски прашања заради следење на реализацијата на повеќегодишните капитални проекти.

## 3.4 ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ И АНАЛИЗА

Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа континуирано преземаше активности за собирање, обработка и анализа на статистичките, разузнавачки и оперативни податоци кои се од важност за следење на безбедносните состојби, криминалот и заканите кои се присутни или може да настанат на национално ниво, при што изготвени се **аналитички продукти за проценка на ризиците и стратешко насочување** на организациските единици во Бирото за јавна безбедност. Одделот се фокусираше и на активностите за унапредување на **моделот на полициското работење водено од разузнавање,** преку учество во проект, работилници, а континуирано вршеше координација и даваше поддршка на подрачните организациски единици кои постапуваат во овој домен.

Преку активностите на Одделот дадена е соодветна поддршка на **стратешкиот менаџмент** за кој се изготвени повеќе стратешки, информативни и статистички документи кои даваат подобра слика и увид во состојбите со криминалот и криминалните трендови, како резултат на што овозможено е одлуките на стратешко ниво да влијаат на клучните закани и ризици, преку насочено и координирано раководење и управување со расположливите ресурси. Во овие рамки изготвени се документи за идентификување и управување со криминалните закани и ризици, изработка на тематски информации, генерирање и изготвување на официјалната статистика, давање одговори по барања од останати организациските единици во Министерството, како и други институции и организации кои се корисници на податоците, вклучувајќи ги информациите кои се со слободен пристап и од јавен карактер.




Во 2024 година, отпочнат е процесот за изготвување на **Проценка на закани од организиран и сериозен криминал SOCTA 2025 година**, даден е придонес за изготвување на SOCTA за Европол преку одговор на прашалници, а одговорени се и прашалници на барање на ИНТЕРПОЛ, EMCDA, SEESAC, OSCE/ODIHR. Обезбеден е и придонес во изготвување на SEPCA 2024- Регионална проценка на закани од организиран и сериозен криминал 2024.

Одделот своите активности ги насочи и кон унапредување на работните процеси во делот на криминалистичките истражувања, како и унапредување на процесот за изготвување на мрежата на криминални групи и унапредување на процесот на работа со информатори на регионално и локално ниво, за што реализирани се голем број на работни состаноци и средби кои се во интерес на подобрување на обемот, квалитетот и координацијата на активностите од овој домен. Беше дадена целосна поддршка на надлежните организациски единици кои постапуваат во доменот на криминалистичките истражувања, за што изготвени се бројни анализи, профили, извештаи и информации, а поддршка е дадена и на оперативните штабови и командно оперативните центри, вклучувајќи ја и поддршката за спроведување на Претседателските и Парламентарните избори.

Во доменот на **информативната дејност** во континуитет на дневно, месечно, неделно и периодично ниво изготвени се голем број аналитички и информативни документи, при што изготвени се наменски анализи, извештаи и над 160 одговори по добиените барања од организациските единици во Министерството, Амбасади во Северна Македонија, други Министерства и институции.

Во делот на **статистичкото следење на појавите и документирање** беа креирани и обезбедувани официјални и наменски статистички податоци, при што во овој период континуирано се работеше и на подобрување и следење на апликацијата за Азбучен индекс и криминалитет. Во доменот на статистиката изготвени се голем број на годишни, месечни и квартални статистички осврти, прегледи и табели, како и над 300 одговори до внатрешни или надворешни баратели и корисници на податоците.

## 3.5 ОДДЕЛ ЗА ФОРЕНЗИЧКИ ИСПИТУВАЊА

Во април 2024 година, Институтот за акредитација на Република Северна Македонија спроведе надзорно оценување од надлежниот оценувачки тим, кој беше оценет како успешен со што Одделот за форензички испитувања повторно го задржа Прилогот кон сертификат за акредитација на одделот, воедно дополнувајќи го со уште една акредитирана метода во одделението за микро-траги. Со наведеното беше потврден и проширен опсегот на акредитација согласно барањата на меѓународниот стандард ИСО 17025, еден од врвните приоритети на одделот.



Во контекст на модернизација на методологијата на работа на Одделот, целосно е имплементиран и функционален **системот за автоматизирана биометриска идентификација**, најнапредно софтверско решение во кој се интегрирани апликации за автоматизирана идентификација на отпечатоци и траги од папиларни линии на прсти и дланки, како и дел за автоматизирана идентификација на човечки лик (Face Recognition). MBIS-5 системот интегрира повеќе интерфејси за меѓународна размена на биометриски податоци како интерфејс за размена во рамки на Police Cooperation Convention - South Eastern Europe (PCC_SEE), INTERPOL Biometric Hub, EURODAC, EUROPOL, ECRIS-TCN, SIS-AFIS, од кои дел ќе можат да се поврзат за краток временски период, за што ОФИ ги исполни сите неопходни активности. Сето ова ќе придонесе системот да ги задоволи сите технички предуслови за поврзување со бази на податоци непосредно по пристапот на РСМ во Европската Унија. Во рамки на овој проект набавени и интегрирани се 11 работни станици за електронско дактилоскопирање и фотографирање на осомничени и осудени сторители на кривични дела, распоредени на регионално и локално ниво.



Во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на системот за форензика и истрага на местото на настанот за подобрување на кривично-правната контрола на мало и лесно оружје" кој се имплементира од страна на УНДП во соработка со МВР се спроведе проектната активност „Интервенции и надградби во затвореното стрелиште" што резултираше со етаблирање на едно од најмодерните форензички стрелишта од затворен тип во регионот и пошироко, со високи меѓународни стандарди за безбедност. Во рамки на проектот се работи на воспоставување на симулациски простории за обука за истрага на местото на настанот, кои ќе се изведуваат во Центарот за обука.

Со поддршка на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF) беше изготвено Упатство за криминалистичка регистрација и идентификација на лица и непознати лешеви, реализирана е скрининг посета од Шефот на Одделот за идентификација во австриската полиција, а реномиран европски експерт ја нотираше техничката подготвеност на Одделот за учество во меѓународна размена на податоци. Покрај ова, земено е и учество на конгрес организиран од Интернационално друштво за форензичка генетика, како и учество на хибридна обука и работилница за Y-STR статистика, интерпретација и

евалуација на резултати добиени по анализа на Y хромозомот, по која е отпочнат и процес за изработка и донесување на две упатства кои се во доменот на оваа проблематика.

Во соработка со Амбасадата на САД во Северна Македонија, Програмата за антитерористичка помош (АТА) организираше обука за софтвер за обработка и анализа на DVR уреди, Magnet Witness беше донирана и една лиценца за наведениот софтвер.

Подрачните организациски единици за криминалистичка техника извршија 7.514 увиди и обезбедени вкупно 28.714 траги и предмети. Најголемиот број увиди се настани од областа на имотни деликти-4.863, крвни деликти-983, пожари-846, сообраќајни незгоди-626 и 302 увиди во врска со организиран криминал, недозволена трговија и експлозии. Овие единици учествуваа и во 605 претреси, 113 акциски контроли, а документирале вкупно 931 настан.

Во 2024 година, во Одделот се доставени 10.249 барања или речиси 2% помалку од лани. Реализирани се следните барања:

- 1.381 барање за детекција на биолошки траги;
- 248 ДНК поврзување со лица кои не се осомничени за конкретно кривично дело (Cold Hit), 128 ДНК поврзување со лица осомничени за сторено кривично дело, 168 ДНК поврзување со посочени лица за елиминација, 24 ДНК поврзување помеѓу траги од различни кривични дела (Forensic Hit); 43 барања за споредбени анализи на ТПЛ со отпечатоци од лица;
- 830 барања за предизвикување траги од папиларни линии, 1281 барања за вештачење траги од папиларни линии; 115 идентификувани лица врз основа на траги од папиларни линии;
- 500 утврдени идентитет на лица со помош на идентитетна листа, 134 утврдени идентитети на лица дактилоскопирани во странство;
- 7.696 анализи од областа на наркотични дроги, 1781 токсиколошки анализи, 541 барања за вештачење од областа на микро-траги;
- 400 барања за вештачење од областа на огнено оружје и балистика, 72 вештачења на пожари, експлозии и експлозивни направи;
- 491 вештачење на механички траги и моторни возила, 123 вештачење на документи, 92 вештачења на ракопис и потпис, шест вештачења на отпечатоци од печат и штембил;
- изработени 5.850 фотографии од настани и видео материјали, 1580 барања за фото и видео документирање, 70 реализирани барања за обработка на видео материјал;
- 24 за репродукција на отпечатоци подигнати на фолии, пет барања за примена на техниката на фотограметрија, пет барања за препознавање лик;
- 174 барања за анализа на мобилни уреди (110 мобилни телефони, 86 СИМ картички и 4SD картички и сл.) и 260 барања за анализа на компјутерска опрема (десктоп и лаптоп компјутери, усб мемории и DVR уреди со вкупен капацитет од 19 TB).

## 3.6СЕКТОР ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА СОСТОЈБИ

Во 2024 година, во сите Сектори за внатрешни работи функционираа Центрите за известување и командување, додека во Регионалните центри за гранични работи функционираа Дежурните оперативни центри, со кои Секторот континуирано се информираше за сите безбедносни настани. Секојдневно беа изготвени Дневни билтени за важни безбедносни настани на територијата на Северна Македонија, за сите покарактеристични настани, телефонски и пат на СМС пораки, беа известувани надлежните раководни лица министерството, а за настани во кои беа инволвирани вработени во МВР, веднаш беше известен Помошник Министерот во Одделот за внатрешна контрола, квалитет и професионални стандарди.




На бесплатната телефонска линија „199” беа пријавени седум случаи на недозволени, незаконити, криминални или коруптивни однесувања, а на бесплатната телефонска линија „080000201” (линија за пријавување на лихварство), во текот на 2024 година беа пријавени десет пријави. Апликацијата „Црвено копче”, од март до декември 2024 година, поради технички причини не беше во употреба, а во јануари и февруари 2025 година, пријавени се 10 случаи.

Исто така се вршеше експедиција на службена пошта низ цела држава, дистрибуција на итна и редовна службена пошта до Кабинетите на Претседателот на Влада, Претседателот на Собранието, Министрите во Владата, Пратениците на Собранието на Северна Македонија и други државни институции како и дистрибуција на службена пошта во сите организациски единици на МВР.

Со цел заштита на вработените и објектите, во кругот на Министерството, во просториите на Секторот за известување и координација на состојби лоцирана е **Противпожарна централа (алармна централа),** која е поврзана и ги процесира сигналите од сензорите за пожар лоцирани во повеќе објекти во кругот на МВР и испраќа сигнал до пожарната сирена. Истата е постар систем на ПП централа и во текот на 2024 година извршени се три проверки и сервисирање на системот за дојава на пожар.



Во јуни 2024 година се отпочна со имплементација на проектот надградба на системот **Безбеден град**, при што извршени се промени на камери за препознавање таблици, на подрачје на Град Скопје инсталирани се хардвери и софтвери и извршена е промена на старите со нови камери, а поставени се и нови сајтови. Отпочнато е со инсталација на камерите за брзина и поминување на црвено светло, кои имаат двојна функција, а поставена е по една работна единица во Куманово и Тетово, кои ќе бидат пуштени во функција по замената на старите камери со нови и по завршување на обуката на вработените.

## 3.7 ОДДЕЛ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ПОЛИЦИСКИ ОПЕРАЦИИ

Одделот за специјални полициски операции, самостојно или во соработка со другите организациски единици, координирано и плански преземаше превентивни и оперативно-тактички мерки и активности кои се во надлежност на единиците кои се во негов состав, при што истовремено беше насочен и кон унапредување на системот за раководење, командување и контрола.

Во 2024 година, Одделот активно беше вклучен со сили и средства за реализирање на мерките, задачите и активностите во рамки на повеќе оперативни акции, а согласно оперативен план преземени се и активности за соработка и поддршка помеѓу МВР и Армијата на Северна Македонија по однос на кризната состојба која е прогласена во врска со состојбата во затворот КПУ Идризово. По барање на Центарот за управување со кризи, единиците на Одделот активно беа вклучени во спречувањето и гаснењето на пожарите на територијата на целата држава, а Одделот постапуваше и по барања за асистенција при обезбедување на спортски натпревари, јавни протести и други настани и манифестации кои имаат висок ризик или се од државен, културен или верски карактер, при што продолжени се и активностите за зајакнато надворешно физичко обезбедување на КПУ Идризово и КПУ Скопје.







Одделот беше ангажиран и за вршење на 91 асистенција по барање на судовите и КПУ, а во соработка со останатите служби во МВР преземаше соодветни активности во акциите за спречување на недозволената трговија со дрога и оружје, трговија со луѓе и криумчарење мигранти, учествуваше во обезбедувањето на високи делегации, а нуркачите и алпинистички тимови беа вклучени и во активности за спасување во специфични услови и терени.

Покрај ова, припадниците на ОСПО учествуваа во организација и спроведување на меѓународни вежбовни активности,кампањи, хуманитарни и крводарителски акции. Во текот на годината преземени се и активности за персонално пополнување на единиците со нов и соодветен кадар, при што тековно се реализираат и обуките кои се поврзани со извршување на работните задачи. Преку своите припадници, Одделот континуирано вршеше контрола и надзор на работата на своите единици и со предлог мерки го зголемуваше квалитетот на работењето.

## 3.8 ОДДЕЛ ЗА ЗАШТИТА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ

Одделот за заштита на определени личности и објекти преземаше мерки и активности согласно делокругот на работата за обезбедување највисоките државни претставници, странски делегации и манифестации, странските дипломатско-конзуларни претставништва и нивните резиденции во Северна Македонија, како и објекти од посебно значење и државен интерес.

Во извештајниот период преземени се мерки и активности за обезбедување на странски делегации и манифестации кои се одржуваа на територијата на Северна Македонија и тоа девет делегации од прв степен, 15 делегации од втор степен, 22 делегации од трет степен, 53 делегации од четврт степен, 29 акредитации, обезбедување на 36 транзити низ територијата на Северна Македонија, 47 манифестации или вкупно 211 настани.

Покрај ова, Одделот врши посебно обезбедување и на возовите кои сообраќаат низ територијата на државата.

| ПОЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО 2024 ГОДИНА: |
| --- |
| ✓ во јули 2024 година се одржа манифестација Галичка свадба 2024 година; |
| ✓ прославата на националниот празник Илинден 2024 година; |
| ✓ официјална посета во Охрид од страна на делегацијата од Р. Унгарија предводена од Претседателот на Владата на Унгарија, Н.Е Г-дин Виктор Орбан. |

**Табеларен приказ бр.45- Активности и учество на настани на ОЗОЛО**

## 3.9 ОДДЕЛ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНИ ЕДИНИЦИ





Одделот за воздухопловни единици во текот на 2024 година преку хеликоптерската единица за полициски намени и хеликоптерската единица за посебни намени, ги спроведе сите работни задачи кои како обврска произлегуваат од секојдневните, редовни работни активности на Министерството.

Уредно и безбедно се реализирани сите оперативни летачки задачи за потребите на организациските единици на Министерството како и на надворешните корисници, за што во тековната година реализиран е вкупен налет од околу 438 летови односно 273,20 часови. Од вкупно планираниот налет за тренажа за 2024 година, кој изнесуваше 451,50 часови реализиран е налет во износ од 546,40 часови. Поголемата реализација од планираниот налет се должи на кризната состојба со пожарите кои ја зафатија целата територија на Северна Македонија.

За одржување на достигнат степен на обученост и летовите за обука, извршени се и 345 оперативни летови, за потребите на организациските единици во Министерството, како и за потребите на Центарот

за управување со кризи при гаснење на активните пожари во текот на годината, како и потрагата и укажување помош на изгубени и повредени лица.

## 3.10 ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА



Единицата постапуваше по претходно доставени барања на организациските единици во рамки на Министерството во 1.059 случаи. Во 955 случаи, службените кучиња беа употребени за откривање на експлозиви и експлозивни направи, при што немаат детектирано постоење на експлозиви и експлозивни направи. Исто така, во 44 случаи беа употребени за откривање на опојни дроги, оружје, муниција и книжни банкноти, а во еден случај се употребени и за трагање по исчезнато лице. При ангажирање на водичи со службени кучиња за одредена специјалност во девет случаи пронајдени се банкноти, наркотични средства и огнено оружје.

| АКТИВНОСИ НА ЕДИНИЦАТА: |
|---|
| ✓ активно учество на терен за спроведување на „Претседателски и Парламентарни избори 2024”; |
| ✓ учество на регионален состанок во Драч и учество на регионален изложбен настан во Албанија; |
| ✓ учество на работилница во Словачка и на меѓународна вежба во Турција; |
| ✓ реализирани три модули за регионална обука, согласно проектот „Поддршка на националните власти во Северна Македонија во намалување ризикот од пролиферација на оружје и злоупотреба на мало и лесно оружје“. |

**Табеларен приказ бр.46- Активности на Единицата за службени кучиња**

## 3.11 СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна полициска соработка со прифаќање на меѓународните и европски стандарди за меѓународна полициска соработка ја врши улогата на Единица за меѓународна координација на органите за спроведување на законот во Северна Македонија, во која се обединети сите канали на меѓународна полициска соработка - ИНТЕРПОЛ, ЕВРОПОЛ, СЕЛЕК и странските офицери акредитирани за соработка со нашата држава, како и за македонските полициски офицери за врска, кои се упатени на работа во Генералниот Секретаријат на ИНТЕРПОЛ во Лион, Франција, во седиштето на ЕВРОПОЛ во Хаг, Холандија и СЕЛЕК центарот во Букурешт, Романија.

Годинава, МВР беше домаќин на Европскиот оперативен штаб, во рамки на меѓународната операција LIBERTERRA II, координирана од страна на ИНТЕРПОЛ, во која зедоа учество 116 држави од светот. Глобалната операција беше насочена кон идентификување, откривање и сузбивање на криминални групи кои се инволвирани во криумчарење мигранти, трговија со луѓе и други поврзани криминални активности.

Во Охрид во ко-организација со Регионалниот ИПА проект ЕУ4ФАСТ и ИОМ беше реализирана **„Симулациска вежба за размена на информации во реално време за криумчарење мигранти и трговија со луѓе долж Источно-медитеранската рута“,** на која учествуваа и претставници од Србија, БиХ, Бугарија, Грција, Молдавија, Косово, Албанија, Словенија, Турција и Црна Гора, чија цел е да се интензивира соработката, брза, ефикасна и непосредна размена на информации, во насока на ефикасно и навремено справување со предизвиците со кои се соочуваат сите држави на локално, регионално и меѓународно ниво.



**Интензивни активности се преземаа во делот на размена на информации со сите 196 држави членки на ИНТЕРПОЛ**, при што беа разменети 193.287 (175.885) пораки, или 10% повеќе од лани. МВР зеде учество на низа конференции и состаноци, како што се Генералното Собрание на ИНТЕРПОЛ во Глазгов, Шкотска, Европската регионална конференција во Тирана, Албанија, Конференцијата на шефови на НЦБ во Лион, Франција, Глобален состанок на контакт офицери во Лион и т.н.

Во 2024 година, доделен е мануелен пристап до порталот на ИНТЕРПОЛ, како и пристап до **I-24/7 системот на ИНТЕРПОЛ** до управните служби, со цел проверка на возила, кои се предмет на проверки на пред-регистрација на возила. НЦБ Скопје се приклучи во проект за тестирање на **мобилни уреди** на ИНТЕРПОЛ (проверка на возила и документи од страна на полициски службеници кои работат на терен). Во рамки на воспоставувањето на ABIS, се работи на поврзување на овој систем со **Biometric Hub** на ИНТЕРПОЛ со цел проверка на дактилоскопски материјали, ДНК и фотографии.

Преземени се активности и за доделување на пристап до базата на ИНТЕРПОЛ за **сексуална експлоатација на деца-ISCE**. Нашата држава се приклучи на **проектот „Disrupting Harm“ (Нарушување на злото),** кој ИНТЕРПОЛ го започна со цел да им помогне на институциите, како да испланираат и да дадат подобар одговор и градење на капацитетите на работниците за да го адресираат криминалот со on-line детска сексуална експлоатација и злоупотреба. Активно учество е земено и во рамки на работната група на ИНТЕРПОЛ за

сузбивање на финансиски криминал и корупција, размена на информации и откривање на криминални фондови, како и креирање на **сребрена потерница** како нова алатка на ИНТЕРПОЛ, чија цел е лоцирање и конфискација на криминално стекнат имот.

Земено е учество и во активностите на **АМБЕР Алерт Европа**, а зајакната е соработката со Генералниот Секретаријат на ИНТЕРПОЛ и земјите членки преку учество во **I-Familia** (нова база на податоци која се однесува на потрага на исчезнати лица и идентификување на пронајдени неидентификувани тела и делови од тела, преку биолошки материјал-ДНК профили од семејствата), како и распишување на соодветни жолти потерници за исчезнати лица и црни потерници за неидентификувани тела и делови од тела. Преку користење на оваа алатка, успешно е идентификуван леш пронајден во Словачка од лице за кое е утврдено дека се води како исчезнато во нашата држава.

Соработката со ЕВРОПОЛ се одвиваше континуирано, со континуиран пораст на обемот на разменети информации по криминални области, како и размена на информации поврзани со Проектите за оперативна анализа на ЕВРОПОЛ во кои учествува нашата држава, а бележиме значителен пораст во однос на мината година. Иницирани се 83 нови случаи, од кои 37 се покренати на билатерална, а 46 на мултилатерална основа. Разменети се 4.853 пораки, од кои 1.473 пратени и 3.380 примени пораки. Најголем дел од разменетите информации преку SIENA се од областа на недозволената трговија со оружје (28%), недозволената трговија со дрога (23%) и илегална миграција (18%). Најинтензивна размена на информации е остварена со ЕВРОПОЛ, Австрија, Германија, Франција, Хрватска, Украина, Босна и Херцеговина, Албанија, итн.

| | Нови случаи | Разменети пораки | Пратени пораки | Примени пораки |
|---|---|---|---|---|
| 2023 | 55 | 4.380 | 1.181 | 3.199 |
| 2024 | 83 | 4.853 | 1.473 | 3.380 |

**Графички приказ бр.40- Размена на информации и соработка со ЕВРОПОЛ**

**Воспоставен е заеднички истражен тим со Eurojust, Европол и Косово,** при што за одбележување е случајот реализиран во јули 2024 година со фалсификувани ковалници-евра, при што сузбиена е ОКГ, а запленета е и опрема за изработка на ковалниците и лишени од слобода се неколку македонски државјани.

Северна Македонија во април 2024 година, официјално стана членка на Проектот за оперативна анализа за оружје и експлозиви-**AP Weapons&Explosives, а** во јули е примена како придружен член на **AP Soya-**Проект за оперативна анализа за фалсификувани евра.

Во рамки на Центарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа - СЕЛЕК, реализирани се голем број на оперативни и проектни активности, а разменети се 3.596 оперативни информации. Во текот на оперативните состаноци кои се организирани и поддржани од СЕЛЕК разменети се 3.371 оперативна информација, помеѓу нашите и претставниците на земјите членки на СЕЛЕК. Разменети се 158 оперативни информации преку Националната контакт точка на МКД, кои се однесуваат на конкретни предмети и заеднички истраги. Офицерот за врска на Северна Македонија во СЕЛЕК, согласно своите овластувања, ги покрива и оперативните активности на Царинската управа, како дел од структурата на СЕЛЕК, а во рамки на оваа соработка разменети се 67 оперативни царински информации со царинските офицери. За обележување е што годинава МВР, врз основа на поднесени апликации до СЕЛЕК Центарот, доби две први годишни награди за две заеднички операции спроведени во 2023 година.




**Графички приказ бр. 41- Размена на оперативни информации со СЕЛЕК**

Во 2024 година, продолжија активностите за детектирање, следење и расветлување на состојбите и појавите во врска со лишување од слобода на лица за кои се распишани централни и меѓународни потерници, а воедно воспоставена е тесна координација и соработка со сите Сектори за внатрешни работи за постапување по приоритетните лица предмет на централни и меѓународни потерници за сериозни кривични дела.

